# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 ноември 2003 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ја отворам Четириесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Трифун Костовски, Ангел Димитров, Весна Борозан, Талат Џафери, Фазли Велиу, Али Ахмети, Хусеинџеват Хусеини, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Марија Којзеклиска, Ристо Пејовски, Орданчо Тасев, Сашко Кедев, Марјан Ѓорчев и Илјаз Халими, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Ве известувам дека министерот за транспорт и врски достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Илијас Халими, Јанаќе Витановски, Есад Рахиќ и Благородна Мингова - Крепиева.

Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Емилија Костадинова и Силвана Бонева.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Јордан Михајловски, Слободан Најдовски и Илија Китановски.

Министерот за финансии достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Замир Дика, Весна Борозан, Ангел Димитров и Никола Камчев.

Министерот за внатрешни работи достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Фатмир Асани, Зиди Џелили, Ѓорѓе Паљошковски и Ефтим Манев.

Министерот за здравство достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеничката Ана Андова.

Министерот за локална самоуправа достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Ѓорѓе Пажошковски.

Министерот за труд и социјална полилтика достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Никола Камчев, Благородна Мингова - Крепиева и Рафис Алити.

Министерот за економија достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Слободан Најдовски.

Министерот за одбрана достави одговор на пратеничките прашања поставени од пратениците Коце Трајановски и Орданчо Тасев.

Го молам пратеникот Илијаз Халими да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Бидејќи пратеникот Илијаз Халими не е тука ова ќе му биде доставено по писмен пат.

Го молам пратеникот Јанаќе Витановски да се произнесе дали е задоволен добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Не е тука ни пратеникот Јанаќе Витановски.

Го молам пратеникот Есад Рахиќ да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнителни прашања.

Ни пратеникот Есад Рахиќ не е присутен.

Ја молам пратеничката Благородна Мингова-Крепиева да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеничката Благородна Минова - Крепиева.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА-КРЕПИЕВА:

Иако на моето прашање за конкретни податоци дали се покренати и колку кривични пријави во врска со незаконското градење, точните податоци ги немам, но Министерството има одговорено кои се мерки ги покренува, со оглед на фактот дека

во последниве месец-два бројни се интервенциите на инспекцијата. Така што одреден број на случаи на територијата на Скопје и во општината од каде што произлегувам се разрешуваат, а со самиот факт дека на наредната седница имаме пакет на закони од оваа сфера, јас сум задоволна од одговорот на министерот за транспорт и врски и нема да поставам дополнително прашање.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Еве господинот Јанеќе Витановски е тука, па затоа го молам пратеникот Јанаќе Витановски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Повелете господине Јанаќе Витановски.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Моето прашање беше поставено до министерот за транспорт и врски, а се однесуваше на делницата Е-75, односно на изградбата 3,5 километри асфалтен пат, тоа е пред Неготино, што остана недоизграден.

Од одговорот што го имаме се вели дека овој пат ќе се гради и дека е склучен договор со Европската инвестициона банка на два милиони и двеста илјади евра, меѓутоа овде не вели кога ќе отпочне. Моето прашање беше кога ќе отпочне оваа изградба, бидејќи на овој дел од патот што е 3,5 километри пред Неготино се случуваат тешки сообраќајни несреќи и имаме 3-4 жртви. Овде не го гледам министерот за транспорт и врски....

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи министерот за транспорт и врски не е тука, ова додатно прашање би можеле да го упатиме писмено да одговори.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ>

Ја молам пратеничката Силвана Бонева да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе,

Би сакала да напомнам дека одговорот на моето пратеничко прашање што го поставив на 25.09. туку што пристигна, сеуште го немам дочитано и би апелирала за поголемо почитување на институтот пратенички прашања и навистина да имаме време, како што е рокот што се дава, во кој што Владата треба да одговори, да ги добиеме одговорите и да можеме да ги прочитаме, да можеме соодветно на тоа или да поставиме дополнително прашање или да го кажеме нашето мислење. Не може пред седницата да ги добиеме одговорите и веднаш да знаеме што да одговориме. Си има рок, според деловникот, во кој што треба да бидат доставени одговорите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Оваа примедба ја прифаќам, но кога ќе ги завршиме овие писмени одговори, можете да се јавите за збор дали сте задоволни од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Да, благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ја молам пратеничката Емилија Костадинова да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеничката Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Благодарам господине претседателе, почитувани министри, претставницид на Владата, почитувани пратеници,

Благодарам што после пет месеци добив одговор на моето пратеничко прашање. Причините за ваквото доцнење не ми се познати.

Од одговорот делумно сум задоволна, со оглед на тоа дека за сето она што е констатирано, односно за тие станови за кои што се однесуваше прашањето, становите на железничката зграда на ул.”Стале Попов” број 9 Скопје, од вкупно 18 станови, кажано е кои се дадени согласно законските прописи а за кои се води постапка, со оглед на тоа дека 10 станови се доделени под закуп со право на откуп, иако тоа не било дозволено со ниту еден пропис. Надлежната комисија ги прогласија тие решенија за ништавни и сега, во одговорот нема одговор дали корисниците се иселиле, или само решенијата се прогласени за ништавни. Потоа, за три станови што се диво вселени, одговорено е дека се преземени законски мерки истите да се иселат. Дали во меѓувреме се иселени, нема одговор, дали се ослободени од оние

кои диво се вселиле? За 11 станови Јавното правобранителство на Република Македонија повело постапка за поништување на склучените договори за купопродажба. До каде е тоа дојдено, дали во меѓувреме се тие исто така поништени? Исто така, за 39 решенија Јавното правобранителство повело постапка за поништување на договорите, поради утврдени неправилности.

Ако може, ако е присутен тука министерот да добијам дополнителни одговори на тие прашања.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дополнителното прашање го барате писмено или ....

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Ако може усно, ако не писмено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Овде е испратено до Владата.

Во име на Владата ќе одговори министерот без ресор господин Владо Поповски.

ВЛАДО ПОПОВСКИ:

Во дадениот одговор од Владата на Република Македонија што и мене не ми е познато од кои причини е дури денеска доставен, бидејќи според моите информации беше доставен од Владата на Република Македонија еден ден пред одржувањето на минатата седница, значи пред месец и нешто. Со право ова прашање подолго време, поточно речиси една година предизвикува посебен интерес и на пошироката јавност. Во оваа прилика, во најконцизни црти ќе се обидам со само неколку реченици да ве приближам до целосната слика на тоа што се случувало по доделувањето на становите на ул.”Стале Попов” број 9 во непосредна близина на железничката станица или од спротива, ако сакате, што велам подолго време предизвикува внимание.

Всушност се започна есента минатата година, поточно на 17 септември кога Владата на РМ на една од своите седници донесува еден акт наречен Програма за дополнување на Програмата за изградба, продажба и одржување на станови во сопственост на Република Македонија за 2002 година. Всушност, се носи дополнителен акт според кој се дозволува продажба, меѓу другото и на становите на ул. “Стале Попов” број 9, со тоа што, ако може да стане збор за критериуми, со единствен критериум дека на тоа ќе имаат предност само луѓето кои живеат во тие станови, значи кои моментално ги користат.

Меѓутоа, тука работата не е завршена. Некој се исплашил евентуално дека Парламентот може брзо да биде конституиран, па мора да се побрза и работата да се заврши. Во таа смисла, на сцена стапува куќниот совет на ул.”Стале Попов” на зградата и меѓу другото до надлежната комисија на Владата на Република Македонија достави барање на 25.09.2002 година, кое што заради прецизност сакам да го прочитам:

“Куќниот совет на станови во зградата што се наоѓа на ул.”Стале Попов” број 9, влез 2, како и службените станови од влез 1 на истата зграда предлагаат да Комисијата ги измени решенијата за становите што се доделени на нас станарите за службени потреби, согласно Програмата за продажба на станови од страна на Владата на Република Македонија.

Изменетите решенија (значи точно нагласуваат) треба да гласат за закуп со откуп, согласно условите што ќе ги определи надлежниот орган ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.

Ова го предлагаме со цел за да можеме да покренеме постапка за склучување на договорите за купопродажба”.

И, се разбира овие од Комисијава едвај чекале, значи истиот ден 25 септември, се донесени 32 решенија, при што првобините решенија што биле дадени за службени потреби, значи со право на закуп, се трансформираат и за закуп, но со право на откуп. И така, работата си продолжува до оваа бројка од 50 и некој стан, значи решенија се издаваат во континуитет на 26, 27, 1.10., 2.10, 3.10 па дури и 15.10, иако, барем така носи број решението, иако претходниот претседател се заборавил дека на 3.10, барем колку што ми е мене познато овој Парламент беше конституиран. Па, во таа смисла, согласно законските прописи престануваат сите други функции на оние кои се избираат за пратеници.

Се разбира оваа програма има одредени, доста недоследности, нелогичности, бидејќи основната нелогичност е во тоа што истата не е во согласност со Законот за домување, бидејќи со оваа изменета Програма за дополнување на претходната програма се дозволува правото на откуп, иако Законот за домување за цело време го третира правото на закуп, што значи во овој случај службените станови се со една програма, што е спротивна на закон, се дозволува да бидат продадени на дотогашните носители.

Во брзината, што побрзо да се стигне до целта се направени серија други грешки, во смисла на тоа дека со вторите решенија се поништени претходните, ама не се знае кое претходно. Па, јас би го замолил во таа смисла, нека не ми биде замерено, господинот Ѓорѓи Трендафилов, актуелен пратеник да си го погледа своето решение, точката 5, второто негово решение па нека види што се поништува со тоа второ решение.

Исто така, во брзината да се заврши работата одредени решенија не биле доставени до корисниците, па на таков начин ни беше олеснета по малку работата, бидејќи без некој поголем проблем истите ги пништивме.

Во таа смисла, ценејќи дека се направени сериозни пропусти што се во спротивност со законските прописи, поточно речено со Законот за домување, Комисијата во два наврати ги поништи сите овие решенија што се дадени со закуп со право на откуп, при тоа Комисијата заклучи, а тоа и ќе го направи, сите оние луѓе кои по било основ имаат службени функции, имаат функции а се во согласност со членот 34 од Законот за домување, становите ќе продолжат да ги користат се до завршувањето на нивната функција.

Инаку, тоа што беше предмет, конкретно интерес на пратеникот, се разбира се работи за постапки, во смисла Јавното правобранителство ги презема тие постапки, оние што се диво вселени се преземени постапки од Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор, а овие решенија, околу 39 што ние ги поништивме деновиве ќе ги добијат нивните сопственици. Јас не пледирам дека за еден ден како што тоа било направено на 25 септември минатата година ќе можеме да ги направиме и да ги издадеме тие решенија.

Исто така,сакам да ве информирам дека Комисијата на укажување на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор и по свое видување, оценувајќи дека одреден број на решенија се надвор од Законот за домување, поточно надвор од членот 34, до сега огласи за ништавни околу 40 решенија, а тоа ќе го прави и понатаму во континуитет.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Есад Рахиќ, да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнителни прашања.

Тука е претставникот.

ЕСАД РАХИЌ:

Почитуван претседателе, драги колеги, почитувани претставницид на извршната власт,

Јас имам добиено одговор на две преашања од министерот за транспорт и врски во врска со прашањето за легализација на дивоградбите.

Од тоа што го прочитав, бидејќи го добив сега непосредно пред седницата, гледам дека Министерството има намера со законски проект да реши барем дел од овој голем проблем и тука можам да кажам дека делумно или во однос на техничкиот одговор сум задоволен. Како ќе биде ќе видиме во наредната година.

Што се однесува до првото прашање, за мене како технички одговор можам да го прифатам, меѓутоа би дал еден кус коментар.

Се работи за барање на Друштвото за трговија, услуги, спортски активности со мешовите сопственост ЗАПДО Скопје која што во соработка со една странска фирма инвеститор побараа од подрачната единица на Министерството за транспорт и врски Кисела Вода да им се додели локација за изградба на терени за голф. Локалитетот, според урбанистичкиот план е предвиден за изградба на зеленило. Бидејќи моментално на тој реон се наоѓа една депонија, ѓубриште, сметам дека во конкретниот случај можеби можело да се направи една промена на урбанистичкиот план за да се додели ова земјиште за изградба за терени за голф, бидејќи гледајќи го голфот како спорт, се одвива на зелени терени, така што не би имало некоја голема промена. Особено е битно затоа штго во конкретниов случај се работи за инвестиција од околу милион американски долари и можност за вработување нови лица.

Затоа би го замолил министерот на соодветното министерство, во иднина за вакви случаеви да покажат малку поголема флексибилност во решавањето на ваквите проблеми.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Нема дополнително прашање.

ЕСАД РАХИЌ:

Нема.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Замир Дика да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии или сака да постави дополнително прашање.

Господинот Замир Дика не е тука.

Ниту госпоѓа Весна Борозан е присутна.

Ниту господинот Ангел Димитров е тука.

Го молам пратеникот Никола Камчев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Никола Камчев.

НИКОЛА КАМЧЕВ:

Благодарам господине претседателе,

Од одговорот на министерот за финансии делумно сум задоволен бидејќи во одговорот се опфатени оние одредби од Законот за антикорупција и од Законот за избор на пратеници. Меѓутоа моето прашање беше конкретно поставено, заради тоа што не добив одговор сакам да поставам дополнително прашање конкретно за продажба на пакет акции на берза, со одлука на Агенцијата за приватизација на Република Македонија.

Пакетот акции е продаден на 1 август 2002 година. Не заради тоа дали е тоа правилно или не, меѓутоа последиците од таквото продавање и сега ја вознемируваат радовишката јавност, бидејќи година дена се водат судски процеси и стана “рашамонијада” бидејќи едни одлуки се однесуваат и ги добиваат акционерите на АД “Декортекс” - Радовиш, а другите процеси ги добиваат купувачите. Еднаш се досудува да влезе новиот газда во фабриката, потоа се стопираат таквите извршувања и се донесуваат нови одлуки.

Моето дополнително прашање е - Кога ќе се знае дали оваа продажба на “Декортекс” - Радовиш е легална или не е легална и кога, ако е легална новиот газда може да влезе да си јаземе фабриката или кога ќе му се каже дека тој нелегално ги

купил тие акции, така што тие остануваат на досегашниот управувачки тим и одреден број на вработени.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Почитуван претседателе, господин Камчев на дополнителното прашање ќе ви го дадам следниот одговор.

Со оглед дека вашето прашање упатува од аспект на легалност на извршената продажба на државниот капитал во Декор Текс, само од аспект на тоа дали е легитимноста согласно со рокот во кој се продадени државните акции, а не и од други агли гледано.

Согласно со Законот со оглед дека не смее да се оутѓи еден државен капитал само во рок од 30 дена додека трае изборната кампања во Република Македонија со законите за избори е утврдено дека изборната кампања трае 30 дена, изборите се одржаа на 15 септември, што значи дека изборната кампања е од 15 август до 15 септември и во тој момент не е легално државните органи да вршат оутѓување на државен капитал.

Со оглед дека е спомената датата, на 1 август дека е извршена трансакцијата на Берзата, од агол на датата во споредба со Антикорупцискиот закон каде што се утврдува кога не може да се оутѓува државен капитал очигледно трансакцијата е легална.

За другите трансакции на легалноста на таа продажба на државниот капитал ниту е прашањето поставено, така што од тој агол не можам да гледам.

Значи, мојот конечен одговор на дополонителното прашање, ако е трансакцијата, како што почитуваниот пратеник кажа извршена на 1 август, таа е вон од рокот кога не е дозволена трансакција и од тој агол гледано, само од аспект на датумот, таа е легална.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Јордан Михајловски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Министерството за земјоделството, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнително прашање.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани членови на Владата, колеги пратеници,

Моето пратенички прашање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство беше мотивирано од една состојба во која функционира агро берзата во Република Македонија односно на начинот како ги остварува релациите на соработка со земјоделските задруги и индивидуалните земјоделски производители во сферата на рекламата, пакувањето, пласманот на земјоделските производи.

Прашањето го поставив во конкретна форма во смисла на потребна трансформација на агро берзата, бидејќи вака како што е поставена и вака како што функционира, функционира по терк на минатиот систем.

Од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство одговорот е дека нема резерви во смисла на трансформација, меѓутоа јас дополнително би го прашал министерот за земјоделие, шумарство и водстопанство дали постојат конкретни иницијативи, дали е поднесена воопшто програма и дали има интерес во самата берза за потребната трансформација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали има коментар министерот?

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Да, прашањето е оправдано. До овој момент во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство нема стигнато предлог од Берзата за евентуална нејзина трансформација, за која што, според она што го дадовме во одговорот на пратеничкото прашање надлежно е Собранието да даде согласност, меѓутоа доколку таква програма стигне ние секако дека ќе ја поддржиме и ќе дадеме позитивно мислење, бидејќи навистина на Берзата и треба трансформација со оглед на новите околности кои се настанати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Слободан Најдовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство или има да постави дополнително прашање.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине претседателе, моето прашање до министерот за земјоделие се однесуваше за земјиштето кое се дава под закуп или концесија. За да бидам појасен е го прочитам, тоа гласи: “Колку земјоделско земјиште е издадено под закуп, концесија на територијата на општина Битола и новоформираните општини кои произлегоа од поранешната општина Битола - Бистрица, Новаци, Добрушево, Старавина, Кукуречани, Могила и Цапари”.

Во контекст на ова прашање барав одговор и на прашањата кои се субјектите што го користат тоа земјиште, на колку години е издадено земјиштето поединечно за секој субјект, и дали истото е во согласност со Законот и колку субјекти ги исполнуваат обврските кои произлегуваат од Договорот за закуп поединечно за секој субјект односно дали тие ги плаќаат обврските кои произлегуваат од Договорот.

Јас добив одговор на ова прашање, но одговорите не соодветствуваат на она што јас го барав во прашањето и со оглед на тоа што се бара поголем број на податоци барам од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во писмена форма да ми одговори на бараните податоци кои ги имав во поставеното прашање.

Ако министерот прифати на таков начин барам да ми се одговори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водстопанство

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Оправдан е приговорот на пратеникот за тоа што прашањата што ги има поставено не е конкретно одговорено, бидејќи се многу конкретни и јасни. Зошто тоа не е сторено ќе проверам, меѓутоа тврдам дека во Министерството постојат база на податоци за тоа кои субјекти го користат земјоделското земјиште бидејќи во изминатиот период таква банка на податоци во поглед на тоа формиравме, колку години е изедадено земјиштето, исто така постојат податоци, како и кои се субјектите и колку ги исполнуваат обврските, што исто така како податок го имаме.

Само за негова информација и за информација на другите да кажам во поглед на договорите за долгорочен закуп и концесија на земјоделско земјиште карактеристична појава е да преку 90%, ако не скоро сите не ги плаќаат обврските по Договорот што е основ за поведување на постапка за раскин на тие договори и во периодот што следува ќе ги провериме сите до еден и доколку не ги исполнат своите обврски, а тоа го направиле неоправдано ќе преземеме постапка за раскин и престанок на Договорот и доделување на тоа земјиште на друг.

До наредната седница пратеникот ќе ги добие конкретните одговори на поставените прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Илија Китановски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, или сака да постави дополнително прашање.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Од одговорот формално правно делумно сум задоволен затоа што одговорот на прашањето е до каде се активностите за водоводот во село Џепчиште и се сведува на формално правен одговор што треба да направи месната заедница за да почнат активностите за изградба на тој водовод.

И од тој аспект, од формално правен карактер на почетокот е одговорено дека Министерството не е надлежно за водоснабдување, а подоцна во вториот став вели дека во рамките на Програмата за ревитализација на селата може да учествува со средства кои се поттикнувачки за систем за водоснабдување, меѓутоа тоа не е толку битно. Битно е она што суштински треба да им го кажеме на граѓаните на Џепиште дека практично месната заедница ако се сака да им се помогне и ако се сака да се започнат тие активности мислам дека преголеми обврски и се даваат на една институција за која што сите знаеме во какви услови се нејзините можности, затоа што од неа се бара да има изготвено главен проект, да има обезбедено одобрение за градба, да има обезбедено водостопанска согласност и да ја има затворено финансиската конструкција и на крајот да изврши лицитација согласно Законот за јавни набавки.

Мислам дека не само за ова барање, а посебно за ова, бидејќи конкретно се работи за месната заедница во село Џепиште треба да има одредена координација од Министерството, или од министерствата, од Владата за одредена помош на месните заедници затоа што тие како институции во себе освен претседателот на месната заедница и луѓето кои што живеат таму, а од кои што никој професионално, ниту полупрофесионално може да се зафати со обезбедување барем на еден од овие документи, ако на ваков начин се пристапи, формално чисто тешко дека ќе можат луѓето да ја покренат иницијативата, а камо ли да дојдат до реални изгледи за изградба на водоводот, што им е од значење не само за селото туку и за училиштето, кое што основни услови за работа нема.

Ако сака министерот на ова дополнително прашање да ми одговори.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Тешко е да се одговори на прашање што однапред сугерира претпоставка што треба да се докаже дека постои. Еве конкретно за што станува збор.

Пратеникот во прашањето тврди дека е ветен водовод за дебарското село Џепиште, меѓутоа во Министерството нема податок дека таков водовод е ветен и врз основа на која постапка, пред кои органи и врз основа на каков документ односно

каква одлука. Меѓутоа без оглед на фактот што се поаѓа од тоа дека постои некое ветување, кое што е веројатно правно издржано ние се впуштивме во одговор на пратеничкото прашање и го дадовме она што мислиме дека треба да го дадеме.

Во рамките на Програмата на Министерството за помагање на руралниот развој, што е содржано и во одговорот стојат определени средства кои што се даваат на општините кои што ќе покажат интерес за изградба, или за доградба на системи за водоснабдување, меѓутоа врз основа на програма, врз основа на апликации и врз основа на заокружен систем на финансиски средства преку кои што Министерството од последната програма за развој и за рурален развој издвојува одредени средства. До овој момент освен она што е наведено во одговорот селото Џепиште такво барање,таква програма и таков заокружен систем на средства кои што треба да се набават нема. Не ми е јасно како е возможно да се дадат средства на некого врз основа на пратеничко прашање кое што не поставило апликација, не дало програма и не ја запазило процедурата.

Средствата за 2003 година од  Програмата се поделени на сите оние што барале според програмите и според потребите, меѓутоа селото Џепиште во 2003 година таква апликација нема. Доколку поднесе таква апликација, со издржана програма со условите предвидени во Програмата за наредната 2004 година во рамките на средствата обезбедени со Програмата секако дека ќе добие содветни средства доколку во текот на постапката и оценката на оправданоста на барањето, на издржаноста на проектот и програмите такво барање биде доставено и биде оценето од страна на Министерството како нужно, односно како барање кое што треба да биде финансиски потпомогнато.

Секој оној што побарал средства од таа програма и притоа доставил соодветно барање во издржана форма ги добил средствата во 2003 година. Дали такво барање Џепиште ќе поднесе за 2004 година останува да оценат луѓето од селото, меѓутоа доколку такво барање има ќе гоземеме во процедура и сигурно дека ќе одредиме средства за изградба на водовод за кој станува збор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Фатмир Асани да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Фатмир Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Добиениот одговор во писмена форма од министерот за внатрешни работи во врска со бројот на албанците вработени во Министерството за внатрешни работи, односно во Секторот за државна безбедност на Македонија мислам дека воопшто не станува збор за реалноста и воопшто не сум задоволен од одговорот.

Моето прашање беше многу конкретно, а одговорот е конфузен. Во писмениот одговор министерот изјавува дека бројот на албанците и раководните места на албанците е голем. Општиот број ја достигнува бројката од 30, 8%, што воопшто не е точно, можеби размислувал да прими уште албанци, но според информациите кои јас ги имам ситуацијата со вработувањето на албанците во овој сектор, станува збор за државната безбедност е следна.

На раководни места е еден заменик директор и еден началник во Секторот за организиран криминал нема ниту еден албанец на раководно место.

Доколку министерот мисли за началникот на работната единица во Тетово јас сакам да го спомнам дека началникот не е албанец по националност туку е македонец муслиман. Тоа го знае цело Тетово.

Во другите подрачни единици на државната безбедност во Западна Македонија никаде нема албанец на раководно место. Да го потсетам министерот дека во времето на комунизмот, станува збор за класичен комунизам не за неокомунизмот, албански кадри биле на чело во следните подрачни единици: Куманово, Гостивар, Тетово, Струга и Дебар, а сега иако постои Охридскиот договор сите овие подрачни единици на државната безбедност раководители се македонци.

Што се однесува до вкупниот број на албанците вработени во овие два сектори, доколку со име и презиме ги именуваме луѓето кои што се вработени таа бројка не ја надминува бројката од 14. Во првиот сектор имаме еден, во вториот сектор еден, во третиот сектор еден, во четвртиот сектор еден, во секторот 5 двајца, а во другите сектори ниту еден. Додека во подрачните единици еден во Куманово, два во Тетово, два-три во Гостивар, двајца во Охрид, во Скопје по еден, во скопските општини Центар и Чаир.

Конкретно дополнително прашање за министерот - Колку е процентот на албанците во државната безбедност, во Министерството и дали е постигнато ниво од 23% според Охридскиот договор бидејќи според нашите сознанија на раководни места имаме албанци 0,55%.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот за внатрешни работи Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Очигледно на пратеникот не му биле потребн официјални податоци затоа што фактички си има податоци и по се изгледа само сакал да си ги спореди со нашите дали се точни. Неговите незнам од каде се, меѓутоа нашите се тие бројки и тие се точни и никаде барем во неговото излагање, во писмениот одговор на Министерството за внатрешни работи не стои дека албанци во УБК сега има 38%. Напротив има само дека има 38 работници од албанска етничка припадност.

Прво, Рамковниот договор и очигледно е дека ДПА стално нешто дополнително си дочитува, си допишува и тн.

Прво, да ве потсетам денеска сме 27.11.2003 година Рамковниот договор во делот на полицијата има две одредби околу соодветната и правичната застапеност. Едната е како прв чекор во градењето на довербата во текот на 2002 и заклучно со 2003 година ќе се обезбеди вработување на најмалку 1000 припадници на полицајци кои што не се припадници на полицискиот дел. Значи од сите други националности кои не се припадници на македонците односно Србин, власи, албанци и тн.

Таа обврска и пред крајот на 2003 година Министерството за внатрешни работи ја изврши и во тој дел Рамковниот договор е постигнат.

Втората одредба која се однесува до Рамковниот договор на полицијата и соодветната и правичната застапеност е дека до крајот на 2004 година, значи уште година и повеќе од еден месец полициските служби генерално ќе го одразуваат националниот состав на Република Македонија. Бројките покажуваат дека оваа година некаде до крајот на годината, заклучно со 31.12. бројката на албанци во полицијата на ниво на МВР целокупно ќе достигне околу 14, а можеби и нешто повеќе проценти погоре.

Вон од Рамковниот договор и вон од обврските се токму приемот кој што овде го спомнуваат, кои што во одговорот се наведени на 30 инспектори кои што се пишани во одговорот и никаде не стои во Рамковниот договор.

Меѓутоа, напротив, заради подобро функционирање и на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Бирото за јавна безбедност и за градење на таа меѓунационална доверба одобрени се по 30 инспектори и во Управата за безбедност и контраразузнавање и во Бирото за јавна безбедност. Во самиот одговор е содржано, после проверките, значи тоа се луѓе со факултети, од нив 11 веќе се вработени како приправници и во тек е дополнителна постапка за дополнителни вработувања уште на 19 луѓе за Управата за безбедност и

контраразузнавање. Меѓутоа, уште едно погрешно читање, затоа што гледам дека пратеникот сега бара и во Управата за безбедност и контраразузнавање да се запази дека 23% треба да бидат албанци. Очигледно дека математиката му е слаба страна. Не може во секој оргаизационен дел да се претпоставува - тоа може да биде еден приод дека во секој организационен дел ќе има 23% и тогаш линеарно е исто. Меѓутоа не може да биде дека и во Управата за безбедност и контраразузнавање ќе бидат 23%, затоа што во некои други сектори, во полициските служби во Тетово, Гостивар, во делови на Скопје и т.н. е многу поголем бројот на албанци полицајци, односно над 23% или незнам колку ќе излезе. Значи, во Тетово се дури 35% и т.н. Според тоа, не може секаде да биде 23% или над тоа и тоа е обврска, повторувам уште еднаш што треба да се изврши до крајот на наредната година.

Второ и последно , на раководно место во Тетовската регионална управа на Управата за безбедност и контраразузнавање не се мислеше на новопоставениот началник, што е точно, не е албанец, туку е муслиман, меѓутоа, се мисли на друго раководно лице, затоа што назначувањето на новиот началник на Управата за безбедност и контраразузнавање на Тетово е фактички после изготвувањето на одговорот на ова пратеничко прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Зиди Џелили да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од минситерот за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Зиди Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, минситри,

Пред да преминам на одговорот на прашањето на министерот за внатрешни работи, сакам да побарам од Вас како претседател на Собранието да побарате одговор на моето прашање поставено пред една година и истото прашање пред два три месеци го поставил мојот колега Фатмир Асани, вов рска со среќата или судбината на вработените во Фабриката за пијалаци и Фабриката за цевки “11 Октомври”, кои се отстранети од работа затоа што не оделе на работа во текто на конфликтот во 2001 година.

Сега ќе преминам на одговорот на министерот за внатрешни работи.

Што се однесува до првиот дел од одговорот за бројот на личните карти што се издадени на два јазика, барам уште еднаш министерот да одговори дали се ова барања или лични карти што се издадени до сега, затоа што имам информации дека

се издадени помалку лични карти, и тоа околу 91 лична карта на два јазика, што значи за 7 месеци се издадени мал број на лични карти.

Што се однесува до вториот дел, а тоа е за пасошите, патните исправи, одговорто е нејасен и се вели, поради некои проблеми што се случуваа во меѓувреме се иницирани нови законски решенија, кои се во фаза на разгледување во Влада. Ние не знаеме кои се тие проблеми кои се појавиле во меѓувреме, меѓутоа, јас знам една работа. Имено, Законот кој што е донесен во ова Собрание треба да се реализира, треба да се почитува и граѓаните треба да се обезбедат и осигурат со патни исправи, согласно со Законот и наместо министерот да се занимава со ДПА и со цинизам да одговори колку ние знаеме математика, тој треба да се занимава со неговите конкретни работи и сите аномалии кои се појавуваат да ги реши, било да се работи за осигурување или други проблеми.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

И во одговорот е содржано во првиот дел  околу бројот на издадени лични карти, и сега повторно ќе ме обвините за цинизам, меѓутоа многу фино е напишано. Издадени се 9815 двојазични лични карти, па според тоа тоа писмо, тој одговор на вашето пратеничко прашање е заверен со мој потпис одзади и ние гарантираме за таа бројка што е наведена во писмото. А 91 - можете да прошетате низ град, ќе најдете толку. За бројката содржана во одговорот на пратеничкото прашање гарантираме со потписот и печатот на Министерството за внатрешни работи и многу јасно пишува “издадени”.

Второ, околу Законот за патни изправи, точно е дека законот е донесен и можеби е пропуст и на Министерството за внатрешни работи, но околу примената, затоа што во делот на техничкото опремување набавени компјутери и поставени во сите градови каде што очекуваме поголем број на издавање на пасоши, вработени референти за издавање на патни исправи и лични карти дополнително на албанци и т.н. Она што го видовме во пробното испишување со употреба за зборот на англиско-латинско писмо, очигледно е дека и ние во Министерството, а и ние со усвојувањето на Законот направивме една грешка која ни создава практични проблеми. Ќе го илустрирам низ следното.

Испишувањето на личните податоци во образецот на патната исправа и кај албанците и кај македонсците, србите и т.н., во кои се употребуваат специфични букви кои не се одраз на она што е одраз во албанската азбука или македонската

азбука - да кажеме буквите Ш, Ч, Ѓ и т.н., очигледно е дека соприменета на она што го имавме како законско решение, односно англиската латиница ќе имавме состојба сите во Македонија да бидат незадоволни од таквото решение. Тоа значи на пример, еве ќе го спомнам заменикот претседател на Владата, Муса Џафери ќе беше испишувано со ДЖ и т.н., што е спротивно на она што го сакаат албанците со ЏХ и т.н. Или Ѓорѓевиќ, ќе го искршите јазикот за да го прочитате името како што е напишано.

Според тоа, во псотапка пред Владата е предлог за изменување на тој Закон, предлогот до Владата ќе оди со воведување на стандардна ИКАО кој ги содржи сите букви кои можат да обезбедат правилна транслитерација и од аспект на латиницата за правилно испишување на албанските имиња и презимиња, и макеоднските, српските и т.н.

Предлогот за изменвуање и дополнување на тој Закон ќе биде поднесен и ќе биде разгледан на седница на Владата, не во овој понеделник што доаѓа, туку во наредниот и пота ќе биде доставен во Собраниска процедура. Според тоа, тоа е објаснувањето за овој проблем што го имавме со патните исправи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само мало објаснување на првиот дле од вашиот коментар. Навистина овде имаме многу неодговорени прашања од Владата. Претходниот претседател на Собранието истото тоа го напомена и рече дека ги препратил, еве сега е министер во Владата и ќе помогне тие рпашања да се одговорат. Ние ќе ги препратиме и повторно ќе ја потсетиме Владата колку неодговорени прашања за подолго време останаа.

Го молам пратеникот Ѓорге Паљошковски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ѓорге Паљошковски.

ЃОРГЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги, почитувани министри,

Од дадениот одговор на моето прашање од страна на министерот за внатрешни работи не сум задоволен. Одговорот не е во согласност со Законот за лична карта и Законот за пријавување живеаиште и престојувалиште и тоа поради следното.

Личната карта како јавна исправа може да ја има граѓанин на Република Македонија со државјанство на Република Македонија и во никој случај не може да не му се издаде лична карта на државјанин на Република Македонија .

Министерот во одговорот на прашањето наведува дека подносител на барање за лична карта треба да биде државјанин на Република Македонија , да има живеалиште во Република Македонија и со истата да се докаже идентитетот на лицето. Министерот го цитира Законот за пријавување на живеалиште и престојувалиште, па појаснува дека лице кое се иселило повеќе од три месеци во странска држава за извршување на времени работи, такво лице не може да добие лична карта, доколку истата е истечена, загубена или оштетена. Таквото толкување на Законот за приавување на живеалиште и престој е бидејки таквата одредба дава обврска на таквите граѓани да го пријават одењето во странство, а не да го објават местото на живеење и да пријават друго место на живеење.

Во ваков случај, го молам министерот да ми даде одговор на селдното дополнително прашање.

Врз основа на што државјанин на Република Македонија може да биде без лична карта. Кога тоа се казнува според Законот за лична карта и како граѓанин на Република Македонија со што ќе се легитимира во Република Македонија и со што ќе ги оствари своите права во Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министре Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

За толкување на законот не сме ниту ние надлежни ниту пратеникот и ние стоиме зад ова наше мислење околу законот, затоа што документот, личната карта, со неа се докажуваат идентитетот, државјанството и живеалиштето на граѓаните. Дури, во своето прашање спомна како оној човек што ќе отиде во странство, тоа е регулирано и мора да се гледа со исполнување и на условите од Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните.

Според тоа , документот лична карта е потребен и на Министерството за внатрешни работи и на Управата за јавни приходи и други, меѓу другото за да го докаже точното место на живеалиштето на граѓанинот. Според тоа, човек што отишол подолго време, над три месеци во странство, очигледно нема живеалиште на таа лична карта која до тогаш ја имал.

Според тоа на дополнителното прашање, како може да нема лична карта - значи може да нема лична карта ако отишол во странство, не ја пријавил промената

на живеалиштето или престојувалиштето, повеќе од три месеци е таму, во тој период да му истекла личната карта и во одговорот на пратеничкото прашање е објаснето, доколку се врати повторно и живее тука и го пријави живеалиштето во Република Македонија , со ситна документација околу запишувањето на деца во образовна институција, здравствена институција, вработување или поседување на сопствена фирма и т.н., повторно ги исполнув аусловит еи ќе добие лична карта. Меѓутоа, личната карта е документ кој покажува во моментот каде се наоѓа живеалиштето на граѓанинот. Кога не би имал лична карта - во врска со дополнителното прашање, сигурно кога тој престојувал надвор имал македонска патна исправа и со пасошот може да го докаже својот идентитет. Според тоа, повеќе се работи за примена и на обврските на граѓаните според законски прописи да си постапуваат според законите за да немаат потоа проблеми.

На крајот за толкување, ако некој смета дека ние погрешно го применуваме Законот, тогаш може да се обрати и до Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија за да даде соодветно толкување на законскит еодредби.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Ефтим манев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од минситерот за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Одговорот на министерот за внатрешни работи дава едни реални состојби колку лица работат во Управата за безбедност и контраразузнавање и причините за истите кои се отпуштени сега, дека истите лица кои се отпуштаат, бројка 54, претставуваат вишок во тој орган, а тој вишок дошол од таму што во 2001 и во 2002 година биле примени околу 84 такви работници и за нивното отпуштање министерот вели дека се темели токму на таа бројка, но во одговорот не е дадено дали во тој временски период имало потреба од нивно примање или не, но сепак тие биле примени.

Сметам дека се точни бројките и податоците и на нив немам забелешки, но мојата забелешка и дополнително прашање до минситерот би била следната:

Дали Управата за безбедност и контраразузнавање во сегашната состојба во Република Македонија , кога имаме и текако криминално однесување од секаков вид и облик, и во тој досегашен период со таквата бројка, тие луѓе што се отпуштаат од

работа се исклучиво оперативци, имаме не мал број на деликти, неоткриени, и по нивното извршување уште помалку сме имале сознание за подготовките за извршување на такви кривични дела, и нивното извршување да биде попречено, а сега Министерството за внатрешни работи односно министерот со неговите соработници констатирал дека таа бројка е голема и дека ќе може да ја извршува работата со намален број работници.

Би сакал да ми одговори дали бројот на вработени во Управата за безбедност и контраразузнавање, кој за сега останува, е доволен за извршување на сите оперативни дејствија и дали во иднина не ќе има потреба од вработување во Управата за безбедност и контраразузнавање, барем нека ми изнесе за година, две или три, или отпуштањата на овие работници оперативци, кои според мене во овие две години сепак се обучени, се отпуштаат поради тоа што се примаат во едно друго време, во едно друго владеење на друга партија.

Толку би имал како прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор Хари Костов министер за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас ќе почнам од крајот, затоа што токму инсинуацијата дека се отпуштаат оние што биле примени во друго време е содржана во одговорот. Во тоа друго време беа примени 84 лица. И ако некој мислеше дека тоа е основниот критериум да ги бркаме тие што биле примени друго време, ќе беа бркани 84 лица, а не 54. Меѓутоа, и во одговорот е јасно содржано дека токму управата за безбедност и контраразузнавање токму и од аспект на преклопување на определени функции помеѓу УБК и БЈБ, самата утврдила вишок од над 50 и кусур луѓе кој што беше доставен да кажеме и дека нема никаква потреба од тие луѓе во Управата за безбедност и контраразузнавање. И со евентуално префрлување во БЈБ во кое што па и навистина, значи, ако нема потреба, нема потреба некако само да се селат луѓето. Значи, не се работи за никакво отпуштање од работа на луѓе, заради тоа што биле примени во некое претходно време, затоа што да беше така ќе беа поголем број отпуштени, туку токму напротив оние луѓе за кои поединечно по работно место е утврдено дека нема потреба. Оценката дали, прашањето дали ќе бидат доволни? Ќе бидат доволни затоа што постојниот број на вработени во Управата за безбедност и контраразузнавање во овие услови на безбедносна состојба на РМ и со зголемена соработка и координација помеѓу Управата за безбедност и контраразузнавање и Бирото за јавна безбедност без преклопување на определени

работи кои што досега се случуваат, мислам дека ќе бидат доволни, освен доколку, значи чувајќи го единствено делот кој се однесува на соодветната и правичната застапеност како обврска од Рамкмовниот договор и од Уставот на РМ и доколку во наредниве години не дојде до некакви драстични нарушувања на безбедносната состојба во РМ што е евентуално дополнително согледување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ја молам пратеничката Ана Андова да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за здравство, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор Ана Андова.

АНА АНДОВА:

Благодарам господине претседателе, му благодарам на министерот Селмани за одговорот на моето прашање. Би сакала да изразам задоволство што е иницирана постапка и што се преземени конкретни активности за разрешување на прашањето. Иако како што тоа е кажано во одговорот нема некоја директна надлежност на Министерството за здравство. Токму заради тоа во одговорот наоѓам препознавање на морална обврска преземена од страна на Министерството и која верувам дека ќе резултира во конкретна реализација.

Прашањето се провлекува верувале, или не, цели 24 години, сосема ирационално, комплетно неоправдано без да постои фактички, или правен проблем. И се надевам дека на задоволство на пензионерите од општина Кавадарци ќе има конечна разрешница и тие ќе си ги добијат своите простории. Можеби некому му изгледало ситно, или неважно прашањето, можеби затоа и толку долго време чекало разрешница и било занемарувано, меѓутоа, ситните и секојдневните потреби и нивното задоволување го прават животот, па во тоа име се надевам дека и заедно ќе го одбележиме тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи нема дополнително прашање, одиме на следното.

Го молам пратеникот Ѓорѓе Паљошковски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за локална самоуправа.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Процедурално. Господине претседателе, јас се извинувам,  но вие завршивте со овие кои што се писмени одговори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не сме завршиле. Следете ја седницата.

Го молам пратеникот Ѓорѓе Паљошковски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за локална самоуправа, или сака да постави дополнително прашање?

Има збор пратеникот Ѓорге Паљошковски.

ЃОРГЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги, почитуван министри.

Делумно сум задоволен од одговорот на министерот за локална самоуправа со забелешка во неговото искажување не е кажано колкав е бројот на посетените општини во Република Макдонија.

Поставувам дополнително прашање, кои општини се посетени од страна на министерот за локална самоуправа и какви се потенцијалните можности на тие општини според неговите согледувања. Дали министерот може да даде проценка на развојот на новоформираните општини од 1996 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор Александар Гештаковски, министер за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине пртседателе, почитувани пратеници, јас не сватив дали пратеникот бара дополнително прашање. Јас на неговите укажувања би кажал дека министерот за локална самоуправа често контактира со градоначалниците и посетува голем дел на општини. Би можел да кажам дали сите општини, или колкав број. Пратеникот бара изрично од мене да кажам кои општини сум ги посетил во мандатот за година, или година и три месеци. Во одговорот е укажано дека посебните тела и јас како министер контактираме и посетуваме општини.

Што се однесува на другиот дел, доколку го формулиравте како дополнително прашање спремни сме да одговориме во делот на новосоздадените општини, ако мислите од 1996 година. А во делот на капацитетите, во делот на критериумите кои ги укажавме кои општини ги исполнуваат тие критериуми врз основа на базата на податоци која постои во Министерството за локална самоуправа, врз основа на можните податоци од економски аспект, од општествените дејности, инфраструктура, сигурно во Законот кој ќе биде презентиран пред Парламентот ќе бидат во образложението дадени сите услови на оние општини кои ги исполнуваат критериумите и одредени општини кои не ги исполнуваат критериумите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ја молам пратеничкатај Благородна Мингова -Крепиева да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика, или сака да постави дополнително прашање?

Збор има пратеничката Благородна Мингова - Крепиева.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА КРЕПИЕВА:

Благодрам претседателе, само за потсетување, моето прашање е поставено на минатата сесија пратенички прашања. Се однесуваше на конкретна категорија граѓани, поточно оние граѓани кои го имаат завршено својот работен век, а изгубени сеуште во лавиринтот на судските постапки кои траат две до три години, сеуште не можат да го остварат правото за пензија. Одговор кој го добив од министерот за труд и социјална политика ни посочува на одлуката на Владата со која сите сме запознаени за можноста тие обврски фирмите да ги платат најмногу до 36 рати што значи, дополнителни три години чекање на остварување на ова право. Можноста исто така повторно да се поведе судски спор што значи дополнително неколку години недефиниран статус на овие граѓани ниту вработени, ниту невработени, без приходи и без здравствена заштита. Јас како што и на минатата седница кога говоревме за Предлог-законот за трговски друштва ги поздравувам одредбите за изострување на одговорноста на одговорните лица и работодавачите за неисполнување, или неплаќање на придонесите. Искрено се надевам дека предложените измени и дополнувања на Законот за стечај ќе дадат приоритет на оваа обврска, или можеби ќе ја стават на прво место да се платат од стечајната маса придонесите за пензија. Но, морам да кажам дека овие луѓе сеуште нема да го решат својот статус, туку ќе треба да чекаат подолг период. Вчера кога го презентирав одговорот пред граѓаните кои побараа да го поставам ова прашање до Министерството за труд и социјална политика, тие едноставно ми рекоа: госпоѓо пратеничќе, со ова леб не се пече. За жал морам да се сложам дека со одговорот на Министерството за труд и социјална политика овие луѓе ниту можат да купат, ниту да испечат леб.

Затоа, моето дополнително прашање, поточно е истото прашање поставено на последната сесија пратенички прашања. Како е можно побрзо да се подобри статусот на овие граѓани и како тие побрзо можат да дојдат до пензија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави Јован Манасиевски министер зза труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Мене навистина не ми е јасно што прашува пратеничката кога самата го дава одговорот. Таа имено прецизно мошне прецизно кажа  дека решавањето на овие случаи зависи од пополнувањето на празнините и дупките во Законот за трговски друштва и законот за стечај. Законот за трговски друштва е веќе во парламентарна процедура, Законот за стечај се очекува во наредниот период Министерството за правда да го подготви и да го достави. Со решавањето на овие недостатоци и проблеми во овие два закони ќе се оневозможат манипулаците што се правеа често во изминатиот период со статусни промени сопствениците на фимите да ги избегнуваат обврските и спрема Управата за јавни приходи и спрема Фондовите. Значи, тоа е одговорот на прашањето.

Она што веќе е затекнато како состојба ние се обидуваме да го решаваме, меѓутоа, за жал можностите тоа да се реши на брз начин и на начин кој што сите го посакуваме се едноставно никакви. Како што и вие во прашањето посочувате, имаме завршено судски постапки, имаме извршни решенија, меѓутоа за жал немаме извршување на тие решенија и тоа не е само случај во оваа област, туку и во повеќе области на нашето живеење. Инаку, во одговорот е дадена одлуката затоа што во самата одлука постои можност за работодавачите токму за овие случаи за луѓе кои што веќе исполниле услови да одат во пензија да за нив го платат заостанатиот придонес во целост. И тоа беше дел од одлуката со консензус договорен на Економско социјалниот совет и на големо задоволство на претставниците на синдикатите. Значи, секоја од овие фирми, а речиси 2000 се што склучиле договор има можност за секој од овие свои работници кој што исполнил услови за пензија поединечно во целост да го регулира заостанатиот придонес. Таа можност им е дадена на фирмите. Ние како држава немаме можност сега со ваквите решенија во другите закони да ги принудиме тоа да го платат. Исто така, во одговорот не е содржано, меѓутоа ќе биде во текот на наредниот месец во парламентарна процедура доставени измените и дополнувањата на законот за пензиско осигурување каде што Фондот за пензиско осигурување ќе го овластиме дефакто да врши присилна наплата на придонесите. Со тоа една нереална, нелогична состојба што ја имаме во овој момент во државата да имаме тн. давачки од прв ред кои што се давачките спрема Управата за јавни приходи и давачки од втор ред спрема фондовите, придонесите за здравствено, пензиско и за Заводот за вработување, едноставно таа состојба да ја надминеме, затоа што нема давачки од прв и од втор ред. Сите мора да бидат од еднаква важност, сите мора да бидат од прв ред. Државата мора да изгради механизми ваквите состојби кои што ги имаме на неплаќање на придонеси

едноставно да не се толерираат. И во таа насока се движиме, меѓутоа брзината на движењето за жал често пати не зависи само од нашиот ентузијазам и од нашата волја да се направат тие работи туку едноставно потребни се соодветни процедури за заокружување пред се како што реков на овие закони, Законот за стечај и Законот за трговски друштва кој што е веќе во постапка каде што во иднина ваквата практика на избегнување на обврските едноставно ќе биде во потполност оневозможена.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Никола Камчев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Никола Камчев.

НИКОЛА КАМЧЕВ:

Благодарам господине претседателе, од одговорот на моето прашање од министерот за труд и социјална политика сум задоволен. Дополнително прашање немам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Го молам пратеникот Рафис Алити да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Рафис Алити.

РАФИС АЛИТИ:

Ви благодарам господине претседател, што се однесува до одговорот што го добив од министерот за труд и социјална политика, не сум задоволен со одговорот затоа што одговорот е општ, нема податоци дали помошта што ја даде Европската заедница за семејствата кои што прифатиле бегалци од Косово, нема јасен преглед на колку рати е поделена оваа помош, бидејќи податоците од теренот велат дека неколку семејства добиле само една рата, некои семејства две, некои три рати. Но, имаме навистина голем број на семејства кои што не добиле никакви компензации во однос на тоа што прифатиле бегалци од Босна. Така што би било добро да се даде еден појасен преглед доколку е можно од страна на министерот за труд и социјална политика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали министерот има коментар?

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Пратеникот во прашањето постави, го прецизира своето прашање за периодот по косовската војна. Ова со војната во Босна и Херцеговина е потполно нова работа. Значи, го нема во прашањето. Ако има таква потгреба за таков одговор треба дополнително прашање да испрати што ќе се однесува на тој период.

Инаку, одговорот се однесува на периодот по косовската војна и тоа од септември 2000 до јуни 2001 година. И во тој период она што беше посочено во прашањето, а прашањето да повторам, беше колку средства се поделени и колку финансиски средства останале неподелени, тоа е во потполност одговорено. Дадена е сумата од 260 милиони поделени и исплатени преку македонски пошти директно до семејствата корисници. Доколку пратеникот сака по детални инфорамции, тогаш би требало да формулира дополнително прашање на начин кој што би сугерирал дека се потребни дополнителни информации. Инаку, за овој дел септември 2000 и јуни 2001 година кога е вршена оваа помош, постои ревизија од ЕУ и резултатите се позитивни т.е.дека средствата се комплетно наменски трошени. Така што ова не е случај како што имавме сличен случај со средства во Министерството за образование од околу 700 милиони евра. Значи, овде ревизијата поминала и утврдено е дека се наменски трошени во периодот септември 2000, јуни 2001 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Слободан Најдовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за економија, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Прашањето кое што беше поставено до министерот за економија се однесуваше на заштитата на граѓаните од непочитувањето на законските одредби со кои е регулирано дека секој производ кој е увезен од странство во Република Македонија треба да има декларација и упатство на македонски јазик и дали постојат санкции за непочитување на истите. Од одговорот сум задоволен, со една забелешка за последниот став од одговорот дека граѓаните кои ќе купат производи од домашниот пазар кои не ги исполнуваат овие услови треба да пријават во пазарнарната инспекција. Би замолил пазарната инспекција посебно да се заангажира со контролите во РМ дали поизводите кои што се увезени ги исполнуваат условите согласно законските одредби.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има министерот за економија.

СТЕВЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Господине Најдовски ја прифаќаме вашата забелешка и би сакал да ве информирам дека пазаришната инспекција веќе ги обавува овие свои обврски и во јавноста имаше одредени конкретни резултати. Можам да ив кажам и околу прашањето на соковите и оваа работа околу Декларацијата, потеклото и квалитетот на производите, и натаму ќе се продолжи со интензивна активност и во наредниот временски период ќе бидете сведоци на интензивни активности преземени од страна на паразишната инспекција, не само во овој дел, туку и во сите останати обврски што ги има согласно законските прописи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Коце Трајановски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за одбрана, или сака да постави дополнително прашање.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Пред се би сакал да кажам дека не сум задоволен од одговорот од неколку причини:

Прво, одговорот го добив денес, пред самата седница, иако прашањето беше поставено на 12.11.2003 година, иако според Деловникот е 10 дена, од поставувањето на прашањето, да го добиеме одговорот. Добро, и тоа нека не биде почитувано, барем да беше вчера добиен одговорот па можевме да се подготвиме и да кажеме што мислиме, по однос на одговорот.

Инаку, колку што успеав сега да го разгледам, одговорот не е во ред од едноставна причина што, иако е даден обемен материјал, меѓутоа дадени се договорите што се склучени со добавувачите во касарните во Штип и Битола. Инаку пратеничкото прашање беше во врска со труењето на војниците во касарните во Штип и Битола. Значи, дадени се договорите со добавувачите. Исто така, дадени се некои процедури со кои се кажува кој какви надлежности и одговорности имал во врска со контролата на квалитетот на набавките, од аспект на продавачи и од аспект на купувачот. И на крајот дадено е соопштение од Министерството за одбрана, мислам се цени дека тоа е правиод одговор. Но соопштение издадено, пишува денеска, на 7.10.2003 година, значи скоро пред 2 месеци. Сметам дека тоа е застарено, иако во него пишува дека се водат постапки за утврдување на дисциплинска одговорност на началникот на логистика, на Гарнизонот во Штип и

слично, што сметам дека за овие два месеци сигурно, или се завршени, или би требало да се при крај. Значи не може тие постапки да се водат во недоглед.

Инаку моето прашање беше конкретно зошто се казнети одредени униформирани лица, а не тие што биле во набавките, иако и тука во одговорот пишува дека е сменет командантот на Центарот за обука и командантот на Касарната во Битола, а не се сменети или не е брзо реагирано и не се брзо казнети токму оние кои се одговорни според Деловникот и Правилникот во Министерството за одбрана. Тоа се тие во одделенијата за набавки во соодветните министерства, како и началниците на логистика под кои припаѓаат овие одделенија.

Инаку, нешто што ми падна исто така во очи, што сметам дека е недозволиво, пишува во точка 7 од соопштението. Вели: - Министерството за одбрана, за случајот Битола ќе поднесе кривична пријава против непознат сторител заради несоодветно вршење преглед на место за исхрана. Се прашувам, може ли некој непознат да врши контрола на храната која доаѓа во касарните на Министерството за одбрана.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Немате дополнително прашање.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Дополнителното прашање би било, до кога ќе завршат постапките за дисциплинска одговорност на вистинските виновници за случајот за труење во касарните во Штип и Битола.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро.

На вашето дополнително прашање ќе добиете писмен одговор бидејќи тука не е присутен министерот.

Го молам пратеникот Орданчо Тасев да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од министерот за одбрана или сака да постави дополнително прашање.

Бидејќи пратеникот Орданчо Тасев не е тука, одиме понатаму.

Дали пратеничката Силвана Бонева сега е спремна. (Да).

Ја молам пратеничката Силвана Бонева да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од Владата на Република Македонија, или сака да постави дополнително прашање.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господин претседателе, претставници на Владата,

Одговорот на моето пратеничко прашање кое беше поставено на 25.09.2003 година го добив со задоцнување од 2 месеци.

Не сум задоволна од одговорот од повеќе причини.

Прашањето се однесуваше на преговорите на Владата на Република Македонија и Мајкл Софт корпорацијата, за обезбедување на Софтвер кој ќе го користи Владата на Република Македонија односно кој ќе се користи во јавната администрација.

Овде во одговорот е кажано дека писмото за намери е потпишано на 14.10.2003 година, значи некаде 20 дена после поставувањето на прашањето, со што се овозможило започнување на преговори за склучување на договор за стратегиско партнерство.

Не сум задоволна бидејќи, повторно ќе кажам, со ова Владата ги принудува останатите субјекти кои соработуваат со неа, поради компатибилност со Софтверот, да користат и тие производи на Мајкл Софт. Понатаму Владата задава, посредно, силен удар на младата македонска софтверска индустрија што е од непроценливо значење за Република Македонија и нивното дејствување е спротивно на општата заложба, младите стручни кадри да ги искористиме овде во Република Македонија и да го спречиме нивниот одлив во странство. Понатаму не сум задоволна и заради тоа што со ова мусе задава удар на македонското компјутерско образование. Наместо нашите студенти да имаат можност да го видат изворниот код, да можат да осознаат не само како работи оперативниот систем, туку и како да го администрираат и зошто така работи, тие ќе учат и ќе предаваат предмети базирани на продукти кои се менуваат секоја година.

Дополнителнит мои прашања би биле некои од истите прашања кои не се одговорени.

Моето прво прашање би било дали има клаузула во договорот што го ограничува годишното менување на цената од Мајкл Софт за неговите пакети.

Второ, дали Мајкл Софт се согласил да ги предаде сите свои производи на нашиот јазик и притоа постојано да го одржува тој превод. Во одговорот стои најчесто користени софтверски производи ќе бидат преведени. Меѓутоа, јас имав прашање дали сите свои производи се согласува да ги преведе на нашиот јавик и притоа постојано да го одржува тој превод.

Третото прашање, дали Мајкл Софт понудил да компензира некои од нашите трошоци за идните големи надградби на нивните продукти, со оглед на честите и брзи промени на нивните продукти.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има потпретседателот на Владата г.ѓица Радмила Шеќеринска.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Како и минатиот пат нема едно прашање, имаше многу прашања и навистина е тешко сите да се одговорат и усно, а богами и писмено.

Инаку оправдата е критиката на пратеникот во поглед на доцнењето на одговорот, меѓутоа најголем дел од причините се поврзани со тоа што во тек беа разговорите околу потпишување на писмо со намери. Не сакавме да дадеме условна информација дека се преговара потпишувањето на писмото за намери, туку сакавме, кога процесот веќе беше готов во таа фаза, да излеземе со конкретни одговори.

Еден дел од прашањата кои беа поставени од пратеникот се дадени во одговорот, по претходните пратенички прашања. Пратениците или пратеникот конкретно може да биде задоволен или незадоволен од одговорот, меѓутоа дел од овие одговори веќе се дадени писмено.

Апсолутно не е точно дека со потпишување на ваков стратегиски договор дека корисниците, граѓаните или другите институции, приватните фирми, ќе бидат принудени да користат Мајкл софтвер. Тоа апсолутно не е точно.

Второ, не се работи само за набавка, целосна, на нови Мајкл софтверски пакети, туку на легализирање и на оние постојните кои и онака се пакети, произведени од страна на истата корпорација, меѓутоа, еден голем дел од нив, за жал користени од страна на државните институции, не се легализирани односно не се набавени, земајќи ги предвид сите обврски во Законот за индустриска сопственост.

Сметаме дека ваквиот договор и овие преговори нема да значат удар ните на софтверската индустрија, ниту на компјутерското образование, напротив, бидејќи образованието, особено високото образование ќе биде регулирано од правила, прописи и закони кои и досега го регулираат високото образование, ќе биде дефинирано со програми, научни и образовни, кои што ги диктираат факултетите односно Универзитетот, а не некоја корпорација. Фактот дека ќе имаме инвестиција со софтверски пакети и во образованието, од страна на Мајкл софт корпорацијата, нема да го елеминира учеството и на други софтверски пакети кои се присутни во овој момент во Република Македонија.

Во разговорите кои досега ги имавме со Мајкл софт корпорацијата, значи конкретно за дополнителните прашања кои беа искажани од страна на пратеникот, нема да има дополнителни трошоци, бидејќи преговараме за фиксни трошоци кои ќе

се однесуваат на периодот за кој го склучуваме договорот, а тој период е 4 години. Значи, да не се создава атмосвера дека потпишуваме еден договор и од денес засекогаш тој договор ќе важи. Потпишуваме договор кој ќе се однесува на лиценцирање на продукти во следните 4 години. За тие пакети кои ги добиваме во овие 4 години добиваме право на постојани надградувања со нови верзии и во сите тие верзии кои ги набавуваме, производителот односно софтверската компанија ќе обезбеди превод на македонски јазик, на тие за кои добиваме права на користење, согласно законот и сите тие производи кои ги набавуваме ќе бидат на располагање и со соодветен превод на македонски јазик.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Со ова завршивме со пратенички прашања кои писмено беа поставени.

Сега преминуваме на поставување на пратенички прашања.

Процедурално за збор се јави г. Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Јас имам поставено три прашања, а не сум добил ниеден одговор.

Вие порано се обидовте да ја оправдата Владата дека голем број на одговори не се дадени. Јас треба да добијам одговор од владините органи и зошто не сум добил одговор кога некои одговори се многу едноставни. На пример одговорот за образованието каде требало да се води сметка за изградба на две албански средни училишта и Средното медицинско училиште во Тетово и Зеф Љуш Марку од Скопје, Основното училиште во Боговиње и Основното училиште во Јажинце. Министерството за образование треба да води сметка за овие училишта.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас кажав претходно за поставените прашања порано.

Сега вие овде сте веќе на список да поставите усмено пратеничко прашање, па ви се одговори на тоа. Можеме така да се договориме.

РУЖДИ МАТОШИ:

Јас сакам да знам дали ќе ми дадат одговор понатаму, или денес ќе ми дадат одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе дојдете на ред, бидејќи сте на список, да поставите пратеничко прашање. Ако ова го поставите, претпоставувам дека Владата ќе се изјасни.

РУЖДИ МАТОШИ:

Според мене ова не е во ред јас секој месец да ги повторувам прашањата. Јас денес имам нови прашања за поставување, а на старите прашања сеуште немам добиено одговор. Јас сметам дека тоа е неодговорност на Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Од сега сите прашања ќе ги испратам повторно до Владата и ќе инсистирам тие да бидат одговорени во најкраток рок.

Процедурално за збор се јавува г. Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Процедурално се обраќам до вас, да им укажете на министрите тие навреме да ги даваат одговорите. Еве тоа беше случај и со мојот претходен одговор на прашањето и конкретно бев замолен од г. Тасев, тој оправдано е отсутен, да изнесам дека на 24 април 2003 година има поставено пратеничко прашање, меѓутоа сеуште нема добиено одговор од министерот за финансии.

Би ургирал до вас како претседател на Собранието да им укажете на министрите, навреме да ги даваат одговорите на пратеничките прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Мислам дека и досега Владата беше известена за тој проблем. Сега ја користам оваа прилика и лижно да ги замолам да бидат поефикасни.

Збор има потпретседателот на Владата госпоѓица Шеќеринска.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Ние ја прифаќаме забелешката од пратениците, само апелираме, доколку може релевантните служби во Владата и во Собранието да организираат една средба на која ќе се договориме како и ние прашањата од Собранието да ги добиваме релативно за покус временски период, за да може и внатрешната процедура во Владата да се одвива пред да дојде одговорот на седница на Собрание. Земето предивд дека сите прашања кои се упатуваат, не до ресорното министерство туку до Владата, дека треба да поминат на седница на Влада, а за да поминат на седница на Влада треба да ја почитуваат нашата владина деловничка процедура која бара одреден временски период. Јас би апелирала, ако може да се провери колкав временски период е потребен од моментот на поставување на прашањето во Собранието до моментот на негово влегување во владина процедура, бидејќи навистина како Влада сакаме да бидеме поефикасни во одговорите до пратениците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално за збор се јавува г. Гештаковски.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе,

Јас денес добив одговор на моето пратеничко прашање од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а не ме прозвавте да се произнесам дали сум задоволен од одговорот или не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега сум известен од службите дека тоа е стигнато после 9,30 часот.

Сега ме известија дека тоа е дополнително прашање и одговорот завршува со тоа дополнително прашање.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Добро.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ако нема повеќе процедурални прашања да продолжиме со поставување на пратенички прашања.

Јас ќе ја продолжам онаа претходно усталена пракса, постои тука список кој е договорен помеѓу пратеничките групи на опозицијата и на позицијата и помеѓу самите пратенички групи по блокови.

Прв кој ќе постави пратеничко прашање е господинот Ефтим Манев.

Повелете.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Првото прашање гласи вака:

Во Република Македонија има реакции од претпријатија производители на месни производи дека во Република Македонија фурната "Мимо" од Босна и Херцеговина е една од поголемите увозници на сувомеснати производи во Република Македонија на која фирма се ставаат забелешки дека истата увезува сувомеснати производи со сомнителен квалитет и тоа по однос на месото кое го продава во сувомеснати производи истото потекнува од Бразил, земја во која е утврдено дека постои болеста свинска чума и кравјо лудило .

Исто така во нивните производи се смета дека постои поголема количина на скроб од дозволената, па во тој правец би сакал Министерството преку Ветеринарна инспекција која работи на Царина и царинските служби да извршат детална и повеќесежна контрола на производите кои се увезени од фирмата "Мимо" дали таквите сомневања на нивните производи стои или не и доколку стои под итно да се преземат мерки таквите производи да не се увезуваат во Република Македонија.

Доколку не постои, па и ако постои би молел покрај одговорот кој ќе ми биде даден денеска или ќе треба да се провери , покрај писмениот одговор даден на мене како пратеник, истото го објават во некој од дневните печати да се демантира таквата состојба.

Тоа е едното прашање.

Другото прашање е, бидејќи оптималниот рок на есенската сеидба е при а крај или скоро завршена, би сакал Министерството да ме информира колкави количини од земјиште предвидено за есенска сеидба на житни култури е засеано и дали е засеано сето она што се планира и што постои земјиште за засејување со житни култури е засеано, а доколку не кои се причините што не е засеано, дали постојат причини поради нерентабилност за засејување на житни култури во Република Македонија и во тој дел дали Министерството презело чекори таквата состојба да се санира во Република Македонија, бидејќи производството на лебно жито и жито за прехрана на стоката повеќе години station наназад не ги задоволува потреите на Република Македонија и ние се излагаме на купување на таквите производи за кои сметам дека Република Македонија има доволно површини за производство на лебно жито и жито за исхрана на стоката.

Третото прашање ќе го упатам до Министерството за екологија. Ние на последната седница на Собранието два-три дена расправавме за една еколошка катастрофа со истечување на води од јаловиштето на рудниците Саса. Имам сознанија дека такви проблеми се множни и во текот на оваа година до колку има повеќе врнежи и тоа во јаловиштето на рудникот “Бучим”од Радовиш како и на рудниците “Тораница”. За тоа имам сознанија од еколошките друштва во Република Македонија , па како би избегнале нешто слично од тоа што се случи во рудниците Саса, го молам Министерството преку своите служби да изврши обиколка и проверка на таквите брани-јаловишта , таквите рудници не работат сега, напуштени се и сметам дека тоа треба да биде направено во најкраток временски период и доколку постојат такви опасности да бидат преземени мерки, да биде избегната идна еколошка несреќа за кое би барал да бидам писмено известен, бидејќи тоа денеска не ќе може да го стори Министерството.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Манев.

Бидејќи првите две прашања беа до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, има збор министерот Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Реакцијата на Здружението на производителите на сувомеснати производи во врска со увозот на такви производи од Босна и Херцеговина со вртење изразено во таа реакција дека се работи за месо во кое има состојки од увоз на свинско месо од Бразил, земја во која е извршена забрана врз основа на извршените проверки ја оценувам само како обид помеѓу два конкурентски групи на производители односно увозници и домашни производители за пресметка и одвраќање на потрошувачите од купувањето на производите од увоз.

Врз основа на извршените проверки кои постојано се прават поради што сметам дека нема потреба од посебен апел во иднина да се направат такви проверки, бидејќи тие продолжуваат, констатирано е дека производите кои се увезуваат од Босна и Херцеговина врз основа на наодите на Управата за ветеринарство во составот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се такви што укажуваат дека производите од увоз имаат соодветен европски сертификат во кој е потврдено дека во него постојат состојки кои исклучиво ги задоволуваат стандардите на ЕУ.

Тоа ќе рече дека во овој момент во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство нема потврда на интервенцијата за неисправноста и опасноста односно штетноста на производите од увоз од Босна и Херцеговина по здравјето на граѓаните на Република Македонија , што не значи дека и во иднина , како и до сега , постојано тој увоз и тие производи од месо, како и сите други од животинско потекло кои се во надлежност на Минстерството, нема да бидат внимателно следени.

Точно е тврдењето на пратеникот дека постои наредба за забрана на увоз на свинско месо од Бразил, потпишана од мене во март 2003 година која сеуште важи и дека врз основа на таа наредба и таа забрана од Бразил во Република Македонија не влегува такво месо. Меѓутоа, со оглед на тоа дека се работи за опасност по здравјето на граѓаните во целиот свет вклучувајќи ја и Европа, јасно е дека од секоја земја која, врз основа на податоците што ги има за забраната на увоз на месо од Бразил, забранува не само влез и дистрибуција, туку и транзит на такво месо преку сопствената територија, што значи дека се сомневам во овој момент затоа што нема поинакви податоци дека е извршен транзит на такво месо до територијата на Босна и Херцеговина со оглед на тоа дека од Бразил месото мора да помине преку други држави, дека некоја од земјите на ЕУ, без оглед дали е превозот по море, по

железница или на друг начин е допуштен транзит на вакво месо кое во оној момент кога ќе се појави на границите на било која од државите кои ги почитуваат тие стандарди се запира.

Ова е само една претпоставка што не значи дека е апсолутно точна, меѓутоа, она што можам да го кажам во името на Министерството и на Управата за ветеринарство е дека работите внимателно ги следиме и секоја појава, вклучувајќи ја оваа преку реакција е предмет на наше посебно внимание и во тој дел работите се следат.

Што се однесува до второто прашање..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, само ако може, да го прашам пратеникот Манев дали е задоволен од одговорот.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Задоволен сум од одговорот даден од министерот. Верувам во тоа што го зборува, добро е граѓаните на Република Македонија на било кој начин што поблиско го слушнат, дури би можеле и инспекторите по ветеринарство на некоја телевизија да го објават дека не е вистинито тоа што пишува по весниците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министре одговорете на второто прашање.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Забелешката на пратеникот ја прифаќам и мислам дека на телевизија беше објавено од директорот на Ветеринарната управа дека постои сертификат за квалитетот на тоа месо со европските стандарди и дека врз основа на контролите што се извршени информацијата односно тврдењето на дел од производителите на сувомеснати производи не е точен односно нема податоци дека е поинакво од она што Управата го соопшти.

По однос на второто прашање има неколку дилеми. Јас ќе појдам од она за тоа колку површини се засеани пратеникот ќе добие писмен одговор затоа што во Министерството се водат податоци и тоа не само за 2003 година, туку за секоја година  и споредбени и последните и околу тој дел нема да има проблем да ги добие бараните податоци.

За тоа кои се причините зошто не е посеано неможам да му одговорам, со оглед на тоа дека прашањето и донесувањето на одлука за сеење односно искористување на земјоделско земјиште од страна на индивидуалните

производители ја донесуваат тие врз основа на слободната проценка какви ќе бидат условите на пазарот, можноста од продажбата и цените врз основа на кои тој производ треба да го продадат.

Меѓутоа, имавме последна Информација што беше расправана односно дискутирана во Министерството од дел од земјоделските производители за тоа дека една од главните причини за тоа зошто не се засеани сите површини иако условите го овозможуваа тоа е и фактот дека истите не можеле да ги добијат потребните средства од веќе продадената пченица од родот 2003 година, па како последица на тоа што или средствата не им се исплатени или им се исплатени во производи како што се брашно, трици  или други производи неможат да ги употребат за сеидбата затоа што им требаат пари, молеа Владата да се заинтересира, посебно Министерството и да се најде начин како да се помогне.

Во тој дел го информирам пратникот дека од страна на Министерството е интервенирано и преку Фондот за земјоделство кој располага со делови од пченицата од стоковите резерви последниот пат во количина од 4,5 милиони кгр. Еден дел е продаден на дел од фирмите кои се занимаваат со мелничарство односно со производство на леб и дека наместо плаќање на долгот кон стоковите резерви по цена од 9,20 денари по килограм кои беа пополнети во 2002 година одложено е плаќањето на износот на сметка на држават со тоа што преземаа обврска дека дел од тие средства за купените килограми пченица ќе ги насочат во исплата на индивидуалните производители како би можеле средствата да ги употребат за извршување на есенската сеидба.

Тоа е она што беше побарано од нас, тоа е она што можевме да го сториме и го сторивме и можам да кажам дека тој дел од договорот помеѓу дел од производителите, помеѓу мелничко-преработувачките претпријатија и Министрството е реализирано.

Дали надвор од оваа потреба која беше искажана во разговорот со мене за посејување на преостанатиот дел од површините стои некоја друга на која пратеникот инсистира кои се причините, во овој момент во Минстерството нема такви податоци, меѓутоа, допуштам можност дел од нив површините нема да ги засеат од економски или други причини, меѓутоа она што можам да го кажам само накусо недостигот на средствата во Фондот за земјоделството кој ги финансира премиите, стимулациите , регресите и сл. оваа година беше значително намален од причини кои не лежат само во рестрикциите на Буџетот, туку и во трошењето на средствата во минатиот период затоа што, одговорно можам да изјавам дека скоро

половина дури приближно 2/3 имаше пробивање на буџетските средства од 2002 до 2003 година, па со оглед на тоа со определените средства во истиот обем од минатата година не бевме во состојба да ги финансираме потребите на земјоделците и истовремено да ги плаќаме долговите кои заради нив се направени минатата година, дојдовме во ситуација оваа година земјоделците да останат без заслужената помош која имаа право да ја добијат, но неможевме да им ја доделиме во обем и на начин како што тоа се правеше во минатото.

Со новиот закон кој е во подготовка за државна помош ќе се сменат критериумите за помошта вклучувајќи ја и онаа што пченицата ќе ја ужива и се надевам дека ќе најдеме решение кое овде сите заедно ќе се договориме и ќе го донесеме кои Владата ќе ги испочитува и ќе се направи пресвртница во начинот на финансирањето и помошта на земјоделието.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Иако во делот од одговорот се бараше писмено, сепак беше доволно долго со одговорот, па да ве прашам дали сте задоволен од одговорот?

ЕФТИМ МАНЕВ:

Задоволен сум од одговорот и сметам дека со писмениот дел ќе биде целосно опфатено моето прашање кое го поставив до министерот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На третото прашање ќе одговори министерот за екологија и просторно планирање.

Повелете г. Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Ќе дадам устен одговор на прашањето на г. Манев и ако тој инсистира на писмен ќе одговориме и во писмена форма .

Инаку, Министерството за животна средина и просторно планирање, не министерство за екологија, во однос на оние фирми кои се влезени за решавање согласно ФЕСАЛ 2 аранжманот од еколошки аспект има изработено студии во кои се идентификувани проблемите од сверата на животната средина и овие студии се изработени од експертски тим предводен од Институцијата Адам Смит од Велика Британија во чиј состав влегоа и беа претставници од Службата за животна средина при Министерството и од Републичкиот инспекторат за животна средина и овие студии се изработени за рудниците “Злетото”, “Тораница”, “Топилница” и Фабриката 'ГОДЕЛ', меѓутоа подетални информации пратеникот ќе добие во писмена форма

што точно се предвидува при преговорите со потенцијалните купувачи кои ќе бидат одвоени од страна на Министерството за економија. Инсистирањето е во самото склучување на договорите да се внесе обврската на идниот купувач од кој произлегува заштитата на животната средина.

Што се однесува до рудникот “Бучим” , ситуацијата е поинаква, бидејќи таму има стопански субјект кој стопанисува со објектот иако во последно време ситуацијата е хаотична, бидејќи сопственикот не е присутен во Република Македонија и нашиот инспекторат има направено неколку посети на рудникот токму да се надминат критичните моменти, бидејќи и ова јаловиште како и сите други јаловишта доколку не се врши одржување во континуитет секогаш претставува потенцијална опасност.

Што се однесува до еколошкиот аспект на јаловиштата, Министерството ќе го направи своето, инаку целокупното следење на состојбата на хидројаловиштата го прави специјално оформена група при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

ЕФТИМ МАНЕВ:

Задоволен сум од одговорот даден од министерот, сепак во недоволна мера беше дефинирана состојбата со јаловиштето на рудникот “Бучим”, бидејќи тоа јаловиште пред четири години и повеќе правеше таква еколошка катастрофа каква што беше САСА, па доколку постои таква опасност, мислам дека треба да се преземат поголеми обврски од страна на самото Министерство, обврска према сопствениците на тоа претпријатие да се избегне такво нешто за да не дојде до тоа што беше пред 5-6 години.

Инаку, го разбирам тоа што одговори дека е корисно и добро.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Љубомир Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Едно мало дополнување во врска со рудникот “Бучим”. Точно во изминатиот период имаше излевање на јаловината и системот, односно сегашниот систем за отстранување на надворешните атмосферски води е во форма на испумпување. Затоа и одговорноста на структурите во самиот рудник, во однос на евакуацијата на атмосферските води е поголема и нашата контрола токму од она

што значи исполнување на нивните обврски е постојана, интензивна и ќе продолжиме во таа насока.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да постави прашање е господинот пратеник Сарач Гајур.

ГАЈУР САРАЧ:

Благодарам господине претседателе,

Пред да почнам со прашањата сакам да го потсетам Министерството за образование дека на ден 24.04.2003 година поставив две прашања до ова Министерство од кое на едното добив одговор, а на другото прашање сеуште немам добиено одговор.

Мислам дека е крајно време да ми се одговори на неодговореното прашање.

За денеска имам три прашања.

Првото прашање го упатувам до Владата на Република Македонија. На ден 2.07.2001 година со потврда број 19.5.1-1270 и е-меил 277 од 8.08.2001 година издадено од Министерството за внатрешни работи, СВР - Скопје - Одделение за криминалистичка техника со кое се потврдуваат дека е извршен увид на пријавени пожариво атарот на населеното место “Илинден”, во шталата сопственост на Сулејман Караџа, кој на 3.07.2001 година, во куќата на именуваниот лоциран на Ул.”7” бб. во населеното место “Илинден”, во која подолго време не живее никој.

Од двата пожара е причинета голема материјална штета, па прашањето гласи: До каде е процедурата околу обештетувањето на сопственикот.

Барам на ова прашање да ми се одговори во писмена форма.

Второто прашање го упатвувам до Министерството за финансии на Република Македонија. Колкав е бројот на граѓаните од Општина Гостивар и новоформираните општини на катастарските ораници на поранешната општина Гостивар, кои поднеле барање до Комисијата за денационализација за повраток на национализираниот имот. Колкав број од овие барања се решени позитивно,, колку се одбиени и за колку барања постапката е во тек.

Исто така, барам на ова прашање да ми се одговори писмено.

Третото прашање го упатувам до Министерството за одбрана на Република Македонија.

Прашањето гласи: Колкав е бројот на припадниците на турската етничка заедница вработени во администрацијата на Министерството за одбрана на Република Македонија, бројот и структурата на офицерите, припадници на турската

етничка заедница, бројот на професиналните војници од турската етничка заедница, како и по која динамика ќе се реализира принципот на праведна и соодветна застапеност на заедниците, т.е. на турската заедница во Министерството за одбрана на Република Македонија.

Исто така, претпочитам и на ова прашање писмено да ми се одговори.

Благодарам господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Иако пратеникот побара писмено да му се одговори, сепак, претставниците на Владата на Република Македонија ќе одлучат како ќе дадат одговор.

Има збор госпоѓицата потпретседателка на Владата на Република Македонија Радмила Шекеринска.

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

Благодрам.

Министерствата ќе одговорат писмено на овие прашања, меѓутоа, би му сугерирала на пратеникот ако може првото прашање да го преформулира и да го побара одговорот директно од Министерството за внатрешни работи, во тој случај побрзо ќе добие одговор, за да не мора целата владина процедура да ја минува. Инаку Министерството ќе даде писмен одговор на ова прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа значи за сите три министерства.

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

Не, едното прашање беше упатено само до Владата на Република Македонија, јас би сугерирала бидејќи е во доменот на обврската на Министерството за внатрешни работи оттука би ги добиле информациите да биде упатено директно до Министерството, одговорот побрзо ќе стигне во тој случај.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Второто прашање беше упатено до Министерството за финансии.

Повелете господине Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ.

И на ова прашање писмен одговор ќе добие пратеникот, со оглед на тоа дека се работи за бројки, предмети решени, во постапка, нерешени, треба комплетно да се преиспита се она што е од тој дел поднесено за денационализација од општината Гостивар.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе додадете ли нешто господине Сарач?

ГАЈУР САРАЧ:

Околу првото прашање ние имаме од Министерството за внатрешни работи потврда. Најверојатно оваа потврда циркулира околу Владата и би требало да биде доставено до господинот министер Поповски, што е одговорен за обештетување, бидејќи е настанат на 2.07.2001 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сепак ова прашање е до Владата.

По ваше барање писмено ќе се одговори на третото прашање од Министерството за одбрана.

Следниот пратеник кој е на листата за поставување на прашања е господинот Фатмир Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Благодарам господине претседател,

Имам три прашања. Две до Министерството за внатрешни работи и едно до Министерството за правда и молам министерот за правда ако е надвор да се врати во салата.

Првото прашање е до министерот за внатрешни работи. Сакам да кажам дека овде нема математика и нема да го мачам со бројки и го молам да не критикува во текот на неговото објаснување. Значи, господине дали сакате да престанете со насилството на сомнителните лица, затоа што ниеден исклучок во текот на сите притворања на албанците во оваа фаза значи судското насилство служело како средство за присила, за да признаат дејства кои не ги направиле. Не треба многу дека ова се прави од политички мотиви, во текот на овие политички шеми кои што се тајни. Последен случај е случајот во Сопот и до кој степен била соработката со српската државна безбедност во случајот со Сопот и каква улога во истражувањето на овој случај имал инспекторот за државна безбедност, кој бил македонец со иницијали М.Н., кој што е од ова село.

Второто прашање ќе го поставам до министерот за правда. Дали ќе превземе нешто министерот за правда да се дистанцира од клетвите на дневната политика и кој ќе биде неговиот пристап за да го расветли случајот на драконските казни на двајца граѓани на Сопот кои што во недостаток на докази се виде дека се жртви на еден политички суд.

Третото прашање ќе го поставам до министерот за внатрешни работи, колку е законски земањето на пари, 1.000 денари во кеш за да се забрза процедурата за давање на патни исправи, кога не се дава потврда за земените пари.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи, првото прашање е упатено до Министерството за внатрешни работи.

Има збор министерот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Пратеникот колку пати сака може да повторува дека Министерството за внатрешни работи врши некое насилство, да повторува случаи, да се кажуваат случаи, меѓутоа, колку што тие повторуваат, јас исто така ќе повторувам дека Министерството за внатрешни работи, работи само врз основа на закон, работи само врз основа на судски потерници, работи само врз основа на судски пресуди. И токму околу делот на Сопот, може сто пати да го повторуваат за Сопот беше формирана комисија која ја водеше албанец - полицаец, од шест души во Комисијата тројца беа албанци полицајци, односно функционери и старешини на Министерството за внатрешни работи и седмиот учесник беше претставник на ОБСЕ.

Според тоа, сто пати да повторувате, дека имало некое пречекорување, малтретирање, кршење на закони и тн., ние само ќе ви го дадеме тој извештај верификуван и со потписот на ОБСЕ, во кој што на крај се кажува дека немало пречекорување на овластувањата на полицијата, затоа што и во тој случај полицијата работеше исто со судски налог и било какви други жалби можат да се тераат во соодветна постапка и претставки за обештетување на првите моменти после извештајот кој што настанаа мали оштетувања на влезна врата и тн., беше укажано на законската постапка како тоа треба да се направи и дека соодветната постапка, ако се покаже дека таквата штета е причинета, ќе биде надоместена.

Според тоа, уште еднаш повторувам извештајот на таа комисија беше јавно презентиран пред јавноста, беше образложен од ОБСЕ и од претставниците на Европската унија и поддржан од сите меѓународни претставници кои се наоѓаат во Република Македонија. Единствена забелешка можеше да биде дека не беше запазен мултиетничкиот состав на полицијата ккоја вршеше претрес, меѓутоа, уште еднаш потсетувам дека тоа не беше ниту законска обврска, а веќе е регулирано со соодветна надградба на Министерството за внатрешни работи. Во акцијата, затоа

што и Сопот да ве потстам, не настана, полицијата не влезе воопшто во селото за да бара некои луѓе кои што правеле излети и тн., туку активноста на полицијата беше заради поставена мина од која што загинаа двајца претставници на НАТО од Полскиот контингент и од која што загина едно лице постаро македонец и уште двајца лица беа ранети. Исто беа поставени и бомби во Гимназијата во Куманово, во центарот на Куманово и тн., и затоа имаше активност на полицијата, а не дека на полицијата и се одело на гости во Сопот. Во самата акција околу полицијата немаше никаква соработка со било каква друга разузнавачка служба, уште најмалку со некоја српска разузнавачка служба. И понатаму немам намера воопшто да кажувам лицето М.Н., ниту знам, ниту имам намера да испрашувам на кое место влегол, излегол и тн., и лицето М.Н. кое учествувало, како што вели пратеникот во акцијата, и лицата кои учествувале во таа акција, како составен дел на целокупната екипа извршуваа судски налог.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

Се извинува, нешто имаме проблем околу преводот, односно техниката. Малку да причекаме.

ФАТМИР АСАНИ:

Дали може сега? (Да)

Не, не сум задоволен од одговорот, бидејќи навистина беше формирана една комисија која што не ги заврши своите работи како што треба. Фактот дека беше употребена голема сила, за која што говореа и меѓународните институции, како Хелсиншкиот комитет, кој што често пати потсетува дека полицијата употребила преголема сила, Народниот правобранител исто така. Но, и самите уапсени лица кои што биле малтретирани и злоупотребени во текот на апсењето, а беа ослободени од Кумановскиот суд дека немаат никаква вина , на кои што им беа дадени лажни изјави кои што тие требало да ги потпишат дека се тоа нивни изјави. Пропустите кои што ги направи полицијата во Сопот, а за тоа знае и меѓународниот фактор, кои што треба навистина сите кои што беа таму велат дека тоа се пропусти на поицијата, бидејќи за време на акцијата биле контролирани и жени, меѓу кои имало и бремени жени.

ХАРИ КОСТОВ:

Токму извештајот на таа комисија има изричита одредба дека припадниците на Министерството за внатрешни работи постапија во рамките на своите овластувања и дека нема докази за злоупотреба на средства и за примена на несоодветно употребена сила.

Според тоа, може да се спомне, да се толкува како што сака, прес конференцијата на која што тој извештај беше презентиран пред јавноста беше исто и со присуство на ОБСЕ. Од тој извештај токму и меѓународниот фактор имаше заедничка изјава. Според тоа, мене ми е жал дека самите луѓе кажувале, извештајот околу доказите со кои се располага се фактите за кои што пред малку зборував. Јас знам дека и натаму околу ова ќе се дига манипулација едно и друго, меѓутоа, хартијата, доказите зборуваат ова што јас го кажувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Второто прашање беше упатено до министерот за правда. Бидејќи министерот за правда не е тука, ќе одговори госпоѓицата Рамила Шекеринска.

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

Писмено ќе одговори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото прашање е повторно до министерот за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Околу третото прашање не дека 1.000 денари во кеш, дали била прифатлива постапката да се даваат 1.000 денари во кеш, за да се забрза некоја постапка околу патни документи и тн. Не 1.000 денари, туку еден денар е незаконски. Ние во Министерството имаме покренато во овој период дисциплински постапки и избркано од работа луѓе кои што за наплата на мандатни казни за безбедноста во патниот сообраќај направиле некои злоупотреби за многу помали износи за 450,оо денари или за 250,оо денари. Меѓутоа, не може целокупното градење на претстава во јавноста и тн., да биде само врз основа на тоа дали е тоа законски или не е законски, односно само врз основа на озборување. Според тоа, уште еднаш за сите граѓани на Република Македонија им укажувам на следното. Треба самото давање на мито во судската постапка може да се докаже само доколку во самиот момент на давање на мито за било каква корумпирана дејност се фати примачот или давачот на мито дури доколку тоа не е во некоја заедничка организација, односно со знаење на Министерството за внатрешни работи, на судски органи и тн.

Според тоа, укажувам на потребата дека само таков доказ во кој што на лице место ќе се фати определен сторител и на лице место кај него ќе се најдат парите, дека само тоа може да биде издржана валидна судска постапка. Инаку, ама воопшто не вредат, знаете и овдека и овдека, ние имавме и на претходниот состанок на Парламентот еден пратеник албанец, кој што во јавноста излезе со еден куп

фотокопии од странска валута во која што демек луѓе од претходната Влада него му платиле толку и толку пари, за да гласа пред новото парламнтарно мнозинство. Тие работи, фотокопии, една година, две години, и потоа не важат, затоа што постојано од другата страна ќе имате човек, кој ќе рече не, тоа не е точно. Тоа мора да се случи во моментот кога се врши таквото кривично дело.

Според тоа, мојата препорака и до пратеникот и до граѓаните на Реублика Македонија е да го пријават и да соработуваат со МВР, со Единицата за професионални стандарди и внатрешна контрола во МВР, да ги откриеме сите кои што можеби вака да се бават, меѓутоа, мора на лице место да се случи, а не 1000 денари туку 1 дена е многу за таа работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

ФАТМИР АСАНИ:

Задоволен сум со одговорот на министерот, меѓутоа, можеби лошо се разбравме дека албанците кога одат во полиција во Куманово, тие им велат, ако сакате да добиете документи денес, а не по 20 или 25 дена дадете уште 1000 денари како редовна постапка, а не се дава потврда за тие пари. Затоа, прашувам каде одат тие пари, дали постои некој црн фонд. Така јас мислам. Тоа е како редовна постапка. Да ги прашам во Куманово, значи, до ден денес тие тоа го прават. Ако некој сака да добие пасош за еден ден треба да даде 1000 денари, а ако не дава тој чека 15 дена и тука нема ништо нередовно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министре.

ХАРИ КОСТОВ:

Значи, нема никакви црни фондови и ниту еден службеник на МВР не може да прими парични средства или било каков вид друг предмет, а за тоа да не издаде соодветен потребен документ. Доколку ова се случува, јас уште еднаш ќе ја повторам претходната моја препорака. Соработувајте со, еве и Централата на Министерството за внатрешни работи со Единицата за професионални стандарди за да може и ваквите случаи да ги откриеме и да ги санкционираме така како што треба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Следниот на ред за поставување на пратенички прашања е господинот Недим Рамизи. Да се подготви госпоѓата Ристана Лалчевска.

НЕДИМ РАМИЗИ:

Благодарам претседателе.

Имам три прашања да поставам и тоа до Министерството за здравство, до Министерството за правда и до Министерството за локална самоуправа.

Прашањето до Министерството за здравство го упатувам по директно барање упатено до мене од страна на месната самоуправа на селото Татешје - Струга, кое што се однесува за  лошите просторни услови на амбулантата во ова село. Имено, амбулантата во ова село е во склоп на Јавната здравствена организација Вевчани. Пред пет години оваа амбуланта целосно е изгорена, така што тогаш оваа амбуланта е сместена во простории на селската џамија, каде што условите се крајно незадоволителни. Граѓаните од страна на поранешниот директор на оваа организација биле информирани дека бил изработен проект за оваа амбуланта и доставен до Министерството, но од тогаш до денес нема ништо од оваа информација, така што пред десетина дена сегашниот директор на оваа организација по барање на месната самоуправа од ова село доставиле проект до Министерството со сета пропратна документација, така што прашувам дали Министерството планира во блиска иднина да ја стави оваа амбуланта во програмата на Министерството за изградба.

Прашањето до Министерството за правда. На септемвриската седница за поставување на пратенички прашања поставив прашање кое се однесуваше за барањата упатени од населбите Октиси-Струга и Делгожда - Струга, до Министерството за правда за отворање на месни канцеларии во овие населби. Така од страна на Министерството добив одговор, во кој што е наведено дека се во разговори Министерството за правда и МВР  околу овие проблеми за отворање на вакви канцеларии, така што дополнително ќе ме известат.

Прашувам, до каде се разговорите околу овој проблем и дали граѓаните во блиска иднина би се реализирале барањата на овие две населби односно би се отвориле месни канцеларии.

Третото прашање го упатувам до Министерството за локална самоуправа. Бирото за недоволно развиени подрачја во склоп на ова Министерство во минатата година на општина Лабуништа и додели 9.500.000 денари и тоа со две решенија, а овие средства се однесуваат за изградба, доградба на канализација во Лабуништа.

Тоа се редства со две решенија и тоа во март 4.500.000 денари, во едното решение и во месец август 5.000.000 денари.

Од страна на општината со договор за цесија, сите овие средства се префрлени на фирмата “Црн Дрим” од селото Ташмаруништа, која што фирма во текот на доградбата на оваа канализација воопшто и не се појави, не беше присутна во населбата, така што според информации од населбата за доградбата на оваа канализација, беше ангажирана месната самоуправа од Лабуништа, каде што ги финансира физичката сила на доградбата. Додека, од Фондот за комунални дејности од општината беа финансирани градежните материјали за оваа доградба, така што од Фондот всушност беа донесени само цевките. Всушност, се работи за целосно покривање на овој проект од страна на Бирото за недоволно развиени подрачја. Овој проект не би коштал ни три милиони денари, поради што прашувам што е со останатите средства односно дали Министерството презема некакви мерки за расветлување на ваквиот случај.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото прашање беше упатено до Министерството за здравство. Повелете министре.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Ви благодарам.

Амбулантата во селото Татлиш-Струшко точно е дека 5 години оваа амбуланта е изгорена и од пожарот е уништена и е во функција и од тогаш како преодно решение, најден е еден модалитет што таа амбуланта е сместена во објект на селска џамија, што се согласувам со пратеникот дека тој објект таму не ги исполнува тие просторни технички услови за работење на една амбуланта. Најверојатно, тука е направен еден пропуст кога се направени приоритетите за изградба на 30 здравствени станици од средствата од продажбата на Телеком, од кои вкупно се изградени 30 такви здравствени станици во државава, но тогаш оваа амбуланта не е ставена во оваа агенда. Точно е дека е доставен еден проект од месната заедница до Министерството за здравство  и ние ќе се ангажираме да најдеме начин како да се изгради оваа амбуланта, иако во Буџетот за оваа година не се издвоени посебни средства за изградба на нови објекти здравствени и тн, но ќе се обидеме да изнајдеме начин како од средствата за одржување на здравствените објекти што се во Фондот за здравствено осигурување, како оваа амбуланта повторно да ја ставиме во функција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот.

НЕДИМ РАЗИМИ:

Задоволен сум.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Преминуваме на второто прашање упатено до Министерот за правда.

Повелете министре.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Имајќи ги предвид законските надлежности на Министерството за правда, со тоа и на Министерството за внатрешни работи по однос на оваа област односно оваа прболематика, точно е тоа дека во Министерството за правда од повеќе населени места се добиени барања, кои ја искажуваат потребата од отворање на месни канцеларии во одредени населени места, дека тоа навистина е потребно за населението во тие населени места.

Во тие барања се и барањето што сега го кажа пратеникот за овие две населени места во тој регион. Со оглед на тоа дека еднаш беше одговорено на ова прашање по однос на поставеноста и по однос на надлежностите, затоа што се преплетуваат со МВР, јас користам прилика да го известам пратеникот дека за сите овие барања, посебно и за овие две, заедно со МВР ќе се ангажираат лица од службите, кои ќе ги посетуваат овие населени места, а и другите кои имаат поднесено барања, се со цел фактички да ја пресликаат состојбата и по однос на тоа што значи сместување, објективни просторни можности и по однос на конкретните барања односно во кој обем во тие населени места има потреба за издавање на такви услуги, кои се во надлежност на Министерството за внатрешни работи и на Министерството за правда. Откога ќе ги добиеме резултатите односно проценката и ако согласно критериумите, се вклопуваат во тоа што значи можност за отворање месни канцеларии тоа и ќе биде направено.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

НЕДИМ РАМИЗИ:

Задоволен сум.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Преминуваме на третото прашање упатено до министерот за локална самоуправа.

Повелете господине Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Пратеникот е потполно во право врз основа на фактите кои ги изнесе дека во текот на 2002 година на општина Лабуништа односно на населеноето место Лабуништа се определени 9.500.000 денари за изградба на фекална канализација. Би сакал да објаснам дека Бирото за недоволно развиени подрачја средствата ги определува врз основа на потребите, а додека постапката за избор на изведувач, за избор на надзор ја врши самата општина во делот на нејзините овластувања, а додека Бирото врши целосна наменска контрола на потрошените средства. Со случајот во Лабуништа целокупниот износ од 9.500.000 денари е исплатен во текот на 2002 година, а од страна на Бирото и укажувањата на одредени учесници и во делот на граѓани од Лабуништа преземени се мерки за контрола за наменското трошење и се констатирани одредени неправилности во делот на доставуваните ситуации, во делот на материјалот. Во понатамошниот тек врз основа на тие укажувања и моите сознанија, Бирото ќе преземе одредени конкретни надлежности према лицата кои учествувале во тој дел. Затоа, на пратеникот би му укажал дека конкретно и точно за целокупниот процес на одвивање во делот на извршување на овие работи, би му одговориле и во писмена форма за целокупниот дел за одвивање на овие надлежности.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

НЕДИМ РАМИЗИ:

Задоволен сум.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господа пратеници, ние ќе направиме пауза до 14,00 часот, а сеуште имаме време за уште еден пратеник, само би сакал да ги прочитам следниве 4, за да знаат. Следната е госпоѓа Ристана Лалчевска, потоа е господинот Зоран Шапуриќ, по него е господинот Џезаир Шаќири и господинот Љубисав Иванов-Ѕинго.

А, сега и давам збор на пратеничката Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине претседателе.

Прво, би поставиле едно прашање до Владата, кое што беше поставено пред точно 4 месеци, меѓутоа, јас до денешен ден не добив никаков одговор, иако поранешниот министер Гошев во име на Владата презеде обврска дека ќе ми одговори на ова прашање. Со оглед дека не добив одговор, еве повторно ќе го поставам прашањето.

Моето прашање се однесуваше на комплексот "Горица" - Охрид и прашањето гласеше,кога Владата ќе донесе одлука со која ќе се определи заштитнта зона за објектот на Владата во комплексот "Горица" како би можеле да се решат предметите за денационализација, кои се поднесени уште во 2002 година за овој простор.

Не би сакала да образложувам затоа што верувам дека Владата ги има сите мои образложенија околу ова прашање, меѓутоа апелирам и барам најитно да се одговори на ова прашање како би граѓаните можеле да си ги решат своите сопственички права во овој комплекс. Значи кога Владата ќе ја донесе одлуката за заштитната зона околу владиниот објект во комплекс "Горица".

Би сакала да поставам прашање до министерот за транспорт и врски, меѓутоа, не го гледам присутен, па би поставила едно прашање до министерот за екологија и просторно планирање.

Во последно време сведоци сме на се поголем интерес околу заштитата на Охридското Езеро. Имено, постојат во јавноста многу се актуелизира ова прашање за заштита на ова наше природно богатство, а еден од најголемите проблеми во загадувањето на Охридското Езеро, се Косовската Река и реката Сатеска. Пред прилика месец ипол до два месеци време, до Минисетрството беше доставен еден проект за заштита на Охридското Езеро, односно за санирање на овие две реки и ме интересира министерот да ми одговори дали е запознат со овој проект, дали воопшто може да се одобри проектот за заштитување на Охридското Езеро, односно за санирање на Косовска река и река Сатеска и дали размислило Министерството да предвиди средства за заштита на Охридското Езеро за наредниот буџет, пошто без средства не може да се заштите овој бисер на Македонија. А, не се работи за големи суми и го молам околу тоа да ми даде одговор.

Третото прашање за жал, ќе го насочам до министерот за труд и социјална политика за онаа категорија пензионери кои ги загубија своите пензии кои до ден денес не успеаја да ги воспостават. Нема да образложувам, на министерот познат му е проблемот, позната му е категоријата на пензионери воени кои ги загубија пензиите, тој покажа волја дека ќе го реши овој проблем.Меѓутоа, јас би го запрашала министерот, дали постои можност и волја да им се даде актонтативна

пензија на оваа категорија пензионери. Се работи за бројка помала од 40 луѓе, значи не се работи за големи средства, додека да се воспостави тој правен континуитет за решавање на нивниот статус на пензионери. Ова го поставувам, затоа што меѓу време добив нови информации и тао дека нивното пензионирање се врзува околу Законо за ратификација на договорот за сукцесија, кој Парламентот го има потпишано на 24.02.2002 година. Меѓутоа, од моите сознанија таму има една одредба во која се вели, додека сите земји од поранешна Југославија не го ратификуваат овој договор, не ќе биде применлив. Јас имам сознанија дека само уште Хрватска не го ратификувала овој договор за сукцеција. Не знам дали е точно, можеби министерот знае повеќе, па затоа во таа насока би сакала да знам дали постои волја, можност, овие луѓе да бидат актонтативно пензионирани до решавање на крајниот нивни статус, затоа што се во прашање 11 години нивна борба за враќање на пензиите, кои заслужено ги добиле, па ги изгубиле и се загубиле во правниот систем и до ден денес сеуште не се решени.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

На првото прашање доставено до Владата, ќе одговори министерот за финансии.

Повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Одговорот на прашањето што госпоѓа Лалчевска туку што го постави по втор пат е изготвен и до Парламентот ќе се дистрибуира во текот на утрешниот ден. Би ја замолил, со оглед дека се работи за детали во врска со имотните односи околу објектот што е спомнат, откако ќе го добие, на наредната седница да се изјасни дали е задоволна од тој одговор. Инаку, одговорот е веќе изготвен иутре ќе го добие.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи, можам д сметам дека ќе дадете писмен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Писмен, изготвен е, ќе го дистрибуираме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Минуваме на второто прашање  што е упатено до министерот Љубомир Јанев.

Повелете министре.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Во однос на поставеното прашање, Косовка река и пред се река Сатеска се идентификувани, преку Проектот за заштита на Охридското Езеро, како едни од поголемите, а Сатеска како најголем загадувач на Охридското Езеро. Согласно со реализацијата на овој Проект, бидејќи добивме официјална потврда од Светската банка дека овој Проект ќе продолжи и во наредната година, овие две реки ќе бидат предмет на решавање од аспект на заштита на Охридското Езеро.

Инаку, во однос на вториот дел од прашањето, средства предвидени во нареден буџет, секој издржан проект аплициран до Министерството за животна средина и до Фондот за животна средина пред се, ќе биде предмет на разгледување и прифаќање за реализација од средствата на буџетот на Фондот за животна средина или од средствата на буџетот на Министерството во ставките за решавање и заштита на водите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Да.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тогаш останува уште да се одговори на третото прашање што е упатено до министерот за труд и социјална политика.

Повелете министре.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Јас ја поздравувам упорноста на пратеничката Лалчевска. Ова не е втор пат туку трет пат ми се чини како го поставува ова прашање и сакам уште еднаш да посочам дека јас како министер за труд и социјална политика си останувам на зборот.

Одлуката за она што го бара Лалчевска е изготвена и е пуштена во владина процедура. Сега се работи на меѓуресорски усогласувања. Се надевам дека во текот на декември ќе биде усвоена. Истовремено, таа одлука се однесува на три категории, различни категории воени пензионери со две подкатегории. Ги опфаа и прашањата што беа поставени и од Лалчевска и од пратеникот Шапуриќ и од уште еден пратеник во изминатиот период. Значи, со една одлука се нуди решавање на повеќе различни проблеми, меѓутоа кои што заеднички може да се рубрицираат како

проблеми настанати со распадот на поранешната ЈНА и статусот на воените пензионери што произлегоа од таму.

Решението за оваа група пензионери, за кои што е посебно заинтересирана пратеничката Лалчевска е токму во таа насока како што и таа сугерираше. Се работи за решение за аконтативни исплати, затоа што како што посочи пратеничката, додека сите држави, а точно, остана само Република Хрватска, не го ратификацираат Договорот, до тогаш за жал тој не е применлив. Значи, такво решение ќе биде понудено до Владата и јас се надевам дека Владата ќе го прифати и дека од наредната година, од 1.01.2004 година овие луѓе конечно ќе може да го решат, на еден задоволителен начин својот статус.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот Лалчевска е задоволна од одговорот?

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Јас му благодарам на министерот за трпеливоста со која ме следеше цело време околу актуелизирањето на овој проблем и за сите свои залагања што ги даде за решавање на проблемот на оваа категорија на пензионери.

Јас, господине министре барав решение а не одговор, еве решението е на повидок и уште еднаш ви благодарам за сето внимание и сета трпеливост со кои што вие ме следевте мене, во име на сите оние кои ќе ги добијат своите пензии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Со ова ја завршуваме претпладневната сесија на поставување пратенички прашања.

Објавувам пауза до 14,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,15 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со поставување пратенички прашања.

Следен на ред за поставување пратенички прашања е пратеникот Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани министри,

Јас имам три, согласно Деловникот пратенички прашања. Со оглед на отсуство на повеќе министри, за кои се надевам дека ќе дојдат, затоа првото прашање го пренасочувам до министерот за правда.

Имено, моето прашање е:

Со оглед на тоа што, со законската регулатива постојано се зголемуваат надлежностите на нотаријатот, а преку 200 лица до сега имаат добиено лиценца за обавување на нотарска дејност, а испитите за нотарска дејност и понатаму се организираат од страна на Министерството за правда, дали Министерството за правда размислува за либерализација за вршење на нотарската дејност, во смисла на зголемување на бројот на нотарите?

Второто мое прашање е прашање до Министерството за образование и наука, односно до Владата, бидејќи министерот и замeникот не се тука.

Имено, мене ми е познат фактот дека со Одлука на Влада, односно со Одлука на Министерството ќе бидат примени високосручни кадри на универзитетите, бидејќи навистина е потребно подмладување на овој кадар. Меѓутоа, се работи за тоа дека сепак високошколските установи се прилично затворени, па така, со изговор дека имаат премногу образование, што е навистина зачудувачко, оние магистри и доктори на науки кои конкурираат за асистенти се одбивани со таа аргументација. А зборуваме дека голем број на високостручни кадри, односно голем број на магистри и доктори на науки се отселуваат од земјата, особено младите луѓе.

Прашањето во таа смисла е што ќе направи Министерството за образование и наука за ангажирање на овие навистина високостручни научни кадри кои се потребни на државата, пред се во образовниот процес, а се работи за млади луѓе кои не можат на тие конкурси да бидат примени за асистенти.

Третото мое прашање е до Министерството за транспорт и врски, односно до Владата:

Имено, кои мерки ќе ги преземе Владата, посебно Министерството за транспорт и врски како матично надлежно министерство во врска со неконтролирано монополско однесување на Телекомот.

Ова однесување е веќе во континуитет. Се работи за неконтролиран одлив на средства од Република Македонија, средства што граѓаните на Република Македонија ги плаќаат со превисоки, надуени сметки, а овие средства се одвојуваат за фиктивни консултантски услуги. Па така, само за консултантски услуги на име на изготвување на оваа организација и систематизација на Телеком се дадени на една странска фирма повеќе од 20 милиони евра, иако таа услуга и минатата година била завршена а и за наредната година се предвидува ангажирање на консултантска фирма за организација и систематизација. Па, замислете, 50 милиони евра како средства на граѓаните ќе се одлеат на консултантски услуги. Затоа е моето прашање

- што ќе преземе Владата, односно Министерството против ова неконтролирано дивеење и монополистичко однесување на Телеком?

Исто така, во овој контекст би сакал да добијам одговор што ќе се случи со енормно големите сметки за кои што граѓаните постојано се поплакуваат, меѓутоа не можат да ги докажат. Неодамна видовме дека енормно се зголемени сметките за некои егзотични земји за кои граѓаните воопшто не слушнале, како што се Гвинеја Бисао, Венецуела и некои други земји. Во таа смисла барам одговор од Министерството за транспорт и врски, од Владата, какви конкретни мерки ќе бидат превземени во врска со вакво дивеење, односно монополското однесување на Телеком?

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Благодарам господине Шапуриќ.

Првото прашање е упатено до Министерството за правда. Тука е министерот.

Дали ќе одговорите?

Повелете министре.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Благодарам.

Нотаријатот е уреден со Закон за нотаријати во Република Македонија и сакам да го известам пратеникот по однос на прашањето што го постави дека има одредени услови што се по однос на критериумите и распоредот на нотарските места во Република Македонија директно поврзани со законски одредби. Би спомнал еден од нив, а тоа е дека по број на жители, едно подрачје може да има до 20 илјади граѓани. Но, без разлика на тоа.

Согласно Законот, поблиските критериуми по однос на ова прашање се уредуваат со подзаконски акти и тоа со Правилникот што го донесува министерот. Тој Правилник мислам дека еднаш во 2000 година е дополнет со проширувањ на бројот на нотари. Во моментот, точно по бројка незнам, можеби ќе грешам, меѓутоа околу 120 места се пополнети, согласно тој Правилник уште 20-тина места се празни, значи може да се пополнуваат.

Зошто го спомнав критериумот што е во Законот, од причина што не зависи само ако се појави потреба и при вршење на една анализа по однос на правните работи што ги вршат, можеби ќе се дојде до констатација дека тој Правилник треба да се прошири и со уште такви места. Но, сепак, уште преостанува обврската што ја

имаме согласно Законот дека не треба да го надмине бројот од 20 илјади на едно такво подрачје.

Го информирам пратеникот дека во Министерството за правда во тек е подготвување на измени и дополнување на Законот за нотаријат, во кој се посветува внимание по однос на постапката за поставување на нотарите, нотарските такси. Верувам дека ќе се посвети внимание и на ова. Меѓутоа, сепак, со една поопсежна анализа и ако дојдеме до податоци дека навистина е потребно во државата да се менуваат односно да се прошири бројката во Правилникот, тоа ќе биде направено.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Во голема мерка сум задоволен од одговорот, со напомена дека е добро што министерот најави дека постојано ќе ги следи состојбите во оваа област, бидејќи тоа е навистина жива материја, законите постојано се менуваат, нотарската дејност се зголемува односно надлежностите и овластувањата на нотарите се зголемуваат, а во иднина исто така ќе биде тој тренд. Со таа напомена дека Министерството треба да ги следи тие трендови и состојби.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Второто прашање е упатено до Министерството за образование и наука. Тука е заменикот министер, господинот Тале Герамитчиоски, Мислам дека може и тој да одговори.

Повелете господине.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

За да биде комплетен одговорот на прашањето на почитуваниот пратеник, само би дал еден податок дека во 2000 година на државните универзитети во бројка имало околу 3.100 извршители. Соодветно на лошата политика во делот на кадровската политика што се водела во тој период за две години настанала ерозија и бројката се спуштила до 2.700 извршители.

Само за илустрација, во 2002 година околу 60 извршители во високото образование заминале во пензија, што 80% се редовни професори, бројка што не може, оние кои ја познаваат оваа проблематика знаат дека не може едноставно да

биде надокнадено отсуството на еден редовен професор кој што низа години се изградувал како научен работник.

Министерството, во тој период, кога ги започна своите активности за да запре оваа ерозија, најнапред обезбеди, заедно со Министерството за финанси дозвола за вработување на тие 60 нови работни места, претежно со млад кадровски потенцијал во високото образование, бидејќи потенцираат дека професорите не се создаваат преку ноќ и не е едноставно да се најде замена.

Значи, по тој основ, со взаемно разбирање со Министерството за финансии, иако, иако морам да признам дека трендот на забрани за вработување во овој дел беше доста рестриктивен, се наиде на разбирање и поддршка и во тој период ја запревме ерозијата што беше присутна во изминатите години.

Со измените на Законот за високо образование, каде вметнавме одредба дека сите оние, повторно ја внесовме институцијата “помлад асистент”, тоа звање и сите оние кои беа ангажирани по различни основи и беа на некој платен список во Министерството за образование и наука во дел на стручни соработници, помлад асистентски кадар кој што со договор на дело ја извршувале таа работа, се стекнаа со статус на редовно вработени. По тој основ бројката достигна околу 74 извршители. Или, вкупно за 2003 година околу 142 нови извршители во високото образование на државните институти, на јавните институции, научните институти во Република Македонија и на државните институти беа примени во редовен работен однос.

Ако дадете оценка дали е тоа доволно или не е доволно, зависи од кој агол се гледаат работите. Според студиските програми што се развиени на универзитетите, таа бројка, сметајќи на изминатиот период во кој што ерозијата на наставниот и асистентскиот кадар била доста изразена, е недоволна за покривање на тие студиски програми, а од друг аспект почитувајќи ги сите околности во кои што Република Македонија се наоѓа на економски план, на слабата еконмска моќ, на буџетските рестрикции, тогаш е јасно дека мора да бидеме задоволни со оваа бројка што ја постигнавме во 2003 година. Знаи, околу 142 нови соработници, претежно беа соработници, иако мал број беа и професори што по разни основи не биле до сега ангажирани во процесот, во воспитно-образовниот процес, наставно-образовниот процес што го спроведуваат на универзитетите.

Во наредниот период чиниме напори за редефинирање на научно-иастражувачката дејност во Република Македонија, преку соодветни правилници и редефинирање на начинот на спроведување на научните активности преку

таканаречени целни програми во кои што ќе се обидеме да го вклучиме и стопанството, ќе се обидеме да ги вклучиме и потребите на одредените министерства во анализи во кои што научните работници би си го нашле своето место. По тој основ сметаме дека за околу 30% можеби ќе се јави потреба и за обезбедување на други средства за ангажирање на нов научно-истражувачки подмладок во Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Во голема мера сум задоволен од одговорот, особено од последниот дел од одговорот, кога заменикот министер рече дека Министерството ќе врши анализи.

Крајно е време и оваа држава да почне да внимава на таков кадар. Но, за илустрација исто така би напомнал дека сепак универзитетите, односно факултетите се премногу затворени. Еве, ќе кажам конкретен пример:

На Технолошкиот факултет не се примаат млади кандидати кои имаат докторски и магистарски титули за асистенти, со образложение дека имаат премногу високи титули за такви места. Мислам дека Министерството треба преку своите инспекторати да поведе сметка за тоа, да прецизира, да измени ако треба и закони или други подзаконски акти, да ги прецизира тие критериуми, норми за прием на овие млади високостручни научни кадри.

Но, еве, завршувам, како илустрација исто така да кажам дека треба да се води соодветна застапеност за одредени институции. Институтот за правно политички и социолошки истражувања, барем до пред два месеци, веќе 10 години нема примено ниту еден научен соработник, а се разбира дека такви институти мора да се подмладуваат, мора да циркулираат кадри и покрај пензионирање на неколкумина научни кадри.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото прашање е упатено до министерот за транспорт и врски односно до Владата.

Дали ќе одговри некој?

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

Писмено ќе одговориме.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Гледам дека министерот односно потпретседателот на Владата рече дека ќе дадат одговор во писмена форма, меѓутоа со напомена акцентот да биде на оние прашања кои што ги потенвирав односно напомена за енормно големите импулси коишто сеуште државата недоволно ги контролира особено спрема оние земји за кои што граѓаните на  Република Македонија  ниту чуле ниту виделе и посебно со акцент на неконтролирано одлевање во странство на овие пари од сметка на граѓаните за телефонските услуги за консултански услуги од кои очигледно е, евидентно е дека голем дел се фиктивни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Следниот пратеник кој што ќе постави прашање е г-динот Џезаир Шакири.

ЏЕЗАИР ШАКИРИ:

Благодарам г-дине претседател, Имам три прашања.

Првото прашање е до министерот за внатрешни работи. Иако претходно нашиот колега Фатмир Асани го постави проблемот на Сопот би сакал уште малку да го намачам министерот со ова прашање, иако знаеме дека исклучително е уморен од сите министри, но ова е еден проблем и за кој верувам дека треба да дебатираме и да расправаме на демократски начин со цел да најдеме излез во оваа насока.

Би сакал д аму помогнам на министерот за внатрешни работи вов рска со одговорто на Комисијата која е формирана во самото Министерство за внатрешни работи во врска со случајот во Сопот, иако министерот надминувањето на надлежностите ги призна, но јас би додал уште 4 други надлежности, иако министерот верувам дека знае, кога јас го знам тоа  го знае и министерот сигурно.

Прво е надминувањето на надлежностите со приведувањето на Бајрами, кој е приведен од Министерството за внатрешни работи од Управата на ДБК тогаш раководена од Зоран Верушевски, кој не внесе во еден проблем од кој не знаеме како да излеземе. Тој сега не е во средината на оваа Влада. Рамадан Бајрами е приведен и 5 дена е држен во разни вили без да се запише во ниедна полициска станица, во ниеден затвор во  Република Македонија . Значи надминување на надлежностите. Самите факти што ги имаме во Сопот, ги имаме декларациите на ова лице кои гарантираат со глава.

Второ надминување на надлежностите е контролирањето на куќите на селаните од Сопот без дозвола од судот, без налог на судот.

Трето надминување на надлежностите е дека се контролирани куќите без сведоци.

Четврто надминување на надлежностите е тоа дека се контролирани жените, албанките жени од Сопот без присуство на жени полицајки. Значи се контролирани од мажи полицајци.

Пето е тоа што полицијата е еднонационална.

Имајки ги предвид сите овие и други факти извонредносме заинтересирани овој случај да се обелодени. Не може МВР и Министерството за правда да им дозволиме да приведуваат граѓани, слободни граѓани без ниеден факт, без ниеден сведок. Сето ова не оптоварува нас и бараме од минситерот за внатрешни работи ако има факти или против факти на ова што го реков и да го регулираме овој проблем.

Не сме против тоа да се приведуваат лицата кои имаат направено криминално дело, во Сопот, Куманово или било  кое друго место. Јас сум меѓу тие кои што сум се потрудил да го обелоденам овој процес, министерот тоа добро го знае, но и покрај то амоите надлежности се многу мали и не сум моќен да одам до крај, затоа што единствена можност е да киднапирам една личност и да сведочи присилно, како што тоа го прави и полицијата. Но тогаш министерот за внатрешни работи со задоволство го признава тоа против мене, да ме приведе мене за надминување на надлежностите. За жал ова не можело да го обелодени но ние бараме во случајот Сопот да се приведат лицата кои го имаат направено делото во Стража, во Куманово и на било кое друго место и да не дозволиме денеска да се судат невини луѓе без никаков доказ без ниеден факт.

Сите факти и сведоштва се основани на декларацијата на Рамадан Бајрами додека тој моментално е на слобода, кој немал врска со случајот во Сопот. Денес Зоран Веушевски не е овде, министерот има проблеми и ние сите други , селаните од село Сопот ќе имаме проблеми и сакаме да се расветли овојслучај. Барам од МВР и од Министерството за правда да излезат јавно со сведоштва доколку ги има.

Второто прашање е до минситерот за труд и социјални работи.

Дали знаете г-дине министер дека селата Танушевци, Бреза се од 117 места кои веќе 3 години живеат на Косово. Што сте направиле за овие луѓе. Јас знам дека ништо и би прашал дали сте вие минситер само за македонците, или сте и за другите. Знам дека не сте направиле ништо. Можеби малку  е сурово ова што го зборувам моето барање, ништо не сте направиле во воаа насока, не сте дале никаква помош на тие села.

Третото прашање е до министерот за образование.

Г-дине минситер иако не сте овде верувам дека знаете училиштето во село Малина е разруШено и учениците нема каде да ја следат наставата. Исто така и џамијата во село Малина и денес кога слушаме дека се градат училишта , основни училишта во Зајас , или во Општина Зајас, кој биле и предходно, често пати ме води патот таму, ниедна куќа не е оштетена и ниту едно училиште кога ќе ги земете предвид барањата на ова најнапатено население.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото прашање беше упатено до Министерството за внатрешни работи.

Има збор министерот за внатрешни работи Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Воопшто не сум уморен и со задоволство докрај на денешната седница и ако има уште ново прашање за Сопот повторно ќе го одговорам.

Прво и основно потранспарентно од она што досега беше направено за случајот во Сопот од формирање на комисија, од составот на Комисијата албанци, македонци, раководител на Комисијата албанец на висока позиција во Министерството за внатрешни работи и присуство цело време на работењето на Комисијата за ОБСЕ, мислам дека потранспарентно од тоа нема што да се направи.

Исто така одржана е ПРЕС конференција на која што претседателот на Комисијата, целата Комисија и потпаролот и претставникот од ОБСЕ ја запознаа целокупната јавност со наодите и наодите на Комисијата беа јавно објавени.

Исто така можете да ги погледате и официјалните соопштенија, сакате од Амбасадата на САД, на ЕУ и т.н., можете сите тие работи да ги видите се е достапно. Затоа за нас од аспект на надлежноста на Министерството за внатрешни работи немаме што дополнително да расчистуваме.

Меутоа и овде повторно не треба да се злоупотребува дека се вршени претреси без судски налози.

Прво, Комисијата го отвори кога сака пратеникот Џезаир Шакири да дојде во Министерството за внатрешни работи и да ги види сите налози што се наоѓаат таму дадени од судот. Тоа и Комисијата го имаше и го констатира.

Единствена забуна која што може да настане е дека во еден двор на две куќи, претпоставено од еден ист човек и на втората е чукнато, втората не е наведена како помошна просторија, штала, незнам што беше, која не е наведена во судот.

Без сведоци, исто така не е точно. Претресени се вршени, записници се вршени, со записник во кој што е содржано се што е одземено. Друго е дали некој

дополнително после 3 месеци, после 5 месеци ќе пласира, ќе кажува други теми. Сите записници за одземени предмети се наоѓаат во досиејата, можат повторно да се видат.

Точно е дека немаше жени полицајки, меѓутоа не е ни вршен физички преглед на жените. Според тоа не може да се злоупотребува дек аполицајци мажи вршеле физички преглед на жените. Не е вршен ни преглед на просториите.

Многу долго г-динот пратеник Џезаир Шакири ја пласира тезата дека не се вистинските виновници за она што се случило со поставената експлозија кога загинаа двајца НАТО војници од Полскито контингент, кога загинаа и невини цивилни лица, многу долго пратеникот кажува дека има други докази, има докажи кои ќе го откријат вистинскито сторител на тоа дело и дека овие луѓе кои се сега обвините не се тие. Меѓутоа две работи би сакал да истакнам.

Прво, не е Министерството за внатрешни работи тоа што утврдува дали некој го извршил делото или не. Министерството за внатрешни работи обезбедува докази, поднесува кривична пријава судот е на крајот тој кој што ќе каже дали тие докази се валидни, доволни и судот изрекув апресуда, а потоа врз основа на таа првостепена пресуда си има друга постапка.

Меѓутоа г-динот Џезаир Шакири би сакал да го потсетам дека оваа теза дека он има стално дополнителни докази не е од сега. Ја слушнавме и на состанокот кој што го имавме во почетокот на летото во Арачиново, ја слушнавме и на состанокот кога го имавме со албанското население во  Куманово пред повеќе од 50-60 луѓе.

Она што сега г-динот Шакири не го кажува е дека  на тој официјален состанок му рековме наредните ден после состанокот во Куманово,ја имаше таа понуда од нас, може да дојде со билокакви докази во Министерството за внатрешни работи иако тоа не беше веќе наша работа туку на обвинителот, или натамошната постапка. Значи, да дојде за билокакви докази кои што ги има кој наводно би го откриле правиот сторител.

Дури, бидејки рече дека наредниот ден има обврска во ОБСЕ, рековме заедно со ОБСЕ во Министерството за внатрешни работи може да се одржи таков состанок и да презентира такви докази. Таков состанок г-дине Шакири никогаш не се одржа и на разочарување на ОБСЕ, затоа што можете и нив да ги прашате, наредниот ден и ОБСЕ и претставници на Министерството за внатрешни работи ве чекаа, ниту дојдовте, ниту какви било други докази поднесовте, воопшто не се појавивте. Според тоа не треба да се користат само јавни изјави околу некои наводни докази

инфорамции и т.н. Ако имате такви докази навистина треба практично да се сработат.

Министерството за внатрешни работи нема никаква намера, со какво задоволство би барале и би потнесувале прекршочни пријави за луѓе кои не направиле нешто, а вистинскито сторител дека не сме сакале да го фатиме, утврдиме или него да го судиме. Според тоа ако имате такви работи навистина презентирајте ги таму каде што треба и врз соодветна постапка , а не само да давате изјави коинемаат никаков основ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е одговорен од одговорот.

ЏЕЗАИР ШАКИРИ:

Не сум задоволен. Вистина е дека сме разговарале често пати со министерот за случајот Сопот, но за жал тој ден кога имавме намера да одиме кај минситерот сведокот се одалечи и затоа што во  нашата држава нема закон за заштита на сведоците, вистина е дека се работеше во таа насока и не можел да дојде свдокот до тука.

Се знае дека овие надминувања на надлежностите ги има од точни информации, од министерот и верувам дека минситерот доколку знае дека ова се случило со налог, денеска налог од судот може да се надомести, или да се внесе во досието кое го имало, но за во моментот јас имам информација дека тоа не постоело.

Друго, имало луѓе, јас лично не бев на суд за случајот во Сопот, но обвинителот не презентирал ниту еден пат, ниту едно сведоштво со исклучок на декларацијата на Рамадан Рамадани, кој е приведен 5 дена пред, без да се запише во ниедна полициска станица ниту во суд, ниту во затвор во  Република Македонија . Други факти има само од А1, или од другите весници. Можев или не можев да најдам докази, се потрудив, но вистина е дека јас не сум министер за внатрешни работи, јас сум пратеник, но и покрај тоа г-дине минситер за внатрешни работи и на правдата, иако минситерот за правда не ги знае овие работи, не можеме да дозволиме процеси каково случајот во Сопот без сведоштва да се казнат граѓани на Република Македонија .

Уште еднаш да напоменам дека нема сведоштва, солидни сведоштва за да се казнат овие луѓе. Имаме илинемаме други докази не треба да дозволите да се монтираат овие процеси, затоа што сите ние ќе имаме проблеми.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали министерот има коментар на ова.

ХАРИ КОСТОВ:

Драго ми е што пратеникот фактички призна дека имало таков договор и договор за одржување на состанок и дека не дојде, меѓутоа тоа беше пред 3 месеци и не значи дека во било кој ден од тие три месеци наваму не можел да презентира новидокази пред Министерството за внатрешни работи односно пред Обвинителството и пред судството. Досега тоа не е направено.

Мене ме чуди како може да се пласираат такви лесни информации дека г-динот Шакири имал повеќе информации, дека на денот на претресот немало судски налог. Не само што на денот на претресот имало судски налог туку досиејеата се таму уште од првиот ден и сега не верувам дека тој може да има повеќе увид во тие досиеја и судски налози отколку самата полиција. Ако било лесно, какошто велион, подоцна да се земат налози зошто било проблем тогаш вечерта да се земат налози и да биде чиста операцијата. Операцијата е чиста и извршена врз основ ана барање на судот и судски налог обезбеден.

На крајто власта во Република Македонија е поделена на законодавна, извршна и судска власт. Не сум јас не е ни г-динот Шакири тој што ќе оценува дали доказите кои беа презентирани во судот се точни илине се точни и не е ниту тој ниту јас тој што може да каже дека процесот е монтиран или не е монтиран. Судот врз основа на расположивите докази си донесе соодветни пресуди и постојат натамошни постапки по тие пресуди.

(Со седницата продолжи да претседава г-ѓа Лилјана Поповска).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Иџет Мемети, дополнување на одговор.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Бидејки вие г-ѓо потпретседател не бевте тука при поставувањето на прашањето на два пати, а и при дополнителното прашање уште еднаш беше споменато Министерството за правда на чие чело сум. За секоја почит кон пратеникот, меѓутоа порадијавноста сепак сметам дкеа е добро да изнесам одредени инфорамции по однос на поставеноста на властите во Република Македонија . Ова го правам само поради јавноста.

Прво и прво беше спомнато приведувањето како правен институт. Тоа е исклучива надлежност на Министерството за внатрешни работи, а гонењето исклучиво надлежност на Јавното обвинителство. Судењето е исклучива

надлежност на третата власт, а тоа е судството. Ова гокажувамод причина за да не се стекне впечаток во јавноста дека Министерството за правда го има тој магичен стап и може да влијае кај сите овие власти.

Единствено што можам да се согласам со пратеникот, а верувам дек аи јавноста и сите пратеници ќе се согласите е тоа дека навистина тоа треба да ни биде стремеж и затоа треба да се обидеме сите без разлика на кои функции и позиции се наоѓаме правдата да се доведе на свое место.

Сакам да кажам дека и во судските постапки кои се исклучиво надлежност на судовите во однос на тоа ценење на факти, водење на постапка итн., се согласувам со пратеникот во делот дека не е во ред и не би било добро кај нас, па и во таа власт да се случува да се прекрши постапката, да се случува да не се ценат фактите и да се случува да паѓаат пресуди кои нема да опстојуваат во жалбините постапки итн., од причина што на крајот на краиштата, сепак, државата треба да ја исправи таа неправда ако се случи.

Во однос на конкретниот случај, јас не би сакал да навлегувам од причина што тоа е исклучиво надлежност на судската власт. Судот е тој што ги цени фактите. Ако пратеникот прашува кој е тој кој би можело на Судот да сугерира или ако во одреден случај судот или судијата поединец ја прекрши постапката, или не ги цени како што треба фактите, и за тоа во РМ има инструмент, односно правен институт, а тоа е Републичкиот судски совет. Ако навистина се има докази во однос на прекршување на постапката и несовесно и нецелосно ценење на фактите имаме институција, тоа е Републичкиот судски совет, тоа е адресата до која треба да се обраќаме, надвор од тоа што значи судска постапка, жалбена постапка, втора истанца итн.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме со одговор на второто прашање, кое е упатено до министерот за труд и социјална политика.

Има збор г-динот Јован Манасијевски.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Јас сосема ја разбирам потребата и на крајот на краиштата должноста на пратеникот да се интересира за сите состојби во делот на територијата што како пратеник ја застапува чии интереси ги застапува тука, меѓутоа, притоа би молел да не се генерализираат состојбите. Имено, пратеникот во своето прашање упати една констатација социјалната политика дали воопшто е насочена кон Албанците или само кон македонците. И сега по незнам кој пат го повторувам ова, меѓутоа, повторно како и колегата Мемети заради јавноста мора тоа да го повторуваме, иако

можеби сме здодевни, дека албанската заедница според пописот од 1994 година учествува со 22,9% во вкупното население. Во примателите на социјалната помош и средствата што се користат од социјалната помош учествува со 29,8%. Мислам дека самиот овој факт, г-дине пратеник говори дека државата при водењето на својата социјална политика во овој дел воопшто не се води од етнички критериуми или ако се води од етнички критериуми, тогаш некој друг би можел да ја обвини дека фаворизира одредена етничка заедница во тој домен. Значи, генералната констатација воопшто не ви држи, а за конкретната состојба во регионот, со потполно право го поставувате тоа прашање. Тој регион, покрај тоа што е заостанат во развојот како еден тешко достапен ридско планински предел, беше доста погоден и од дејствијата од конфликтот во 2001 година и Владата на една од своите седници посебно расправаше за тоа како да се помогне на овој регон. Направени се сите напори за довод на електрична енергија, министерствата за внатрешни работи и за правда имаа мобилни канцеларии, таму ги инсталаираа за да се дадат побрзо документите на луѓето, затоа што луѓето таму воопшто немаа документи, никакви документи што и вие во своето прашање го имплицирате, со тоа што укажавте дека тие се на една постојана релација Косово-Македонија.Вие исто така ја знаете нашата позитивна законска регулатива дека за остварување на одредено право потребна Ви е елементарна идентификација, што значи претходни дејствија треба да бидат завршени од соодветните управни органи за да се добие идентификација врз основа на која вие можете да аплицирате, меѓу другото, и во социјалниот систем на државата. Истовремено, со напори на министерството за одбрана, а потоа и со Министерството за здравство таму е инсталирана и амбуланта. Значи, се прават сите напори тој крај онолку колку што може да се опорави од конфликтните дејствија.

Исто така, на вчерашната презентација координаторот на помошта за раселените лица, Министрот Поповски образложи дека за овие региони се планира и конкретна помош во земјоделски помагала или конкретно за овој крај во грла на добиток или друг вид на помош, што ќе им овозможи на овие луѓе својот живот соодветно да го продолжат.

Значи, констатацијата не ви држи, се преземаа сеопфатни мерки од сите аспекти. Можеби сите би сакале тие мерки да бидат побрзи да даваат поефективни резултати, меѓутоа, за разлика од периодот до сега кој постоел оваа Влада и во овој регион и во други посветува внимание за овозможување на елементарни услови за живот и треба да и дадете шанса и можност на Владата на тие свои принципи и

начела, кои отпочна да ги реализира, да издржи и во наредниот период да имаме поконкретни и позадоволителни резултати.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали пратеникот Шаќири е задоволен од одговорот?

ЏЕЗАИР ШАЌИРИ:

Госпоѓо потпретседател, би сакал да го информирам малку повеќе господинот министер. Министрите се извонредно паметни и затоа се и министри, знаат да ги избегнат прашањата.

Сакам да кажам дека Министерството за одбрана три пати испрати еден лекар во Танушевци, значи вкупно три пати. Никогаш Меѓународнот Црвен крст ниту македонскиот Црвен крст не испратил помош, но никој не направил ништо да ги запише тие бегалци во Косово. Не се знае како живеат таму. Ова е моето прашање. А што е направено таму, ние знаеме добро. Било кој да отиде во селото Танушевци и Брест ќе види дека имаме куќи од трета и четврта категорија што не се изградени. Имаме изрушени училишта и џамии. Што е направено во последно време? Иако веќе три години постоии фонд за изградба на патот Скопје-Танушевци до границата, изградбата на патот е започната, два ипол километри од патот се направени и тоа само каде што има многу кал на патот, затоа што е планинско место, нема да се работи ништо до пролет.

Моето конкретно прашање е дали Министерството има сознание за тие луѓе каде и како живеат.

Што се однесува до тоа дека Министерството за внатрешни работи има отворено канцеларии, вистина е дека во село Танушевци речиси три месеци продолжи - таа комисија не продолжува, но во селата Малина Маала и Брест никаква документација не е собрана и МВР не ги има посетено. Таму е направена една мала работа колку да се рече дека нешто е е направено Ако сте навистина успешни наша желба не е да Ве критикуваме, туку работете и работете, затоа што навистина ќе ве пофалиме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас незнам дали имаше дополнително прашање.

Г-дине Манасијевски ако сакате да коментирате.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ :

Прашањето на пратеникот и грижата, што е сосема нормално, е посеопфатна и надвор од овој ресор што го претставувам меѓутоа, како што добро знае пратеникот и заради конфигурацијата на теренот и заради досегашната практика

најголем дел од луѓето од Танушевци во своите стопански и други активности се упатени и на другата страна на границата, па оттаму определба на Владата беше да им го олесни секојдневниот живот со формирање на граничен премин. Меѓутоа, и пратеникот и јавноста се сведоци со какви проблеми се соочи Владата во остарувањето на таа своја намера. Значи, честопати она што ќе се договори и сака да се помогне да се реализира е од низа, за Владата неразбирливи причини, опструирано.

Инаку, место за посожување на проблемите и проблеми навистина има многу во овој крај, затоа што со децении во него апсолутно ништо не е вложувано. Меѓутоа, не може да се очекува за една година да се направат чуда. Битна е насоката, насоката е правилна, преземени се дејствија, а овие дејствија што ви ги кажав што треба да ги преземе МВР, што ги презема со издавање на документација елементарна, се предуслов тие граѓани да се вклучат во потполно уживање на сите права што ги дава нашиот вкупен систем, а во тие рамки и социјалниот систем.

Сакам да Ви кажам г-дине пратеник дека нашето Министерство за конкретни предлози од пратеници од било кој дел од државата, особено за вакви региони кои се заостанати во својот развој и се соочуваат со проблеми е отворено за конкретни идеи и конкретни начини, во соработка со локалната самоуправа и со месните заедници како на најбрз начин и најрационално да се помогне во секојднвниот живот на тие луѓе.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јавува министерот Владо Поповски, веројатно да појасни нешто од неговиот делокруг.

ВЛАДО ПОПОВСКИ:

Како што истакна и министерот Манасијевски, бидејќи прашањето што е упатено од почитуваниот пратеник се однесува на неколку сегменти или потожно неколку ресори, сакам со две реченици да го известам пратеникот дека сите оштетени куќи од трета и четврта категорија во Брест и Малина Маала, што се влезени во Програмата за имплементација, за нив се целосно обезбедени средствата и во раната пролет ќе почне реконструкцијата на овие оштетени куќи. Значи, нема никакви дилеми, сите тие куќи ќе бидат поправени.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Третото прашање беше упатено до министерот за образование и наука.

Има збор заменикот министер г.Тале Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Ова прашање веројатно е тесно поврзано со одговорите за кои претходниците го искажаа своето мислење во однос на поголемиот број на објекти кои се во фаза на реконструкција, а населението живее во подрачјето кое беше посочено од страна на почитуваниот пратеник.

Што се однсесува до училиштето во Малино кое било во мошне тешка состојба, мора да се има предвид дека согласно со оние можности кои Буџетот на Република Македонија ги овозможува во овој момент а се многу мали, во поглед на инфраструктурните барања на образовната мрежа, која е во РМ, имено, за појаснување на јавноста, елементарните потреби кои образовната мрежа во РМ ги побарува од страна на Министерството за образование и наука во поглед само на ревитализација на основни инфраструктурни елементи и на училиштата е околу 5 милијарди денари. Ние имаме на располагање околу 120 милиони денари, со кои можеме да интервенираме само во насока на итни потреби за оспособување на училиштата за изведување на наставата. За капитални инвестиции, односно започнување нови објекти во делот на нови училишта, започнати се некои активности кои претходно биле дадени во Годишната програма која била усвоена. На кој начин и со какви критериуми се давани одредени приоритети за одредени објекти се ценело во поглед на висината на инвестициите кои требало да бидат вложени за тие училишта. Веројатно била направена проценка дека за 2003 година за тоа училиште се потребни навистина високи средства за започнување на капиталната градба и дека во овој момент, поради недовршеност на другите објекти за враќање на раселените лица, во кои и децата би се вратиле на нормална настава на училиште, проблемот е одложен за наредната година. Се проценило дека со тие средства кои нормативно проектирано би требале за да започне изградбата, подобро би било тие инвестиции да бидат насочени за реализација на инфраструктурни зафати во објекти кои би се доизградиле - значи посочените подрачја веројатно подлежат под тие објекти кои почитуваниот пратеник ги посочи. Значи, нема некоја зланамера зошто токму во тоа село или во тоа подрачје не се инвестира, проценките се прават врз основа на показателите кои во даден момент стручните екипи на Министерството за образование и наука ги прибираат од теренот, што не значи дека во наредниот период, согласно со сите оние зафати кои беа веќе посочени дека се во тек, ќе биде опфатено и тоа училиште.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Шакири дали сте задоволен од одговорот?

ЏЕЗАИР ШАКИРИ:

Задоволен сум од одговорот, но би сакал уште еднаш да ги повторам зборовите од моето прашање.

Кога има буџет во текот на три четири месеци да се изградат два објекти на основни училишта кои постоеле претходно, но кои биле стари, на неколку жители кои не се оштетени од војната и немаат толку лоши услови, а да нема средства за едно сиромашно училиште како што е училиштето во селото Малино, каде селаните немаат ниту електрична енегија, ниту пат, немаат ниту амбуланда, а лекарот ги посетува многу ретко, но имаат и други тешки услови - сакам да кажам, и вие знаете г-дине министер дека завчера се изгради еден објект на едно средно училиште во општина Зајас. Ние немаме ништо против новите објекти, но малку да ги видиме тие што се понапатени, на нив да им дадеме предност, да немаат предност тие луѓе, а луѓето кои патат и кои пателе повеќе да ги запоставиме. Во врска со тоа е моето прашање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму со поставување прашања.

Има збор г-динот Љубисав Иванов.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ:

Ќе поставам три прашања: Едното до Владата, другите две до министерот за финанси и министерот за економија, бидејќи никој не постави ниедно прашање до нив. Тие се нови, малку да се загреат.

Првото прашање е дали Владата подготвува закон или размислува во тој правец, да формира еден фонд за поттикнување на економскиот развој во РМ, со средствата кои се собираат и кои се собираат со приватизацијата на економските субјекти во Македонија. Тоа се огромни средства кои досега одеа во буџетот и се користеа во потрошувачката. Земјите во транзиција како нас таквите средства ги издвојуваа на посебни сметки и се користеа за инвестициони вложувања и поттикнување на развојот на сопствената држава. И логично е тоа и правилно е тоа да се прави. Тоа го правеле и нашите стари, тоа го правел и секој домаќин кога ќе продадел еден објект, парите не ги троши на свадби, на лични доходи, на раскош, туку парите ги троши да купи друга куќа, друга нива, друга крава итн.

Второто прашање е до министерот за финансии. Не мора да ми одговори сега веднаш бидејќи е нов таму, не може за така кратко време да се запознае. Замолен сум од многу работни организации да го поставам следното прашање.

Дали Министерството за финансии разработува концепт или закон за враќање на парите во субјектите, во кои се вршени контроли од Управата за приходи и притоа или од незнаење или од грешка, или од намерна грешка - ние имавме во еден период и намерно правење на обврски кои не постојат во производните организации и тие веднаш после таквите контроли главно беа блокирани или блокирани од второстепената комисија, а судовите на крајот пресудуваа дека таквите организации навистина неправилно биле задолжени за плаќање на даноци по разни основи.

И сега прашањето е дали министерството размислува на таквите организации на кои се нанесени големи штети не по нивна вина, а по вината на тие субјекти кои што вршеле контроли, на кој начин ќе им ја надокнади штетата и на кој начин ќе им ги врати парите. Едно прашање кое што во светот е решено, а кое кај нас нема решение и епилог. Секогаш работните организации се упатуваат на судовите, судските процеси се многу долги, штетите се обострани, државата на крајот треба да плаќа со камати итн, а работните организации за тоа време трпат големи губитоци.

Третото прашање е до министерот за економија. Пак не мора да ми одговори веднаш. Дали размислува Министерството за економија да предложи закон да се обнови Геолошкиот завод кој што постоеше во Македонија и да се оформи Фонд за геолошки и рударски истражувања во Македонија каков што постоеше. Не ми беше тешко да го проучам тоа прашање и да видам дека само во Европа, Андора, Монако, Малта и Сан Марино немаат геолошки заводи. А таков Геолошки завод ние имавме од 1945 година и благодарејќи на него имавме многу интензивни геолошки истражувања. Прво, тој ја изработи геолошката основна карта која треба непрекинато да се дополнува, тоа е едно големо богатство. А друго, сите овие резерви на олово цинкова руда, на бакар, на никел, на огромни лежишта на неметали Геолошкиот завод беше тој што ги иницираше, ги откриваше и ги организираше тие истражувања. И уште да биде ситуацијата подраматична, денеска се наоѓа во просториите на тој завод кој не функционира, кој нема раководство, документација која е вредна 500, 600, 700 милиони евра која може во секој момент да биде уништена. Ние имајќи го предвид дека нашиот развој и на секоја земја почива пред се на сопствените суровини, мораме на ова прашање многу брзо да имаме одговор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање беше упатено до Владата на Република Македонија. Ќе одговори Никола Поповски министер за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Првото прашање во врска со намерата евентуална на Владата да формира фонд за економски развој кој ќе се базирал на извори на приходи остварени од приватизацијата, Владата нема намера да формира ваков фонд од две причини. Прво, согласно со Законот, одлуката за средствата каде се насочуваат од приватизацијата ги донесува по Програма на предлог на Владата, Собранието на Република Македонија, освен за средствата од Телеком кои исто така Собранието по посебна програма ги донесува во рамки на Буџетот на Република Македонија што значи дека Собранието одлучува за тоа.

Второ, и поважно, процесот на приватизација во вредносна смисла е на самиот крај. Вие знаете дека на 31 март наредната година Агенцијата за приватизација престанува да постои. Најголемиот дел од средствата што се остварени од приватизација од 1993, 1994 година кога почна до денес веќе се потрошени по програмите кои Собранието ги утврдувало. Така што веќе нема прилив на средства на кои можеме да сметаме за да на таа база формираме некој нов фонд сега. Едноставно процесот на приватизацијата е при крај. Меѓутоа, и понатаму средства кои се остваруваат од приватизација во Република Македонија по постојниот закон, или некои нови приватизациони политики кои ќе ги воведе Владата и кои се извесни во сегашниот јавен сектор и понатаму средствата каде ќе се употребуваат од тоа, ќе одлучува Собранието на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Иванов, дали сте задоволен од одговорот.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

Јас само можам да констатирам дека жалам што во тој правец не размислува Владата и би ги замолил членовите, министрите на Владата да поразмислат за тоа, затоа што ќе има и уште приватизација без оглед што ќе престане да постои Агенцијата за приватизација и затоа што има приватизации кои што ќе се плаќаат понатаму кои се одобрени тоа да се прави на рати. И би било добро, за Владата е добро, за нејзината успешност за спроведување на нејзината програма во овој правец уште еднаш да размисли.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали сакате да коментирате?

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Владата размислила и е цврсто уверена во тоа што го соопштив, дека нема да формираме нов фонд, затоа што фондот од приватизација кој се остварува и кој ќе се остварува и во иднина дури и по основите по кои почитуваниот пратеник ги соопшти, повторно за нив решава Собранието на Република Македонија врз основа на закон во кој се утврдени намените за кои можат да се користат овие средства и тие се различни, а меѓу нив и економскиот развој директно, или индиректно преку отплата на долгови, насочување во некои од фондовите на Република Македонија, или за програми кои ги утврдува Собранието. Што значи дека, дали тоа ќе се вика фонд за економски развој, или за средствата по програма на предлог на Владата ќе одлучува повторно ова Собрание за намените тоа е сосема сеедно. Битно е дека средствата од таа намена се вложуваат во развојот на Република Македонија повторно и нема да отстапиме од довршување на приватизациониот процес на тој начин.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање беше исто така упатено до министерот за финансии Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Проблемот кој пратеникот Иванов го посочи е чест случај при наплата на даноците од Управата за јавни приходи да се утврдуваат даноци кои после можат во постапка, или судско решение да бидат поништени. Политиката е дека доколку се наплатат даноци кои покасно се утврди дека не требало да бидат наплатени, ние вршиме поврат на нив. А за вториот дел за кој пратеникот го постави прашањето врз основа на судски решенија, тука не можеме да менуваме законски решенија како што беше предложено, ние само ги извршуваме судските решенија кога ќе доспеат на Буџетот на Република Македонија по средства кои се наплатени погрешно од страна на даночните обврзници. И остануваме на таквата политика. Едноставно тука и нема друго решение освен да ги извршуваме судските решенија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Иванов, дали сте задоволни од одговорот?

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

За овој дел како ми беше одговорено, тоа беше делимично на моето прашање и во тој дел ако е така се сложувам. Меѓутоа, при таквите блокади на работните организации настапуваат и големи штети кои работните организации ги доставуваат до Министерството за финансии, а Министерството за финансии не ги разгледува. И работните организации тогаш одат повторно на судовите, а тоа се процеси кои не се

корисни ни за Министерството за финансии, затоа што на крајот мора да ги плаќа и каматите, а не е ни за работните организации, бидејќи судските процеси траат многу долго и за тоа време тие не се обештетени. Тие практично претрпуваат големи губитоци.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да дополни министерот за финансии г. Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Мислам дека немаме различни видувања за тоа во кој правец треба да се одвива работата со господине Иванов. Верувајте господине Иванов и од агол на претпријатијата кои се грижа на Владата на Република Македонија и од агол на Владата на Република Македонија ние сакаме овие постапки да ги сведеме на нула, или ако е невозможно на нула, тогаш на минимум, затоа што штетите по Буџетот на Република Македонија за кој јас треба да водам сметка се неколкукратно повисоки доколку се случи погрешно да наплатиме данок од физичко, или од правно лице токму заради судските решенија кои вие ги спомнувате. Во тој случај ние го одлагаме тој проблем, меѓутоа судското решение го одложува симнувањето од Буџетот кое одложување ни носи страшни камати и ние сме можеби позаинтересирани од другите да не вршиме такви наплати, затоа што на крајот на краиштата на краток рок врз претпријатијата, а на долг рок исклучиво врз Буџетот на Република Македонија се реперкусиите од таквата наплата. Такви случаи секојдневно се случуваат со поголем, или со помал размер и тоа не оневозможува и нас да водиме прецизна буџетска политика, затоа што ни се симнуваат некогаш средства од Буџетот кои не сме ги планирале, а со огромен износ. Така што јас се сложувам целосно со вас, дека тука треба едноставно да се работи многу попрецизно, многу повеќе врз основа на законите од сите кои се надлежни во Министерството за финансии за да не се случи да плаќаме огромни камати и симнувања од Буџетот, или на некој буџетски корисник што во крајна инстанца е повторно удар врз Трезорот на Република Македонија. И мислам дека треба да се води таа политика како што и господинот Иванов ја посочи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Третото прашање беше упатено до Министерството за економија.

Има збор Стевче Јакимовски, министер за економија.

СТЕВЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

За поставеното прашање кое што се однесуваше на евентуалното постоење на Геолошкиот завод, моите сознанија говорат дека засега тој не функционира. Дали

натаму ќе има отварање на Геолошкиот завод, не би можел во моментот да кажам, но на наредната седница веќе ќе има конкретен одговор.

Што се однесува до прашањето, односно до констатацијата дека таму постои вредна и богата евиденција која што би требало државата да води сметка, секако дека во тој дел ќе бидат преземени соодветни активности. Инаку, токму на овој план наскоро ми престојат одредени консултации токму околу функционирањето евентуално на овој Завод.

Второто прашање, дали постои фонд за геолошки истражувања? Такви средства постојат во Буџетот кои што можам да кажам во најголем дел во изминативе години се користеле за дупчење и вадење на вода што дури можеме да го поставиме прашањето и за нивната целисходност. И веројатно господинот Иванов и од тие причини дури смета како и да не постои тој фонд, што сметам дека во наредниот период ќе поведеме сериозно утврдување како се трошат тие средства и за какви геолошки истражувања. Доколку биде целисходно трошењето на овие средства токму во области каде што треба да бидат, сигурно дека ефектите ќе бидат поголеми и ќе се чувствува постоењето на овие средства токму во Буџетот на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали господинот Иванов има нешто да додаде?

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

Јас сум многу задоволен од одговорот  и очекувам во овој правец да добијам и писмен одговор со една сугестија, дека фондот за истражување може да се формира, непрекинато тој фонд да се полни со концесиите кои што се даваат за рударството. Таму се сериозни изворите, може тој фонд и да се употребува во истражувањето во интерес на државата особено во базичните истражувања.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има коментар министерот Стевче Јакимовски:

СТЕВЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Идејата е интересна, навистина ќе ја провериме и доколку е можна ќе извршиме нејзино законско инкорпорирање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Поставува прашање г. Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Госпоѓо потпретседателке, прво да ви посакам добро здравје и понатамошна успешна работа со Собранието.

Првото прашање е до премиерот на Владата на Република Македонија, се однесува за вчерашниот ден, значи 26.11.2003 година, Владата на Канада го повлече своето конзуларно и дипломатско претставништво од Скопје. Кога знаеме дека во Канада во моментов живеат најголем број на Македонци со македонско етничко потекло и нивните роднински и секакви врски со татковината, каков е тој удар за сите нас во Република Македонија, а исто и за нив во Канада ќе покаже времето. Најблиското место каде што македонските граѓани ќе можат да ги остваруваат своите права и интереси во врска со Канада во прв ред вадењето на визи е Виена 1100 км оддалечена од Скопје. Еден од мотивите за овој потег на канаѓаните е грубото и некултурно бркање на Канадски пошти кои беа потенцијален инвеститор во Македонските пошти со конкретен план за прераснување на Македонски пошти во регионален поштенски центар.

Прашањето гласи, дали премиерот чувствува одговорност заради фактот што македонските граѓани ќе треба да патуваат 11000 км за да вадат канадски визи и тоа заради погрешните потези на Владата. Тоа е првото прашање.

Другите две прашања се до Министерството за земјоделие, доаѓаат од еден регион кој што го претставувам, тоа е регионот на Петтата изборна единица Преспа. Се однесуваат за две клучни прашања кои што господата ги поставија до мене, јас морам да ги поставам. Во текот на изминатите 4 години преспанските производители немаа речиси никакви проблеми со пласманот на стратешкиот производ во ова подрачје, а тоа е јаболкото. До минатата година уште со самиот почеток на бербата просторот на Преспа беше преплавен од прекупувачи на индустриско јаболко кои главно доаѓаа од соседна Бугарија и чија откупна цена се движеше помеѓу 4 и 5 денари за килограм. Меѓутоа, оваа година пласманот на индустриското јаболко во Преспа е насочен само кон единствениот откупно преработувачки капацитет Про Импекс, Ипоз Преспа во Царев Двор каде производителите при предавањето на производите се изложени на вистинска тортура, чекајќи со денови за предавање на јаболката. Исто така, тие се доведуваат во крајно непријатна положба и при наплатата на средствата за предадените јаболкови количини, чекајќи за тоа со недели, можеби и месеци, а искуствата од претходните години кога своите пари од овој откупувач производителите едноставно никогаш не ги наплатија, оди во прилог на ваквата понижувачка констатација. Огромно е незадоволството на преспанските овоштари и откупната цена на индустриското јаболко кое во Про Импекс се откупува по 2,5 денари за килограм што е за два пати пониско во споредба со периодот од претходните години. Паралелно со тоа неколкумина диви прекупувачи блиски на

актуелната власт оперираат низ Преспа нудејќи по еден денар за килограм индустриско јаболко на тој начин понижувајќи ги во целост преспанските производители и потполно девалвирајќи го нивниот труд. Идентична е состојбата и со пласманот на конзумното јаболко кое годинава во Преспа го има во количини од околу 50 илјади тони. За разлика од минатиот период особено последните 4 години кога до овој период, значи крајот на месец ноември пласманот беше реализиран со 30%, оваа година не е продаден речиси ниеден килограм, што недвосмислено ја наметнува констатацијата за очигледната неспособност на Владата на Република Македонија и на ресорното министерство за земјоделие во справување со проблемите врзани за пласманот на земјоделските производи.

Прашањето ќе биде, од кои причини Владата на Република Македонија односно министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не преземаат никакви активности и мерки барем за ублажување на состојбата со пласманот на јаболката во Преспа.

И третото прашање се однесува за фирмата Рибомак од Ресен. До месец јули оваа година со Преспанското Езеро стопанисуваше Водостопанската работна организација Преспанско Езеро од Ресен која уредно и согласно сите законски норми ја доби концесијата од Владата на Република Македонија во текот на 1999 година. Оваа организација беше комплетно стручно, кадровски како и со соодветна опрема оспособено за вршење на една таква комплексна дејност. Меѓутоа, годинава Владата повторно објави оглас за доделување концесија на кој покрај Водостопанската работна организација Преспанско Езеро аплицираше и фирмата Рибомак од Ресен сопственост на Живко Ѓуровски. Можеби се би било во ред доколку концесијата повторно и беше доделена на ресенската водостопанска организација во која меѓу другото својата егзистенција преку стопанисувањето со езерото ја остваруваат десетина редовно вработени. Но, Владата му ја додели концесијата на фирмата човек Рибомак во која сопственикот е единствен вработен, а згора на тоа фирмата не располага со никакви средства, ниту опрема за организирање и стопанисување со риболовот во езерото. Тој факт јасно упатува на манипулацијата што е направена во овој случај, а чии дирекни креатори се министерот Славко Петров, екс пратеникот од СДСМ, а сега либерален демократ Гоце Андоновски и сопственикот на Рибомак Ѓуровски, член на општинското раководство на ЛДП.

Токму тоа е човекот кој со право го нарекуваат гробар на преспанското риболовно стопанство, пропајќи ја поранешната фирма “Рибопреспа”, а како

сопственик, исто така на поранешната “Рибомакедонија”. Тој не успеа да ги искористи доделените средства за порибување на преспанските реки, во износ 1,5 милиони денари.

Ѓуровски исто така е автор и на никогаш непроработениот рибник кај селото Езерани за што во тоа време беа потрошени огромни средства. Од тие причини разбирлива е загриженоста на сите оние преспанчани кои егзистираат од риболовот, а на кои, од страна на новиот концесионер, коперанството им е условено со плаќање годишен паушал од 600 евра, што досега никогаш не било случај, како и на добар дел од вработените од Преспанско Езеро, кои најверојатно ќе останат на улица.

Преспанската јавност се погласно коментира дека во случајот се работи за уште еден од низата обиди за отворање простор за перење пари од страна на локалните моќници на актуелната власт во Преспа.

Прашањето ми е, според кои критериуми се раководеше Владата на Република Македонија и ресорното министерство, при доделување на концесијата за стопанисување со преспанското езеро на фирмата Рибомак од Ресен.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г. Мавровски.

Првото прашање беше упатено до премиерот, а се однесуваше на ресорот од надворешни работи.

Има збор заменик министерот г. Фуад Хасановиќ.

ФУАД ХАСАНОВИЌ:

Точно е дека Канадската Влада го најави затворањето на својата канцеларија во Скопје. Меѓутоа во овој момент е потребно да се каже дека канцеларијата се отвори во 1999 година, на привремена основа и оттогаш го има исполнето својот мандат, а тоа беше доделување на канадска хуманитарна помош и реконструкција на регионот.

Доведувањето во било каква врска на затворањето на канцеларијата на Канада во нашата земја со преговорите што ги водеа и што сеуште ги водат македонски пошти и канадски пошти, мислам во овој момент неможе да се дове во никаква врска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Мавровски дали имате дополнително прашање.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислам дека не добив некој одговор. Одговорот беше конкретен.

Факт е дека амбасадата е затворена, конзуларното претставништво е затворено и ако мислите дека во регионот се завршени сите изградби или предвидувања за понатамошна инвестиција и изградба, мислам дека имаме проблем. Допрва доаѓаат големи проекти, така што Канада како држава, ако во моментот го затвора ова конзуларно дипломатсо претставништво, сигурно дека има некоја поголема причина од она што вие кажавте дека времено е отворено.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Хасановиќ повелете.

ФУАД ХАСАНОВИЌ:

Господине пратениче не можеме да бегаме од фактите. Причината, уште еднаш повторувам, за отворање на канцеларијата во 1999 година е доделување на хуманитарна помош и реконструкција на регионот. Вие знаете дека тие бие години на Косовската криза.

Исто така ние како МНР и како Влада на Република Македонија, не можеме да влијаеме на одлуките што ги носи една Влада во овој случај Канадската Влада. Меѓутоа, тоа не значи дека во контактите што ќе ги оствaруваме во наредниов период, со претставниците на канцеларијата, за своето затварање, неможе да се разгледа можноста  и за продолжување со работа на ова канцеларија во нашата земја, или за давање на поголеми ингеренции и овластувања на нивниот почесен конзул во нашата земја, г. Живко Груевски кој и, според информацијата сега што ја имаме, ќе дава конзуларни и друга помош на канаѓаните во Република Македонија. Тоа значи дека ние како министерство ќе ги продолжиме контактите на сите нивоа со Министерството за надворешни работи на Канада, да ги разгледаме можностите за нивно претставување во нашата земја, во овој облик, или во некој друг облик на дипломатско претставување.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање беше поставено до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство г. Славко Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Според  член 55 од Уставот на Република Македонија, се гарантира правото на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на Пазарот. Републиката презема мерки против монополот итн и ја ограничуа само во случаи кога се предвидени со закон.

Би го прашал пратеникот, врз основа нашто државата има право да се меша во слободата на пазарот и претприемништвото, што се гарантирани со Устав, од два

субјекти, од кои едниот произведува и нуди на продажба а другиот купува и треба да плати и какодржавата ќе го ограничи правото на оној што купува и нуди одредена цена и нуди услови под кои тоа треба да го направи, тоа повеќе да не го прави односно да го присили јаболкото да го купи по повисока цена  и да ги плати тогаш кога ќе ги преземе, ако помеѓу двата субјекти однапред е договорен однос кој исто така е заштитен со закон.

Уште еднаш, по незнам кој пат го потврдувам следното:

Државата е определена, како и сите овде, за слобода на пазарот и претприемништвото. Државата може само да осимслува, да спроведува и да заштитува прописи и мерки и да воспоставува институции што ќе ја гарантираат еднаквоста и слободата на пазарот и да ги штити сите субјекти на пазарот обезбедувајќи им рамноправни услови на учество во истиот.  По стоти пат ќе повторам, државата ниту ќе се меша, ниту има намера да се меша во откупот. Државата ниту ќе се меша во обезбедување на цени и исплата  на цените на откупот на оние кои се одлучиле за откуп и кои имаа соодветно одобрение, ниту може да ги одврати и присили оние кои и нудат на откуп свои производи, тоа да го направат, спрема оној кој не може тоа да им го плати и не може да им гарантира дека ќе им ја исплати сумата која што е договорена. Според тоа прашањето е чисто маркетиншко, поаѓа од погрешно утврдени факти и претпоставки до кои, врз основа извртување на работите се доаѓа до заклучок со кој Владата треба да се повика на одговорност.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Мавровски дали сте задоволен од одговорот, или имате дополнително прашање.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Еданш во вакви раговори со некои од другите министри кажавме дека ова е институција пратеничко прашање. Сега министерот сака да не праша нас како пратеници. Ние можеме да одговориме, само тогаш г. Никола Поповски кажа дека не е во ред.

Во секој случај  од прашањето и одговорот што го слушнав, Владата, апсолутно, нема никаква намера, со овие факти што јаболката се откупува по еден денар или по 2,5 денари , дали е тоа маркетинг, или не е маркетинг, тоа се факти, како што е факт, како што кажа и г-динот дека  дипломатско-конзуларното претставништво на Канада е затворено. Тоа се факти и од тоа нема бегање. Дали Владат ќе интервенира на ваков или онаков начин, ни кажа министерот дека нема да интервенира. Но, само пред неколку недели имавме интервенција во тоа какво или

кога треба да го прашуваме министерот какво лозје ќе садиме и што тој ќе ископачи од тоа лозје.

Во секој случај јас не сум задоволен од одговорот затоа што, ако производителите добиваа по пет денари, сега добиваат по 2,5 денари. Тоа е она што Владата треба да ја замисли, затоа што тие луѓе едноставно придонесуваат за оваа држава.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Петров дали имате нешто да кажете.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Коментарите не ги коментирам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред.

Тогаш молам да одговорите на третото прашање.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

За Преспанското Езеро постоеше концесија која, според договорот требаше да трае подолго време. Меѓутоа, концесионерот што ја имаше концесијата, поради неможност да ја исполнува од технички, материјални, финансиски и други причомо и понуди на Владата на Република Македонија, концесијата да ја раскине. Владата на Република Македонија го прифати раскидот и концесионерството беше раскинато. Дали беше концесионерот Преспанско Езеро или не, да оставиме да биде малку покус прартеникот со овој одговор. Меѓутоа, со дополнителна проверка можеби ќе утврди дека истиот тој за кој сега се залага, ја имаше концесијата, меѓутоа та ја прекина поради тоа што неможеше да ја извршува.

Врз основа на фактот дека концесионерно подрачје односно риболовно подрачје што треба да се додели концесија, остана неискористено. Владата рапиша конкурс и на конкурсот се појавија повеќе кандидати. Врз основа на распишаниот конкурс и врз основа на условите, според Законот, беше извршена проценка на понудите и врз основа на извршените проценки, соодветниот орган донесе одлука со која и препорача на Владата да го избере и да одлучи кој ќе биде концесионерот. Концесионерот точно оној на кој укажа пратеникот. Тоа е “Рибомак” без другите што овде ги слушнавме.

По одлуката на Владата врз основа на која се додели концесија на оној што понуди најдобри услови, беше склучен договор што според Законот го склучува министерот. И таа обврска е исполнета, така што во законска процедура , која беше

во тек, е определен концесионерот врз основа на јавно надвавање односно јавен конкурс кој беше објавен во дневните весници, на кои што се појавија

За тоа дали се или не се повредени правата на некои од концесионерите, дали некој од концесионерите остана пократок за одлука што очекуваше дека ќе ја добие врз основа на фактите што се изнесени, или не, постои посебна провцедура во која и според која оној што е оштетен има право да бара. Такво барање до Владата досега , ни до Министерството , околу прашањето за спроведување на концесионата псотапка, нема, односно како приговор. Тоа што денес го слушаме како пратеничко прашање во Парламентот е прв приговор од тој вид на еден спроведен законски конкрус, врз основа на ракинаа концесија, по волја на концесионерот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Мавровски дали сте задоволен од одговорот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас кажувам дека ова прашање директно го добивам од моите гласачи во Преспа. Само сакам да го потврдиме сето ова, г. министре, на писмено ако може да ја добијам целата документација од која ќе се види на кој начин е ибран “Рибомак” од Ресен за да биде концесионер во наредните, колку години вие знаете. Би сакал да ја добијам таа информација на писмено, за целиот конкурс како е се тоа објавено.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму со поставување на прашања .

Има збор г. Мите Николов.

МИТЕ НИКОЛОВ:

Имам три пратенички прашања упатени до: Министерствот за економија, Министерството за зсравство и Министерството за шумарство и водостпанство.

Прво, со приватизирањето на модната конфекција “Астибо”, текстилниот комбинат “Македонка” фабриката за сијалици “Селена” и дел од друштвата со ограничена одговорност при ЗИК “Црвена Звезда” од Штип, околу две до три илјади луѓе останаа работно неангажирани, бидејќи при тендерот на истите , нивните сопственици не беа обврзани истите да ги примаат на работа иако дадоа ветување дека две третини од истите ќе ги задржат на работа, што не го реализираа. Најголем дел од овие сега невработени имаат од 20 до 30 години работно искуство.

Моето прашање упатено до министерот за економија гласи:

Дали има некое размислување како да го решиме овој проблем со невработените во Штип, како да ги вработиме, бидејќи истите немаат решение за својата егзистенција, а не и да ги школуваат своите деца.

Второто прашање се однесува на македонското здравство кое е во огромен финансиски дефицит, од една страна, а истовремено постои и преврабoтеност од административно-техничко помошен персонал.

Фондот за здравство и државата тешко може да го извршат тоа, со оглед и на тоа што имаме дотраена медицинска опрема која ќе трба да се обновува. Се најавува приватизирање на аптеките и стоматолошките служби.

Моето прашање упатеон до Минстерството за здравство гласи: Дали се планира транформација, односно приватизација на јавното здравство и тоа специјалистичко-консултативните дејности, болничките одделенија и дел во клиниките при Медицинскиот факлутет во Скопје. До колку има, кога тоа ќе започне и кога треба да заврши. За ова се заинтересирани здравствените работници ширум Републиката.

Третото прашање се однесува за состојбите во објектот Хидро-мелиоративниот систем “Брегалница” што е катастрофално лоша поради недоволно одржување на истите и поради оштетување на објектите настанати со текот на времето т.е. експлоатацијата, а кои се најсериозни на отворените потези на главните канали каде има големо оштетување и на објектите на деталните каналски мрежи. Сето тоа доведува до смалување на пропусната можност на главните канали и зголемувањето на загубите на мазут.

Прашањето упатено до Министерството за земјодлество, шумарство и водостопанство и гласи - има ли можности Министерството да инвестира, да интервенира со финансиски средства, како би се репарирале огромните оштетувања на каналниот систем, бидејќи во прашање е наводнувањето во наредната 2004 година за општините Кочани, Штип и Свети Николе.

Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи претседателот Љупчо Јордановски).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото прашање беше упатено до министерот за економија.

Повелете министре.

СТЕВЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Најголем дел од претпријатиата што беа склучени со Фесал 2 аранжманот и во кои се наоѓаат неколку од овие што господинот ги наведе, како што се АСТИБО и

Македонка веќе се претпријатија кои се продадени. Согласно Законот вработените во тие претпријатија одат во Заводот за вработување и им се исплаќаат отпремнините и она што значи заостанати придонеси. Сите оние што до 1 април се исплатени имаат добиено по 12 отпремнини, а од 1 април наваму по 8 отпремнини.

Оној што ја купува фабриката односно шт го купува капацитетот, согласно Законот е тој кој ќе понуди највисока цена на јавниот тендер и тој нема посебна обврска колкав број на работници да превземе. Нормално, интересот на граѓаните и на државата е да се вратат на работа што е можно поголем број на вработени . Во конкретниот случај одредени погони од конфекцијата АСТИБО и МАКЕДОНКА, почнуваат со рестартирање, вратени се одреден број на вработени. Далеку од тоа дека може да се вратат сите вработени, повторно, назад во истите капацитети, но потполно е јасно дека со отпочнување со работа на овие капацитети на АСТИБО и МАКЕДОНСКА секако дека се создаваат услови за континуирано и постепено враќање и на останатиот дел од вработените, токму во овие капациртети. Нормално, прашањето е најсериозно кај оној дел што претходно бил административе дел кој би работел во администритавните орган. Кај нв ситуацијата е најсериозна односон најтешко е за враќање токму во овие погони, од причина што се знае дека се работи за една трудоинтензивна гранка која ангажираше голем број на работна сил.

Инаку, оние лица кои се останати без работа ќе треба натаму да бараат начин за свое самовработување или пак вработување во приватниот сектор. Може да искористат дел од средствата што ги добија као отпремнина , или пак евентуално со подигање на кредити од некои од собујектите кои ги поддржуват процесите на самовработување или отворање на мали и средни претпријатиј. Морам да кажам дека ваквата постапка, потполно е јасно дека неможат сите вработени да се вратат на работ. Меѓутоа, се создаваат услови и претпоставки, тие нови субјекти кои ќе бидат на тој простор и во Републикат, да стопанисуваат на здрави основ, да немаме продуцирање на загуби и да не го вовлекуваат останатиот дел од стопанството во една верижна реакција на загубари кои, на крајот на краиштата носи апсолутно негативни резултати во бруто домашниот производ и во комплетното финансиско работење и придонесува во неликвидноста на стопанството на Република Македонија. Така што, овој процес е отпочнат, ќе се тера и натаму и уште еднаш можам да порачам, граѓаните кои изгубиле работа постепено ќе можат да се враќаат и во овие капацитети, како ќе напредува нивната работ, но ќе мора и самите да се потрудат за нивно самовработување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

Има збор пратеникот Мите Николов.

МИТЕ НИКОЛОВ:

Благодарам, премногу задоволен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Следното прашање беше упатено до Министерството за здравство.

Има збор заменик министерот за здравство.

НИКОЛА ПАНОВСКИ:

Прашањето се однесуваше за приватизација во јавното здравство. Мислам дека јавноста е запознаена што е содржината на предлогот на измените и дополнувањата на Законот за здравствена заштита, тоа е приватизација на аптеките по модел на продажба на објектите и приватизација на дејноста во примарната стоматолошка здравствена заштита по пат на закуп каде опремата и објектите остануваат во сопственост на државата.

Бидејќи прашањето беше за специјалистичко консултативната дејност и болничката, не би ги образлагал овие предлози на приватизација кои се веќе при крај во владина процедура и мислам дека на следната седница Владата ќе даде конечен став за нив.

Значи, законски решенија за приватизација на специјалистичко консултативната и болничка дејност не се предвидени, меѓутоа, апсолутно сме свесни дека нема да остане како што е сега. Размислуваме нешто да се приватизира, за што не треба промени во здравството. Тоа е приватизација на немедицинската дејност во здравствените установи, посебно во болниците.

Значи, прогласување на немедицински работници за технолошки вишок и нивно преземање од друга специјализирана фирма која се бави со таа дејност, како што е на пример хигиената, обезбедувањето на објектот, транспортот на болните, а веќе се во преговори во Клиничкиот центар - Централната болничка кујна и пералната заедно со вработените да се дадат под закуп.

Што се однесува со финансирање на здравствената дејност во болници, веќе се потпишуваат правилници за финансирање на болничката и специјалистичката дејност, пред се во специјалните болници, значи, сосема нов метод на финансирање онаков каков што е предвиден во Законот за здравствено осигурување, а кој од непознати причини или познати причини, до сега не се

спроведуваше. Тоа се однесува на буџетско финансирање на болниците, каде менаџерот или директорот на болницата ќе има многу поголеми права и одговорности да работи со средствата и ќе биде заинтересиран, бидејќи ќе добие 1/12 од Буџетот да покаже резултати во работата, нема ни да му текне да вработува немедицински кадар и кадри кои не му требаат, бидејќи тоа ќе значи намалување на платите на останатите вработени, ниту да купува по поскапи цени, туку ќе купува нешто што е квалитетно, а ефтино на пазарот, бидејќи сето тоа би се одразило на вработените, на квалитетот на услуга и на платите на вработените во болниците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

МИТЕ НИКОЛОВ:

Да, задоволен сум, му благодарам на професор Пановски на исцрпното излагање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Последното трето прашање е упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Повелете министре.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Во Република Македонија постои проект на Светската банка - рехабилитација и преструктуирање на наводнувањето од кој не се искористени уште 7 милиони долари. Тој проект завршува во септември 2004 година и од страна на Министерството е побарано продолжување на проектот до 2005 и 2006 година, значи уште две години. Ова мора како вовед за да се сфати суштината на прашањето и одговорот што ќе го дадам.

Меѓутоа, Светската банка го условува продолжувањето и трошењето на преостанатиот дел од средствата со донесување на Законот за водостопанство до крајот на ноември, што не можеме да постигнеме со оглед на тоа што тој е ставен во собраниска процедура и втората фаза следи и со други два услова кои ги исполнивме. Тоа е уредување на односите со постојните водостопанства и обезбедување на потребен износ на средства, заради преструктуирање, односно воспоставување на нови правни субјекти во водостопанството. Ние се надеваме дека сите три услови ќе бидат исполнети, кредитот ќе продолжи и преостанатите 7 милиони долари ќе се потрошат.

Во реонот на Брегалница во тек е тендер во висина од 36 милиони динари за изградба на сифон, тендерот овие денови ќе биде решен, ќе биде

одреден најповолниот понудувач кој ќе пристапи кон изградба на сифонот што е еден од условите односно објектите кој е составен дел во проектот за рехабилитација.

Преостанува изградба односно реконструкција или рехабилитација на околу 20-тина километри од каналската мрежа на Хидросистемот “Брегалница”, чија вредност изнесува околу 800 илјади долари и во кои како и во претходниот сифонскиот дел Република Македонија учествува во сопствени средства и тоа 75% средства од Светската банка како кредит и 25% на Република Македонија.

Се надеваме дека овие средства ќе ги потрошиме на време, рехабилитацијата на каналската мрежа ќе ја довршиме благовремено и очекуваме 2004 година како клучна година за спроведување на реформите во водостопанството односно стартот на новите водостопанства и водни заедници ќе го одбележиме потполно подготвени или во огромен дел рехабилитирана каналска мрежа на системот “Брегалница”, бидејќи виталноста или кондицијата на каналската мрежа е еден од главните услови за функционирање на целиот систем.

Пратеникот може да очекува дека овие обврски ќе бидат завршени и дека средствата ќе бидат потрошени и последните километри од рехабилитација на таа мрежа ќе бидат завршени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

МИТЕ НИКОЛОВ:

Да, му благодарам на министерот Петров, само би го замолил, ако е изводливо, ако не претставува посебна тешкотија за Министерството, ако може и на писмено тоа да го добијам, мада Министерството не е должно тоа да го направи.

Уште еднаш благодарам на сите министри.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сепак ќе одлучи министерот.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Го поканувам пратеникот да дојде во Министерството, каде ќе му ги ставиме на увид сите податоци, да не оди преку процедура на Собранието на Република Македонија, да не се забави оној дел што му е потребен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, решението е најдено.

Следниот пратеник кој ќе постави прашања е пратеникот Ѓорѓе Паљошковски.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани министри,

Моето прво прашање се однесува со министерот за транспорт и врски. Прашањето ќе биде поделено под три подпрашања.

Под еден, колку диви градежни објекти има изградено во Тетово и тетовско и колку има извршни решенија за нивно рушење.

Под два, колку диви градежни објекти има изградено во Охрид и охридско и колку има извршни решенија.

Под три, подрачните министерства за транспрот и врски во Тетово и Охрид колку имаат покренато дисциплинска постапка за градежните инспектори кои дозволиле да дојде до тие диваградби?

Второто прашање е до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Прашањето се однесува за откупот на тутунот.

Тутунопроизводителите од струмичкиот регион и пошироко дознале дека откупот на тутунот од страна на откупните организации ќе отпочне од 15 јануари 2004 година. Моето прашање гласи:

Од име на тутунопроизводителите од струмичкиот регион и пошироко, дали министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Славко Петров е во можност да преговара и да договори со откупните организации на суров тутун откупот да отпочне од 15 декември 2003 година и да трае до 28 февруари 2004 година.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие поставивте само две прашања.

По првото прашање Владата на Република Македонија ќе даде односно Министерството писмен одговор, бидејќи беше такво прашањето, баравте премногу бројки, а по второто прашање ќе одговори министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Утврдувањето на датумот на почнувањето и датумот на завршувањето на откупот е определено покрај со закони и со договор помеѓу тутунопроизводителите и откупните претпријатија, така што во рамките на оптималните рокови утврдени со закон, тие можат да одговараат и поинакви рокови, кои што се поповолни за едната или за другата страна.

Дали е точна најавата за тоа дека откупот ќе почне од 15.01.2004 година, според она што го тврди пратеникот е малку поинаку. Јас во овој момент не можам да коментирам, меѓутоа, со оглед на суштината на прашањето беше што министерот ќе превземе или да можеби нешто превзел, или има намера тоа да го стори во иднина, одговорот е следниот. Во вторник, со оглед на тоа дека внимателно го следиме секоја година откупот на тутунот и проблемите кои се појавуваат, во вторник е закажана првична средба со дел од откупните претпријатија кои што ги имаме поделено во две групи. На овие што досега правеа проблеми со откупот, не плаќаа, го одолжуваа откупот и потоа на сметка на државата претежниот дел на средствата го обезбедија трошејќи го буџетот на граѓаните на Република Македонија. Другата група на способни, компетентни, финансиски кондиционо подготвени претпријатија кои што секоја година ги исполнуваат своите обврски, го превземаат тутунот и го плаќаат тутунот во роковите предвидени според договорот. Во вторник почнува разговорот со првата група од овие претпријатија, во вторник продолжува со втората група, за на крај да седнеме и да поразговараме со Здружението на тутунопроизводителите при што, она што пратеникот посебно го интересира, посебно ќе ги утврдиме можностите за преземање и исплата на презсмениот тутун од реколтата 2003 година од сите откупни претпријатија. Роковите, односно датумот на почетокот, според финансиските можности и подготвеност на секој од нив во кои што ќе почне откупот на тутунот и таквиот ќе заврши, како и евентуалните проблеми што се очекуваат и помошта што евентуално треба некој да им ја даде, заради тоа откупот да помине во една мирна, релаксирана, достоинствена атмосфера, како што доликува на еден важен стратешки производ на подрачјето на цела Република Македонија.

За разговорите и договорот што евентуално ќе биде постигнат и за утврдените неспорно факти, се разбира и заклучоци и околу решенијата што ќе ги понудиме откако претходно ќе ги чуеме, јавноста, вклучувајќи го и пратеникот и ова Собрание, како и Владата на Република Македонија ќе бидат благовремено известени.

Она што можам да го гарантирам е тоа дека, тоа е толку важен производ, толку е тоа важно што се случува секоја година околу откупот, околу роковите, околу исплатата и слично, да не може, а да остане незабележано и од Министерството и од Владата на Република Македонија и од сите субјекти на пазарот на тутун кој што е за нас многу значаен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Делимично сум задоволен од одговорот на министерот. Јас прашањето го поставив со цел, вие министре да ги искористите вашиот авторитет пред откупните организации, со цел да им се помогне на тутунопроизводителите да дојдат до пари до Новогодишните и Божиќните празници и да го прослават како сите други граѓани во Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министре.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Она што знам дека можам, она што знам дека треба и она што знам дека морам, тоа е да се трудам луѓето за она што го произвеле во текот на целата година, да ги добијат своите пари на време, за да можат да ги искористат онака како што е најдобро за нивните семејства. Колку и дали ќе успеам во тоа користење на својот авторитет, не е само прашање на мојот авторитет, моето залагање, туку и на добрата волја и способностите, односно можностите на оние кои што тоа треба да го направат. Меѓутоа, сигурно дека ќе се потрудиме да најдеме начини на кои што тие благовремено ќе обезбедат пари, а оние што го произвеле и предале тутунот да можат тие пари да ги добијат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Со тоа завршивме со прашањата од господинот Паљошковски.

На ред е пратеникот Невзат Бејта.

Повелете.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ќе повторам. Имам три прашања, до министерот за транспорт и врски, до министерот за финансии и до министерот за правда.

Да одиме со првото прашање.

Знаеме дека еден добар дел од граѓаните се во тешка социјална состојба и имаат потреба за згрижување. Минатата Влада направи поделба н социјални станови без некој критериум, или им има дадено станови на оние кои немале потреба за тоа. Затоа што нашата држава е мултинационална држава и во

тешка социјална состојба, не се само становите на македонската заедница, туку во тешка социјална се и членовите на другите заедници, како што се албанците, турците, ромите и другите. Прашањето е следното:

Како е направена поделбата на становите врз основа на етничката структура, овде барам да се забележи име и презиме.

Второто прашање е за министерот за финансии, иако го имам поставено ова прашање, но не е доволно објаснето, сега го поставувам прашањето на новиот министер, на Никола Поповски. Знаеме дека е направена неправда на верските институции, било на христијанските или на исламските, а посебно голема неправда е направена кон Исламската заедница.

Прашањето ќе биде едноставно, барам точни податоци колку имот е вратен на Исламската заедница до сега во секој град поединечно, а посебно се концентирам на градот Скопје, каде се вели дека еден имот е вратен на Исламската заедница.

Третото прашање е за министерот за правда.

Имаме закон за употреба на албанскиот јазик во судовите и во државната администрација. Колку се спроведува овој закон во судовите и во државната администрација во практиката?

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото прашање е упатено до Министерството за транспорт и врски, но бидејќи нема претставник, а самото прашање обилува со конкретни податоци, незнам дали би можеле писмено да го добиете? Може.

Ќе добиете писмен одговор на првото прашање.

Второто прашање е упатено до Министерството за финансии, тука е министерот и тој ќе даде одговор на тоа прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарм претседателе. Господинот Бејта има прашање кое не може да се одговори прецизно на ваков начин и доколку се работи за враќање на имот по основ на денационализација, тоа како збор не беше кажано, инаку, државата и по други основи враќала имот на верски заедници, културно-историски споменици и тн., претпоставувам, а еве добивам и одобрување од господинот Бејта дека се работи за денационализација, ќе дадеме писмен одговор за да наведеме точно што е вратено на Исламската верска заедница во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото прашање е до министерот за правда, повелете министре.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Како што е познато во 2002 година беа донесени двата закни кои беа спомнати од страна на пратеникот, а тоа е Законот за кривичната постапка и Законот за општата управна постапка во кои два закони има одредби по однос на употребата на јазиците, како во едниот, така и во другиот.

За да се спроведат овие одредби од двата закони, потребни се уште напори кои би отишле во насока на следното:

Прво, согласно Деловникот за работа на судовите обрасците во сите постапки се пропишани во Деловникот за правото на судовите и користам прилика да го информирам пратеникот дека дадена е задаа и скоро ќе имаме измени и дополнувања во деловникот за работа на судовите, во кој деловник ќе бидат пропишани сите обрасци и според тоа судовите ќе бидат приморани да го почитуваат и деловникот и при порачување на обрасците во единиците во судовите во постапките каде што граѓаните се од различни националности, поготово ако се работи за странка која и припаѓа на заедницата кој го користат јазикот над 20% од граѓаните во Република Македонија ќе може многу брзо и тоа за месец два сите тие обрасци да ги добијат на свој јазик.

Истото важи и за управната постапка од причина што таму треба да се измени од формален аспект да се стави формална рамка по однос на обрасците кои се употребуваат во општата управна постапка.

Во оваа прилика би сакал да го известам пратеникот дека 2004 година паралелно ќе се одвиваат два проекта кои за цел ја имаат употребата на јазиците, како што е и во судовите и во органите на управата. Во тек е првото дизајнирање на проектот употреба на јазици и вработување во судовите. Тој проект ќе биде финансиран од донаторската конвенција, а друг проект ќе се развие од средствата на Буџетот на Република Македонија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Да, задоволен сум. И се заблагодарувам на министерот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Следниот пратеник кој што ќе постави прашање е пратеникот Зиди Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани минстри, колеги пратеници,

Јас имам три прашања и тоа.

Првото прашање до министерот за образование во врска со основното училиште на Високо Седларе. Тоа почнало да се гради во 1998 година и сега е во фаза на карабин. За 2003 година одобрени се средства од Министерството за образование. Предвидени се средства 2.000.000 денари за продолжување на работите, меѓутоа, во последен момент министерот за образование овие средства ги пренасочува на друго место. Зошто овие средства предвидени за ова училиште се пренасочени на друго место?

Второто прашање е до министерот за правда и тоа во едно време кога многу претпријатија во земјата се ликвидираат, се во банкрот и во нив има голем број албанци вработени, но за да добијат титула на стечајни работници,стечајни управници  албанците биле оставени на страна, ниеден албанец не бил поставен на една таква функција.

Третото прашање до министерот за локална самоуправа. Со оглед на фактот дека наскоро во парламнтарна процедура ќе биде ставен Предлог-урбанистичкиот план, првата фаза на овој урбанистички план, со оглед на фактот дека овдека се предвидува развојна стратегија, социјален развој, економски развој, демографски развој на државата во многу аспекти видовме дека има ставање на исто ниво, односно попречување на движењето на населението од селата кон градовите. Значи од тоа произлегува потребата за финансиска поддршка на неразвиените места преку реализирање на инфраструктурни проекти и тоа се однесува на бирото за неразвиени подрачја. Дали министерот мисли од 2004 година министерот да даде поголема поддршка на бирото за неразвиени подрачја во текот на подготовка на Буџетот со цел да се овозможи подобрување на инфраструктурата и одредена еднаквост меѓу неразвиените подрачја. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото прашање е поставено до Министерството за образование и наука.

Има збор господинот заменик министер за образование и наука господинот Тале Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Благодарам. Доколку некој објект е внесен во постоечката програма за изградба, а средствата кои што биле предвидени се пренеменети за друга намена, значи тоа го практикуваме, доколку не се исполнети одредени услови, кои што биле

предвидени да се добијат тие средсва, меѓу другото изготвување на соодветна инвестициона документација, предлог проект и така натаму, ситуации претходно подготвени при избор на изведувач. Во конкретниот случам немам пред себе документација, за на почитуваниот пратеник да му презентирам зошто тоа се случило, па за да добие поверодостоен одговор тоа ќе го направиме во писмена форма, најбрзо колку што можеме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Да. Очекував заменик министерот писмено да ми одговори и добро е во овој случај да се анализира подетално, затоа што од Министерството за образовние секој месец за транспортот на децата се трошат околу 2000 евра, односно за нивно транспортирање од село во село и оваа сума за 4 години доколку се анализира, ќе се привршеше објектот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Следното прашање е до Министерството за правда.

Има збор министерот за правда, господинот Иџет Мемети.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Министерството за правда по однос на оваа малтерија има надлежности. Надлежноста на Министерството за правда, поточно на министерот е тоа да може да состави комисија која ќе ги испитува кандидатите кои аплицирале за да се здобијат со лиценца стечаен управник. Ова ќе го кажам поради јавноста. Прв пат при моето доаѓање во Министерството за правда таа Комисија беше ревидирана, а ја наследив од министерот, неговата партија, во која немаше ниеден член од другите заедници. Во таа Комисија, која и ден денес функционира има двајца членови испитувачи од заедниците, поточно еден е доктор на економски науки, а вториот е врвен адвокат, по националност и двајцата албанци.

Ќе кажам конкретно за прашањето. До тука завршуваат надлежностите на Министерството за правда. Понатаму, тоа согласно Законот за стечај е исклучиво судска постапка, во судовите си има стечаен судија и стечаен совет. При поставување на стечајните управници, исклучиво законско право е на стечајниот совет. Сметам дека прашањето може, ако пратеникот го интересираат конкретни бројки по однос на поставените стечајните управници да се даде по писмен пат и тоа ние ќе побараме од судовите стручно да не информираат, ако пратеникот го

интересираат конкретните бројки. Меѓутоа, во таа област состојбките се како што ги изнесов. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Делумно и кога го поставив ова прашање, тоа беше со желба на еден дипломиран економист Сами Ибиши од Скопје кој што има дозвола за стечаен управник и истиот тој е незадоволен од основните судови Скопје - 1 и Скопје - 2, затоа што именувале над 30 стечајни управници, додека него не го земале предвид, затоа што како што рече тој, е дискриминиран само затоа што е албанец и дека судиите ги именуваат стечајните управници, не сакале ниту да го примат на разговор со тоа лице. Затоа мислам дека министерот како раководител на ова Министерство да изнајде начин и форма да направи нешто во оваа насока.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине министре имате ли нешто да додадете?

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Би сакал да додадам по однос на тоа што точно го интересира пратеникот за таа цел да ја постигне по редовен пат, така како што налагаат правилата во Република Македонија.

По однос на постапката како се поставуваат стечајни управници, Министерството за правда нема никакви надлежности и ингеренции и апсолутно во тој дел не може да влијае во судството во никој случај. Јас немам намера да влијаам на судовите како ќе ги терат постапките, поготово конкретните.

За информирање на пратеникот, конкретното лице што е заинтересирано и кој сака да постане стечаен управник, во одредена стечајна постапка, а кој смета дека при поставување на таквите управници бил прекршен законот и биле поставени лице со лиценца кои не ги исполнувале и другите услови, слободно нека се обрати во вид на поплака или барање до Републичкиот судски совет бидејќи само тие имаат право да влијаат, односно да ја оценуваат работата на судиите, по било кој аспект. Можат да покренуваат ако постои одредено прекршување на правилата, можат да покренат постапка и за разрешување, можат и дисциплински постапки да водат. Сакам да кажам дека адресата е Републички судски совет. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Последното прашање е упатено до Министерството за локална самоуправа.

Има збор министерот за локална самоуправа господинот Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе, почитуван пратеник. Морам да истакнам дека потполно се согласувам со гледиштата на пратеникот дека средствата распределени од Буџетот на Република Македонија за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја имаат развојна функција која овозможува пред се, активно работно вклучување на целокупната градежна оператива во Република Македонија од една страна и подобрување, како што истакна пратеникот за комуникациските врски до населените места на подрачјата кои се недоволно развиени, ридско-планински, заостанати или рурарни центри. Исто така, овие средства претставуваат извор во финансирасињето на одредени инфраструктурни проекти со кои се решаваат витални инфраструктурни проблеми во раселените места во стопански недоволно развиените подрачја.

И покрај ваквото значење, а особено во предлагањето и утврдувањето на буџетските средства за оваа намена за 2004 година, ова е клучна година за спроведување на процесот на децентрализација, година кога треба да ги создадеме целокупните услови по донесувањето на нормативните акти, тоа се законите за трансфер на надлежности, Законот за територијална организација, Законот за Град Скопје и финансирање на единиците на локалната самоуправа. Многу е важен процесот на прилагодување, на опремување на инфраструктурните и економските можности и потенцијали, како и административните и финансиските капацитети на општините.

И покрај ваквото значење морам да го информирам пратеникот, моите информации како министер за локална самоуправа, во рамките на подготвување на Буџетот на Македонија за оваа намена се определени средства на ниво на ланската година или во износ од 241 милион и 657 илјади денари. Министерството за локална самоуправа се обрати до Министерството за финансии да се разгледат уште еднаш можностите за изнаоѓање на извори во вака компонираниот буџет за оваа намена, укажувајќи дека во претхониот период од воведување на Законот за поттикнување на недоволно развиените подрачја се издвојувале поголем износ на средства и јас би укажал дека во 1994 година издвоени се 418 милиони, 1995 година 700 милиони, 1996 година 750 милиони, 1998 520 милиони и тој износ би се движел просечно околу 620 милиони. Јас неможам да тврдам како ќе бидат определени средствата во Буџетот на Република Македонија. Се надевам дека Министерството за финансии,

Владата на Република Македонија ќе ги согледа овие потреби од општините и сигурно износот за кој сме известени ќе биде зголемен. Јас можам да укажам дека најрационално и најекономично ќе бидат употребени тие средства во 2004 година.

ЉУПЧО ЈОРДАВНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Да, целосно сум задоволен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници ние имаме некаде околу 35 минути до крајот на оваа седница, значи до 17,00 часот, меѓутоа има вкупно уште 7 пратеника пријавено за поставување на прашања. Останува на вас сами да селектирате едно или три прашања за да стигнеме или да не стигнеме сите да ги поминеме. Во секој случај на ред е пратеничката Ана Андова, а по неа нека се подготви пратеникот Михајло Георгиевски.

АНА АНДОВА:

Благодарам господине претседателе. Јас имам три прашања.

Моето прво прашање го упатувам до Владата на Република Македонија а се работи за следното: На територијата на општина Конопиште на границата со соседна Република Грција на местото наречено Појавец предвидено е отворање на граничен премин. Активности за изградба на овој премин превземени се уште во 1996 година, кога се конкурираше за изградба на делница пат на граничен премин во должина од 5,4 километри од Мајдан до местото на граничниот премин, модернизација на делницата Свети Петар Мајдан во должина од 3,4 километри и комплетен граничен премин и тоа апликацијата беше од програмата ФАРЕ за погранична соработка.

Досега според моите информации превземени се активности и отопочната е изградбата на делницата од регионалниот пат број 109 до местото на граничниот премин Пулавец во должина од 5,3 километри од кои се пробиени 2,3 километри. И од предвидената вредност 236 милиони денари, беа одобрени 35 милиони. Да напоменам дека експропријацијата и решавањето на имотно-правните работи со сопствениците во целост е завршена за оваа делница односно крак од регионалниот пат 109, до местото на граничниот премин. Во тоа време настанот беше одбележан од двете страни.

Согласно утврдените позиции по програмата за гранични премини за 2003 година на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор, во

поглавјето уредување на градежно земјиште на граничните премини во точката подготвителни работи, точка 1,1 изработка на урбанистички планови, предвидено е да се изготви урбанистички план за тој граничен премин. Тука би напомнала дека неодамна и нашите соседи, од другата страна на границата, а со кои соработуваме со претходно спомнатата основа за прекугранична соработка, се обратија со иновирано барање до нивните надлежни институции за актуелизирање на овој премин.

Оттука, моето прашање е следно: Дали Владата предвидува поконкретни активности во 2004 година, односно дали ќе се обезбедат средства за довршување на отпочната изградба на регионалниот пат број 109 до местото на граничниот премин, односно преостанатата делница и ожеби дали би се отпочнало со активностите за изградба на граничниот премин и тоа подготвување на техничка документација, урбанизтички план и подготвителни активности. Ние би биле задоволни и во случај на реализирање на една фаза од сите предвидени активности и тоа се со цел за профункционирање на овој граничен премин во догледно време, а за доброто на населението од двете страни на границата за развој на економски план, за развој на туризам, регионални аранжмани во делот на искористување на извонредно богатите водни ресурси на планината Кожув и сите други можности кои произлегуваат од тоа.

Моето второ прашање го упатувам до министерството за транспорт и врски.

Согласно развојната програма на Јавното претпријатие Македонска радио дифузија за допокривање на целокупнататериторија, нормално, и население на Република Македонија со РТВ сигнал, како и врз основа на анализата од извршените мерења на приемот на радио и ТВ сигналот, дали и кога е во план изградба на дополнителен радио и ТВ дифузен објект, за допокривање  на целокупната територија на општина Конопиште.

Мето трето прашање го упатувам до Министерството за животна средина и просторно планирање. Тука би го замолила господинот минстер за една информација за работата на Канцеларијата за комуникација со граѓаните, дали таа работа се сведува само на жалби и поплаки на граѓаните, дали произлегле одредени активности и иницијативи од оваа комуникација, дали Канцеларијата е мобилна, односно дали одржува контакти на лице место со граѓани од останатите градови и населени места во државата. И, можеби навидум прашањето не изгледа дека е од голема важност, меѓутоа, ние токму вчера расправавме за еколошки проблеми и јас лично на прашањата од овој тип им давам највисок приоритет. Се разбира, во

функција на постојана надградба на јавната еколошка свест и навремени реакции при евентуални нарушувања на животната средина. Тоа беа накратко моите прашања и ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Што се однесува до првото прашање, господинот Иџет Мемети во името на Владата ќе одговори.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Со оглед на тоа дека немаме можност на денешната седница усмено да одговориме на првото прашање од причина што и ресорното министерство не е претставено денес, замолуваме тоа да биде писмено, а Владата ќе одговори на сите три потпрашања по однос на првото прашање. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Претпоставувам дека и за второто прашање истото ќе биде, бидејќи го нема претставникот од Министерството за транспорт и врски.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Истото важи и за тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото прашање, тука е министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Благодарам.

Канцеларијата за комуникации со јавност при Министерството за животна средина и просторно планирање е создадена токму со цел да се направи еден близок контакт со граѓаните и со институциите како што се невладиниот сектор и локалната самоуправа преку нивните канцеларии за информации.

Инаку, целта е оваа канцеларија да дава услуги во вид на информации, запознавање на граѓаните со се она што ги интересира од сферата на животна средина од една страна, а од друга страна добивање на повратни информации, кои што преку Информативниот центар при Министерството ќе ги пласира до заинтересираните граѓани од една страна, а од друга страна према европските институции. Инаку, Канцеларијата за комуникации со јавноста има повеќе активности, меѓу кои оваа година имаше реализирано со цел да излезе меу граѓаните, својата активност ја насочи кон кампањското работење и преку оваа канцеларија во склоп на Проектот за зајакнување на капацитетите на

Министерството спроведе три кампањи. Тоа се, кампањата за зголемвуање на употребата на безоловниот бензин, која што кампања се покажа како доста успешна и по крајните анализи и резултати, оценката е дека значително е зголемена потребата од безоловниот бензин, дури до 15%, за што сметаме дека целта е постигната.

Понатаму, Канцеларијата ја спроведе и кампањата за запознавање со природните богатства односно со националните паркови и третата кампања беше кампањата за зголемена употреба на велосипедите во сообраќајот. Оваа канцеларија и во наредната година има предвидено повеќе кампањи, од кои што едната сигурно е кампања за во сферата на комуналниот и другиот вид на отпад, една комплексна кампања, која што предвидуваме да ја организираме и да ја спроведеме на терен, тргнувајќи од фактот за лошата состојба на третманот на цврстиот отпад во Република Македонија. Исто така, ќе продолжиме со кампања за запознавање со останатите природни богатства во Република Макеоднија, а се разбира дека и преку оваа канцеларија подготвуваме и голем број на други активности, кои што ќе имаат и натпреварувачки дух.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

АНА АНДОВА:

Благодарам и би ве замолила, доколку е можно, секако, добив одговор тука, меѓутоа, бидејќи прашањето потекна од моит еконтакти со граѓаните, ве замолуам господине министер ако може да добијам во писмена форма, се разбира, незадолжително.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали има коментар на ова?

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Нема причина да не се добие ова и подетално во писмена форма.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Следниот пратеник кој то ќе постави прашање е господинот Михајло Георгиевски, а нека се подготви пратеникот Зоран Заев.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, членови на Владата,

Дозволете да ги поставам моите три прашања.

Првото прашање е за министерот за надворешни работи.

Република Македонија со Руската Федерација треба да има голема стопанска, трговска и културна соработка. Тоа може да се рече дека треба да ни биде првостепена задача во нашата надворешна политика. Тоа е огромна земја, со огромно можности и што е најважно постои расположение за взаемна соработка. Секако дека главен аниматор во спроведувањето на нашите односи со оваа огромна земја пријателка на Република Македонија, е Македонската амбасада во Москва. Таа треба да биде центар каде ќе се собираат, договараат разни стопанственици, културни дејци, политичари и друго. Но, за жал, ние во Москва имаме несоодветни простори за амбасада. Макеоднската амбасада во Москва е сместена во една огромна станбена зграда, со околу 3000 жители, во едно тесно собче, станче со околу 30 м2. Бидејќи е во станбена зграда, нема право да го истакне пред зградата своето државно знаме на Република Македонија, така што нашата амбасада е без државно знаме и животари во тешки услови. Ако се знае дека амбасадата на една земја е огледало на таа земја, тогаш нашата земја лошо е претставена. Прашањето гласи.

Дали може да се одделат извесни материјални средства од средствата што ни ги должи Руската Федерација по сукцесијата што изнесуваат околу 90 милиони долари и да се направи или да се купи некоја скромна куќа каде што достоинствено ќе биде сместена Македонската амбасада во Москва пред која ќе се вее македонското државно знаме и каде ќе се договараат разни стопански, културни, трговски или други договори.

Второто прашање е за министерот за култура.

Во триесетите години на минатиот век е направена прекрасна зграда на Народниот театар. Благодарение на неа, како и на одличните театарски работници, театарот во Македонија, особено во Скопје доживеа свој огромен развој. Може да се рече дека го доживеа својот златен период. За несреќа, оваа прекрасна зграда што ни остана во сеќавање на посредните генерации, како старата зграда на театарот за време на катострофалниот земјотрес во Скопје се разруши и за жал не се обнови. Но, желбата за нејзино обновување остана кај многу ентузијасти и љубители на театарот и општата култура во Македонија. Тоа во вид на иницијатива сеуште постои и го чека правиот човек што ќе ја реализира. Прашањето гласи:

Дали вие како човек од театарската фела ќе се заложите за време на вашиот министерски мандат да ја оживеете и да ја реализирате оваа благородна идеја за обновување на старата зграда на театарот во Скопје преку собирање на доброволни

средства од граѓаните на Република Македонија, од Владата, од домашни, странски донатори и сл.

Третото прашање е до министерот за локална самоуправа.

Се наоѓаме пред подготвување и донесување на законот за територијална поделба на Република Македонија. Тоа е значајна и многу сложена работа во подготвувањето и реализирањето на постојната територијална поделба учествуваше најголемиот македонски демограф и етнолог од светски глас проф.д-р Митко Панов. Тој цели 40 години детално го проучуваше населението и територијата на Република Македонија и врз основа на својата научна ерудиција и невидена човечка енергија ја направи сегашната постојна територијална поделба со 123 општини. Со сосема мали исклучоци, може да се рече дека оваа поделба е одлична. Таа придонесе во многу места, населението да доживее свој развој, како во поглед на економскиот, така и во поглед на етничкиот соживот. Тој тоа го има направено според научните норми што важат прилагодени во наши услови. Прашањето гласи:

а) Која научна институција или личност стои зад сегашната територијална поделба во Република Македонија што се подготвува.

б) Имајќи ја предвд сложената политичка ситуација во државата, дали размислувате да предложите референдумско изјаснување околу територијалната поделба и тоа, да си остане постојната научно фундирана територијална поделба или новата што сега ја подготвувате под силни политички притисоци. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Иако пратениците имаат право на три прашања, но ова е добра иновација, азбуката има 32 букви, па може а,б,ц, да направиме.

Во име на Министерството за надворешни работи, ќе одговори на прашањето заменикот на министерот за надворешни работи.

ФУАД АСАНОВИЌ:

Република Макеоднија обрнува особено внимание и посветува на односите со Руската Федерација како на политички така и на економски план. Вие знаете дека неодамна во официјална посета на Руската Федерација беше премиерот, заедно со поголема стопанска делегација, на која меѓу другото се разговараше и за заокружување на соработката помеѓу двете земји. Во контекст на тоа јас се сложувам дека состојбата со Амбасадата на Република Македонија во Москва, состојбите не се баш најдобри и дека просториите во кои се наоѓа не соодвествуваат со уставно речено некакви стандарди за дипломатско-конзуларно претставништво на една земја и за таа цел меѓу другото за време на посетата во делот на

разговорите за затворање на клириншкиот долг на Руската Федерација во нашата земја, едно од прашањата беше и начинот на решавање на просториите на Амбасадата. Тоа прашање не е затворено. Ние во текот на декември, експертска делегација на Министерството за надворешни работи Ќе го посети Министерството за надворешни работи и една од темите ќе биде Министерството за надворешни работи на Руската Федерација една од темите ќе биде секако уште еднаш подетално разгледување на можностите, делот од клририншкиот долг што го има Руската Федерација во нашата земја да се затвори преку изнаоѓање на начини односно наоѓање можности тоа да се направи преку тој вид на, условно речено, компензација. Меѓутоа, треба да се земе предвид и фактот дека просторот, недвижностите односно дека Москва е еден од поскапите градови во светот, така што во овој момент Министерството за надворешни работи и Владата сама не е во можност да купи земјиште кое би одговарало и на кое би се изградила мабасада во Москва, иако експертската група која ќе замине во Москва, ќе најде начини како тоа да се затвори преку клириншкиот договор, ние ќе бидеме и ќе можеме на тој начин да го решиме проблемот на просториите на Амбасадата на Република Македонија во Москва, во Руската Федерација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Јас сум задоволен и расположен што веќе се размислува околу тоа. Но, јас давам иницијатива, од тие 90 милиони што ги должи Руската Федерација, да дадат 10 милиони, да се купи некоја зграда таму или тоа да се направи. Јас предлагам конкретен предлог, дали е можно тоа да биде така и да се испитува понатаму. Тоа е предлогот. Инаку, другото што го кажа, тоа е добро и тоа го поздравувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

По второто прашање ќе одговори министерот за култура.

Повелете.

БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван Михајло Георгиевски, со задоволство ќе одговорам на ова прашање. Исто така, морам да ве известам дека во приоритетите од 2003 до 2005, петте приоритети е и зградата на Народниот театар во Скопје. Тоа е онаа зграда која на сите не враќа во носталгија а исто таква зграда во помала форма беше во Битола, за која исто така предлагав решение со лажна фасада по примерот на големит екултурни градови кои сакаат да го вратат споменот на тие

културни центри, како што беше и зградата на Народниот театар. За таа работа и го повикав претседателот на Одборот за изградба на стариот театар на Македонскиот театар, господинот Жерновски и уште група на луѓе кои работат на проектот, го испитуваат земјиштето. Знаете дека со преселувањето на старата автобуска станица, се создаваат услови таму да се врати тој објект. Предлагам и рационални решенија, со тоа што на инвеститор кој што ќе се сложи тоа да го направи, да се отстапи зградата театарот центари за таа разлика, која што не ќе ја стигне, бидејќи матицата за театарот центар има висока катност, што значи добар инвеститор сигурно би нашол во тоа некој свој пазар, кој што би придонел заедно со уште дел на поинакво финансирање во тие инвестициони циклуси, да го затвориме и да го вратиме тоа нешто, кое е во размислување на скоро секој граѓанин на Македонија, а сигурно и на градот Скопје. Тоа, сигурно, би се заокружило во средувањето на центарот на градот Скопје.

Ќе направам се во моите можности тоа да го направиме и да го вратиме она што, за жал, го пропуштиле нашите претходници делот кој што сигурно можеше да се направи. Таа зграда во тој момент не била толку оштетена, за да неможе да се спаси. Впрочем го знаете случајот со Варшава како се враќле и тие позитивни примери ги имаме. Во секој случај јас сум од таа страна на луѓето кои сакаат тоа да се случи. Она што е во мојата можност јас ќе направам, а реков дека и презедов некакви решенија, кои што се позитивни и кои што сигурно нема да го оптоварат Буџетот на Република Македонија. Ако тоа се направи во овој период, ќе бидам можеби еден од најсреќните луѓе во Република Македонија и заедно со Михајло можеби ќе имаме таква среќа да одиме и да гледаме претстави. Од тие причини и ја поделив, сега за неколку дена на 8 се надевам во Владата ќе оди мрежата на националните институции, ќе се подели македонската опера и балет средена во овие нови простории. Знаете и драмата ќе функционира во театарот центар се до изградбата на еден нов објект или на таа стара зграда во тој лик. Тоа е тој приоритет со кој што јас ќе се занимавам како министер во овие години. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Сум задоволен и ќе го држам за збор министерот, кој овде пред јавноста вети дека ќе се заложи се што е во негова можност да се поправи оваа зграда и во тој случај уште од сега му благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото последно прашање е упатено до министерот за локална самоуправа.

Повелете министре.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе, почитуван пратеник,

Би сакал да искажам задоволство, бидејќи потполно се согласувам со мислењето на пратеникот за стручните и научните квалитети на покојниот професор Митко Панов, кој неговите проучувања претставуваа основа во Министерството за локална самоуправа и неговиот политички тестамент, кој во основа го остави за прашањето како врвен географичар за демографскиот дел, особено за територијалната организација би сакал да го цитирам која гласи: “Територијалната организација на Република Македонија направена 1996 година е веќе неодржлива”. Тој тоа го изјавува во послендиот свој работен труд доставен до Министерството за локална самоуправа и вели: “Доколку на ваквата територијална организација од 123 општини, се пренесат значителни средства, се пренесат значителни надлежности, тие ќе одат во неврат”. Почитуваниот професор Панов вели дека тој е творецот на оваа територијална поделба од 123 општини, но тој се оградува  и никогаш не застанал зад оваа територијална поделба и вели дека неговите предвидувања биле дека во Република Македонија со Законот од 1996 година односно 1995 година тие надлежности, тие средства во Република Македонија требало да имаат 74 општини. Тоа е неговиот политички тестамент и ние го почитуваме и експертите кои се ангажирани за изработка на новиот закон, кои се претставници од различни највисоки институции во Република Македонија. Тоа е од делот на Правниот факлтет, тоа е делот од Институтот за политички правни истражувања, тоа е дел на доктори, мислам експерти од Факултетот на Југоисточна Европа, или Штуловиот универзитет. Основниот дел и тежина во овој процес кој го спроведува Министерството е на Јавното претпријатие за изработување на просторни урбанистички планови. Во тој дел имавме вклучено голем дел на градоначалници, претставници на ЗЕЛС. Што направија тие експерти, почитувајќи го целокупниот процес на развој на територијалната организација на Република Македонија и на комуналниот систем, на општинскиот систем од 1945 година. Тие изработија критериуми врз основа на кои критериуми изработивме база на податоци и ќе го дадеме крајниот дел на број на општини во Република Македонија.

Таа стручна екипа утврди, пред се, како основен критериум, тоа е демографска големина на општините и општинскиот центар во кој спаѓаат бројот на вкупното население во општината, бројот на населението во општинскиот центар.

Втор критериум е економската одржливост на општината. Особено тука го подразбира доволниот број на стопански субјекти што би генерирале доволно средства за успешен материјален и социјален развој на општината.

Третиот критериум е објекти од општествен стандар во кој би спаѓале објекти од здравството, од образованието, управата, социјалата, спортот и физичката култура и културата.

Исто така многу важен критериум е и критериумот на инфраструктурната опременост н аопштинскитоцентар, во којби биле и општината и параметрите: патната врска, магистрални и регионални патишта, водоводи, канализации, комунални претпријатија и слични објекти.

И, еден од најважните елементи што во Законот за локална самоуправа, тоа е природно-географските услови на општината, пред се морфолошките карактеристики на просторот и гравитирањето кон центарот и комуникациското поврзување на населените места. Во овој дел многу се важни и битни таканаречените гравитациони движења или Њутоновиот  закон, тука се сливните подрачја, рељефната гравитација и комуникациската поврзаност.

Покрај овие критериуми што во основа се база на сите територијални организации, секаде во европските држави, во  Република Македонија  воведовме и специфични критериуми што би биле во делот на историските, културните, еколошките карактеристики на населените места и развојот на урбаната и месната самоуправа, претходно достигнат во некои единици на општините.

Сметам дека врз основа на овие критериуми, врз основа н аодредени сознанија дека идеален број на единици на локална самоуправа не можеме да направиме, меѓутоа со одреден компромис со одредено учество од важноста од овој програм за  Република Македонија  ќе понудиме и заеднички ќе прифатиме оптимален број на единици на  локална самоуправа што ќе можат да ги носат новите надлежности.

Што се однесува до третиот дел на прашањето, дали се предвидува распишување референдум, дали една општина би останала односно би влегла , дали е задолжителен тој вид на изјаснување, јас морам да укажам дека, согласно Европската повелба за локална самоуправа референдумот, како лично изјаснување на граѓаните, може доколку е предвиден со закон. Со Законот за локална

самоуправа референдумот, како еден од најнепосредните облици на непосредното изјаснување , најдемократски облик е предвиден за прашања од општинск анадлежност. Додека територијалната организација се спроведува пред се врз основ ана закон и одлуките на референдумот, согласно Законот за локална самоуправа не се задолжителни за изготвувачите, за Владата и Парламентот, но должно е Министерството и Владата да ги разгледаат сите иницијативи, граѓански иницијативи, собири на бирачи, разни форми на влијанија, непосредни и посредни и да ги коментира зошто не се прифатени или се прифатени.

Врз основа на овие критериуми, се надевам, во овој Парамент како највисок законодавен орган ќе завршиме еден од сложените, битните и најдобрите процеси во интерес на граѓаните што сметам дека ќе понуди подобар живот, подобри услуги и поефтини услуги. Но, за тој дел мислам дека се потребни вакви прашања и вакви одговори во делот да не оставиме одредени недоречености и недоискажаности.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Му благодарам на министерот што исцрпно ни кажа. Јас не сум запознаен дека професорот Панов оставил таков тестамент, иако со него се дружев до крајот на неговито живот. Со него бевме блиски пријатели.

Е сега, таков тестамент не сум слушнал. Можеби има. Би сакал да го посета Гештаковски и да го видам тој документ. Со неговито син контактирав, тој е исто така професор на Теолошката Катедра и тој до крајот велеше не е идеално ова што го направил, но е добро. Дури и книга напиша и т.н. Тоа е околу таа работа.

Околу другото што министерот го објасни дека е подобро да се намалат, можда е тоа. Меѓутоа, зошто ние сега, во оваа ситуација, како што е , еве се гледа некој од некаде нешто бара, зошто да не се дозволи, ние сме тука законодавен дом, референдумско изјаснување, па како ќе си рече народот така нека се направи. Тоа би било најправично. Зошто сега, ќе речам, некоја општина не била доволно така, малку народ, има развиено, тоа е, се развиваат општините. Многу општини сега, со тоа што ќе се укинат ќе се намали, можеби државната каса ќе се намали, ќе се наголеми, но општината заостанува. Многу места ќе се запустат. Тие сега живнаа, е се запустат. Токму тоа е. Да се размисли уште еднаш, да се испитаат сите можности,

да се направи тоа што е најдобро, да се остави впечаток дека се мисли за народот, за општината, за прогресот и за напредокот на таа општина.

Благодарам, толку, инаку обрзложението беше исцрпно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министре.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Со задоволство го поканувам пратеникот да дојде во Министерството и кај мене лично и да му го покажам последниот работен материјал во форма на Измени и дополни на Законот за територијална организација од покојниот професор Митко Панов што е нарачан, изработен за Министерството. Во основа ќе му го дадам на пратеникто да го види и ова што го кажувам го тврдам со 100% дека е неговиот последен дел што е потврден и во неговите интервјуа и неговото укажување во последните негови интервјуа, во целокупниот дел на печатот што во Министерството за локална самоуправа, уште еднаш ќе потенцирам, кога почнавме да работиме на овој проект, ги собравме целокупните негови трудови и од 1996 година и претходно и особено неговиот последен труд за кој што беше ангажиран од Министерството да интервенира во намалување на општините на Законот од 1996 година
во 1999 година.

Што се однесува до прашањето за задолжително или незадолжително дејство на референдумот, тоа е регулирано со Законот за локална самоуправа и Европската повелба за локална самоуправа. Сметам дека референдумот, точно е дека е еден од најнепосреднит еоблици на лично изјаснување за одредени прашања, но за ова прашање не е определено и сигурно и законодавецот и Парламентот во претходниот состав оцениле од кои причини, кога го разгледувале, оцениле од кои причини референдумот не е задолжителен. И покрај таквото решение, во Министерството ќе ги почитуваме желбите на граѓаните.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Почитувани пратеници, Вие знаете дека јас се држам до времето, почнувам во 10,00 часот, пауза од 13,00 , почнувам точно во 14,00 часот и ние сега ќе завршиме точно во 17,00 часот. Што значи дека нема време веќе да се поставуваат пратенички прашања. Иако апелирав да бидеме рационални и кратки во одговорите, но очигледно тоа не се послуша.

Дозволете во мое име да честитам на Владата, бидејќи после долго време на грото прашања одговорија самите министри.

Со ова ја затворам и заклучувам работата на денешната седница.

(Седницата заврши со работа во 17,00 часот).